Митрополит Струмички Наум

# Плодоносна девственост

БИБЛИОТЕКА ВОВЕДЕНИЕ
ВЕЛЈУСА 2012

Македонска Православна Црква
– Охридска Архиепископија
Струмичка Епархија

**Издава:**
Манастир Воведение на Пресвета Богородица Елеуса
Велјуса 2012

Книгата е издадена по повод 45 години
од возобновувањето на автокефалноста на
Македонската Православна Црква
– Охридска Архиепископија

# Од збор кон дело: Словото како чин на збиднување и на облагородување

- Предговор кон книгата „Плодоносна девственост“ на Митрополитот струмички Наум -

## Уводна промеморија:

Некогаш чувствуваме потреба да кажеме нешто за познатите работи. Во случајов, станува збор за разликата меѓу беседништвото (реторството) и реториката.

*Беседништвото* или реторството (од старогрчкиот збор ῥητορικός, ῥήτωρ, ῥῆμα, што значи она кое е кажано, изговорено, зборување, односно ἐρῶ или реч, жива реч) е уметност на јавно говорење – пред некој аудиториум, на некој вид сценски простор кој подразбира слушатели, електорат, верници. Токму затоа, беседништвото уметност на убедување/уверување со збор (персуазивност), а не уметност која си е самата себеси доволна. Во беседништвото, уметноста на зборувањето е во служба на уметноста на убедувањето, па поприма својства на уметност на обраќање. Убедувањето, уверувањето и обраќањето се насочени кон другите, па од таму и улогата што очекувањата и воздејството на другите ја имаат при инвенцијата, составувањето, стилизацијата и изведбата на беседата, во целиот процес на обмислување на беседата, а не само во непосредниот чин на говорничкото обраќање.

Ако постои некоја вештина во којашто доаѓа до израз силната сплотеност меѓу *логосот, патосот*

*и ешосош,* тогаш без сомнение тоа е беседничката вештина. Уметноста на јавното беседење се одликува со троен склоп на чинители – естетскиот, прагматскиот и етичкиот. Сѐ на сѐ, беседништвото е перформативна вештина кај којашто јавно искажаните зборови полека стануваат *дела*, чин на чувствено, умствено и морално збиднување, а не само чин на известување. Иманентниот закон на секое религиско беседништво е верувањето дека словото (зборот, речта, кажаното) се овоплотува и има моќ да преобразува, оти, на крајот на краиштата, словото подразбира и словесност (умност).

Беседништвото е парабола на состојба на преминување од збор кон дело, метафизичка алхемија. Тоа е таков вид медиум, кој ги обединува елементите на една особена ‘применета уметност’, на делотворен чин, на сценска изведба, на меѓучовечка комуникација, на пропаганда, на воспитно-образовен чин, на медијаторска мисија на пренесување пораки од вишите, притаени и свети инстанци до обичните луѓе и плебсот, форма на древен маркетинг на нови поредоци, идеологии и верувања. И уметноста на зборувањето, и уметноста на убедувањето, се мајстории (вештини, умешности, техники), кои се толку дејствителни, делотворни и чинодејствени, што на мигови се губи границата меѓу зборувањето и убедувањето, така што вживувањето во зборот станува вживување во намерата на беседникот, а восприемањето на намерата на беседникот како своја се збиднува како восприемање на убавината на кажувањето како составен дел од убавината на намерата (идеја, толкување, верување, поглед на свет, идеологија).

Беседништвото (ораторство, говорништво), значи, не е едноставно уметност на усно говорење, туку и

вештина на убедување преку докажување, аргументирање и заведување. Тоа има цел да ги раз-убеди слушателите во некоја теза, во некое учење, во некоја вистина, во некоја догма, во некоја религиска практика, во некое толкување, да ги придобие на своја страна, а наспроти нешто друго (политика, конфесија, судство). Тоа треба добро да ги познава очекувањата на слушателите за да може да управува со нив – да им возврати или вешто, елегантно и софистицирано да ги пренасочи. Поради тоа, беседништвото е тесно поврзано со *хевристиката* (εὑρίσκω – да се најде, да се открие, од таму Еурека), која дава решенија во форма на општи места (common sense), сентенции, мудрости, аксиоми, народни поговорки, антитези, параболи, морални поуки, и др., сѐ со цел да се разберат аргументите за одредена ситуација и да се постигне климакс во емотивниот и умствениот хабитус на аудиториумот.

*Реторикаta*, пак, е наука/логос за беседништвото (ораторството). Таа била средишен дел на образованието втемелено врз идејата за 'слободните уметности' (artes liberalis), толку уважувани во постарите цивилизации, било кога биле посматрани како троен (trivium), или како четворен збир на уметности (quadrivium). Првите три (средновековни, но и антички) слободни уметности се *граматиката, логиката и реториката.* Подоцна, кон првите три се додаваат следните четири слободни уметности на класичното образование – *геометријата, аритметиката, астрономијата и музиката.* Класичното образование, култура, па дури и начин на живеење, биле незамисливи без да се совладаат техниките и каноните на реториката, кои се темелот на неколкуте реторички под-дисциплини – инвенција, диспозиција,

стил/хеуреза, меморија и техника на говорење, од коишто се изведени и некои тесно специјализирани дисциплини на модерното доба (стилистика, топологија, генологија).

Во популарната реторика, кога ќе се каже реторика, всушност се мисли на двете лица на монетата – и беседничкото, и мета-беседничкото (историја и теорија на беседништвото). Терминот реторика денес толку се профанирал што се користи и како синоним за лексика која преовладува во јавните медиуми. Чудни се, па некако и несреќни, времињата во коишто преовладува мислењето дека учењата и умешностите кои потекнуваат од древноста се архаични сами по себе и дека не мора да бидат дел од современото образование и култура. Враќањето на реториката/беседништвото во редовниот и во слободниот образовен процес е денес повеќе од неопходен за да се создаде една култура на јавно говорење, изразување и убедување низ аргументи/факти, низ силни пораки, низ полемика, низ симпозионски и медиумски дијалози со негуван и одбран стил. Општествата со низок развој на говорната и беседничката култура се скудни општества. Поместувањето на беседништвото на преден план на една култура покажува дека една општествена заедница, па и една држава, имаат визија за својот опстанок и за својот подем (стратешки и програмски јасно артикулирани). Современата цивилизација, на глобален план разви силна свест за моќта на јавно изговорената реч и ја промовираше практиката на софистицирано јавно говорење и говорништво (дипломатско, политичко), говорништво со предумисла, со интенција и интерес поврзани со развојните стратегии на новиот светски поредок. Самиот факт дека јавното слово и слободата на јавното изразување со збор, биле

отсекогаш подложни на осуда и на разни видови санкции, сведочи за свеста на општествените и државните институции за делотворната моќ на зборот. Како реплика на практиките на санкционирање на јавно искажаната реч се воведени и културни алатки и политики на заштита и одбрана на слободата на изразувањето (па дури и на мислењето, што имплицитно алудира на фактот дека во некои авторитарни и тоталитарни системи била ограничена дури и слободата на мислењето).

Пофалното или епидеиктичкото беседништво е познато уште и како церемонијално, затоа што се поврзува со значајни поводи, чествувања, прослави, слави, комеморации, инаугурации, и други пригоди во општествениот, културниот и духовниот живот на една заедница. Пофалното беседништво се однесува на она кое е етички вредно, сублимно и идеално во контекстот на една култура, на една религија и на една идеологија. Тоа треба во право време да го каже правото слово, затоа има устројство на *каирос*, усет за вистинскиот Миг, моќ да го долови тој вистински Миг.

Пофалното беседништво, тематски гледано, го става акцентот врз она кое е праведно или неправедно, вистинито или лажно, сакрално или профано, вечно или ефемерно, допуштено или забрането, политички и верски коректно или по-грешно, та затоа се врзува за *вечната сегашност*, за супра-историското и транс-историскиот хронос, при што се допира до еден лирски/поетски принцип на добро познатиот *praesent atemporale*. Меѓу најзначајните облици/практики на пофално говорништво е духовното, верското, црковното и православното беседништво (литургијата, монашките собири/монашењето, ноќните бдеења). Пофалното беседништво има

впечатливо и неспоредливо долга традиција во историјата на човештвото, па и во македонската културна историја, и онаа зад којашто стојат некои културни институции како Црквата, на пример (Охридската патријаршија и Охридската архиепископија), книжевноста и народната култура силно обележана од усните форми на уметничко творештво (народните пофалби и поплаки, словата и поучните слова, благословите).

Епидеиктичкото беседништво е пофално затоа што е свечено, така што не само радосните, туку и тажните и другите пригодни свечености подразбираат призвук на пофалба, благодарност и слава со слово. Словото има неограничена моќ да биде свечено, возвишено, сублимно, химнично, молитвено, параболично, исповедно... Затоа, дури и поплаката е пофалба на оној кој на било кој начин си заминува од овој наш свет, најчесто од светот на живите. Тој призвук на величание, на воспевање, на поклонение, на чествување, на идолатрија, на признание, на задоцнета благодарност, ја исклучува експлицитната критичка позиција на беседата, а ја вклучува поетската лексика и имагинација (инструментариумот на фигуративното изразување). Ако и дојде до некаква критичка замерка и суд, тој е имплицитен, посредуван преку алузии и како мерка за тоа што не треба да се прави, споредено со она кое е пожелно и кое заслужува поклонение и пофалба.

## Духовното беседништво

Духовното беседништво од христијанско потекло има некои жанровско-стилски карактеристики по коишто се одликува/се разликува од другите беседнички

практики (религиски и нерелигиски). Без претензии да правам сеопфатен опис на карактеристиките и каноните на православното христијанско беседништво (оти за тоа е неопходна потемелна упатеност), ќе укажам само на некои белези на неговата семиотика:

• Православното беседништво, сфатено како вековна практика, е говор за говорот на *Светите писма*, значи е еден метаговор, не ретко и реинтерпретативен говор (ги толкува и постојните толкувања на *Стариот* и *Новиот завет* од претходниците).

• Православното беседништво се стреми да биде говор овде-и-сега, каиротички устроен, со цел да ја надополни толкувачката намера со изворни, индивидуални и лични примери, со силата на непосредното вознесување на мислата, со моќта на визијата, со моќта на сакралниот и на мистичниот чин на литургијата, чин кој не е сведен само на слово/збор, туку подразбира цел еден театар на мистично соединување на логосот, патосот и етосот.

• Православното беседништво има специфичен статус во историјата на писменоста и културата оти го обединуваат и авторскиот, историски обележан чин, и ноуменозниот (ноуменалниот) духовен чин, кој е отаде историскиот прагматизам и отаде препознатливоста на историските собития, овоплотените дејствија и projави.

• Библиското беседништво е херменевтички устроено, би се рекло двојно херменевтички устроено, оти неговиот толкувачки интерес е свртен спрема *Светите писма* и светиот логос (слово), од една страна, но и спрема постојните толкувања на *Светите писма* и светиот логос во минатото, но особено во современоста. Така, библиското беседништво се свртува не само кон толкувањата на *Светите писма*, како такви, туку е

посебно заинтересирано за живата стварност, за начинот на којшто се применуваат во практиката христијанските начела, усвоениот логос на православието (или на другите облици на христијански логос (католички, протестантски, језуитски, и др.).

• Православното беседништво има, освен толкувачки карактер, и уверувачка/персуазивна намера, поради што може да се смета за двоен склоп на усмена библиска херменевтика (ерминија) и прагматика на ширење на христијанската мисла и конфесија. Тоа го обележува основниот канон на православното беседништво. Во православните беседи се толкуваат текстови, се коментираат поетички и други начела на изразување и се даваат нормативни насоки за тоа како треба да се практикува една уметност или христијанската вероисповед. Во македонската културна историја, херменевтичките практики во теологијата и уметноста (иконописанието, фрескописанието) се познати и како *ерминии* (поврзани со сеќавањето на древните фигури на гласниците каков што бил Ермес/Хермес, односно Ерасмо).

• Беседништвото, по традиција, е блиско до нормативниот говор, па веќе по дефиниција подразбира извесна склоност кон канонизација и кон дискурсот на моќта, подразбира имено извесна аксиолошка хиерархија на вредности, на (духовни) добра, дела и недела. Оттаму, во христијанското беседништво е вградена нишка на критичност, на разлачување на доброто од злото, на делото од неделото, на убавото од грдото, на грешното од праведното, што пак дава основа за актуализација на толкувањата во конкретни средини и околности.

• Христијанското беседништво се востановува од надредена позиција на ум кој е прочистен и просветлен,

кој е умносрдечен, кој се стекнал со правото да суди за умот на другите како логос за којшто не сме сосема убедени дека е прочистен и просветлен. Пред тој зазор дека умот, мислата и логосот, дека душата на другите е под постојана закана пред гревот, злоделото, злопомислата, злонаумот, беседничарот се става во улога на *водач на душите*, во улога на *психагог* (психагогија е водење на душите и нивно избавување од темнината на незнаењето и на несвесното кон светлините на умносрдечниот, просветлен и освестен ум). Психагогиската улога на усно изреченото слово на духовникот ја води, би рекла катарсично, душата од незнаење кон знаење, од темнина кон светлина, од грев кон чистота, од непросветленост кон просветленост, од несвесно кон свесно, од гол разум и голо срце кон умносрдечна целост.

• Ако книжевноста им помага на читателите да се оспособат во разгатнувањето и соочувањето со „сложеноста на етичкиот одговор“, тогаш беседништвото во својата христијанска варијанта им помага на луѓето (дури и пошироко од потесниот круг на ортодоксните верници) да си го отворат и умот, и срцето, и душата, за парадоксите на моралниот закон во којшто се огледа и космичкиот, и Божевиот (ако смеам да ја модифицирам познатата сентенца на Е. Кант)[1]. Инаку, книжевната теорија и

---

[1] И покрај тоа што е свесен дека постои разлика меѓу реторичкиот и книжевниот канон, Џонатан Калер, во неговата *Книжевна теорија, сосема кус увод* (Деветто поглавје, „Етика и естетика“, македонско издание, 2012), го нагласува податокот дека во античка Грција, поезијата и другите книжевни форми биле сметани за извори на етички упатства кои нудат согледби на светот и примери за пофални чинови (или комични и трагични тенденции). Од Платон до денес, вели тој, најважна улога на книжевноста е да поучува за животот (моралната имагинација).

етиката, денес, прават разлика помеѓу моралноста (моралните начела, кои се рефлексија на класниот интерес, историските околности, културната традиција, на сопствениот интерес) и етичноста, односно етиката (сфатена како потенцијална слобода). Христијанското беседништво, иманентно етички/морално востановено, е фактор на ширење на култура на морални вредности кои воедно се и духовни, и кои го хармонизираат устројството на душата на поединецот и на заедницата.

• Беседничарот опоменува, се повикува на култни и несомнени извори, автори, искази и дела по потекло од родот на светите писма. Тој се обраќа до верниците, но им зборува и на неверниците. Неверникот е Другиот во свеста на христијанскиот ретор/беседник. Другоста од христијанска перспектива е, уште повеќе, *неверноста* како состојба на духот и како опција која реално постои во светот и во стварноста и која е туѓа на христијанскиот етос. Другоста не е само состојба на латентен и деклариран атеизам наследен како некаква традиција или усвоен како сопствена варијанта на „научен поглед на свет“. Другоста не е ни лаичко безбожништво, а ниту остаток од некогашниот паганизам и од древната култура на многубоштво, хибридизирана со елементи на богатата македонска народна култура. Другоста не е ни само облик на иноверност. Таа Другост (инаквост, иност) е сето тоа, секое одделно и секогаш огледано во некоја конкретна аномалија и ерес со непожелен морален идентитет, било да е вообличен во монофизити, несторијанци, Јудејци, престапници, језуити, како што впрочем некогаш и наведува митрополитот Наум во своите беседи. Таквата *морална*, а не само *верска другост*, е постојан предмет на реферирање на современиот беседник. Преку алузиите

на етички подобните и неподобните субјекти, беседникот настојува да постигне духовен ефект, кој има дискретна метафизичка димензија.

• Беседништвото е обележано и од една тензична канонска потреба да се процени што е добро, а што не е добро, се јавува потребата да се разлачат добрите примери од оние кои тоа не се. Поради тоа, канонското беседништво, дури и кога е нагласено пофално, го вклучува критичкиот порив да просудува и да дава некакви финални гледишта и оценки. Таквиот беседнички говор има константна потреба од поучност, од дидактични максими, сентенци, поговорки, цитати, од некаква доза на беспоговорност, оти како да постои некој Виш логос кој однапред знае што е добро и што не е, како да постои некој виш медиум кој говори во име на тој логос, затоа што имено постои инстанцата која го претставува тој логос и која има недвосмислено право да го пре-кажува, да го симулира, да го преосоздава, да го осовременува, да го преведува на современ начин, да го прави видлив за оние за коишто не би бил видлив сам по себе, за оние кои го заборавиле или за оние кои не го спознале.[2]

• Таквиот говор не прави мистификации, и тоа е добро. Нему не му е потребна мистификација за да стекне легитимитет, оти се знае однапред дека легитимитетот е востановен по традиција и дека се пренесува со

---

[2] Исклучивиот резон на диференцијација на верниците од неверниците, на исправните од неисправните верници. На мигови, литургиските беседи се под признак на експлицитни опомени и параболични застрашувања во склад со христијанскиот кодекс/канон, а книжевноста, ако и опоменува, го прави тоа на имплицитен начин, низ предочен пример.

стабилните механизми на црковната хиерархија и устројство. Тоа не е само устројство на лица/личности туку и устројство на функции/фигури, нешто кое е трајно налик на праобразец или архетип, нешто кое законито се возобновува во секоја констелација кога се искажува постоењето на Црквата како олицетворение на духовниот Закон/Поредок.

• Во православното беседништво преводот на симболите е канонизиран, стабилен, па може да се научи: на пр., светилникот е симбол на срцата, девојките се нашите души, светлата кои горат се благодатта на Светиот Дух, доаѓањето на младоженецот на полноќ го претставува второто Христово пришествие и Воскресението од мртвите.

## Стилистика, топика и етика на беседите на Митрополитот Наум

Кога се нафатив да го напишам овој пролог (предисловие) за книгата „Плодоносна девственост“ на митрополитот струмички Наум, постојано ми паѓаше на ум челната аксиома на *Светото Писмо*, според којашто „На почетокот беше Словото, и Словото беше во Бог, и Бог беше Словото“. Ми се наметнуваше помислата дека, ако беседата е изречено Слово, тогаш таа е на некој почеток – некое на-чело. ‘Словото’ жанровски се диференцира од другите видови говор, како во старословенската и црковно-македонската, така и во поновата световна и народна македонска (културна и книжевна) традиција. Си помислив (со мала доза на зазор да не грешам!), дека ако беседата е слово, а е, тогаш таа има некоја тајна

врска со откровението на светот и со создавањето светови, со оние светови што ние ги живееме сега-и-тука и кои го осмислуваат нашето постоење. Ако е така, тогаш духовното, возвишеното и естетизираното беседништво може да врши улога на заштитник на духот на времето и духот на народот, може да го спаси од заборав заедништвото наследено од минатото и заедништвото што сега-и-тука секојдневно го востановуваме или барем би требало да го востановиме. Ако е така, тогаш возвишеното беседништво може да нè спаси, макар привремено, од стравот пред наидувачката другост, од стравот пред духовната и симболичната смрт и пред стварното исчезнување, од синдромот дека сме мали и немоќни да се преродиме во тоа што сме (биле)... Ако е така, тогаш беседништвото воопшто не е за потценување, напротив, тоа врши значајна општествена, културна, верска, идентитетска, образовна, морална и цивилизациска улога. Ако е така, тогаш можеме да си допуштиме да мечтаеме дека постои некоја мистична *Заедница* меѓу словото (логосот, живата реч, беседата) и божественото, или како што вели митрополитот Наум, во неговата воведна беседа („За човечкото слово“)[3] – „словото (кое) ни е дадено за вбогоподобување“:

---

[3] Тој прави поделба на слово внатрешно и слово надворешно, како и на степените од духовниот развој. Еден е невидливиот развој на внатрешното слово, кога имаме слово на молитвена самоконтрола или преиспитување, слово кое молитвено допира до срцата на ближните, слово на непрестајна умносрдечна молитва. Друго е кога имаме надворешен, видлив духовен развој, поврзан со практиките на молчание, на бого-словие, сè до слово чудотворно; од слово според ликот, до слово според подобието Божјо.

„Голема е силата на нашиот збор, деца, дури и страшно голема (...). Тоа е сила која оживува или убива; тоа е меч со две острици. Оживува ако нашиот збор стане бого-словие, а убива ако нашиот збор стане демоно-словие – ако демонот го користи, го позајмува нашиот збор (...) за да го сее и да го размножува злото во светот.“

Етиката подразбира духовен подвиг на жртвување, маченништво, покајание, монаштво, пост, редовно молитвење и читање на *Светото писмо*, уважување на духовното водство на Црквата, затоа и се зборува за етика на маченик, на монах, на спасител, на духовен отец, на проповедник, затоа се зборува за ‘пастирски идеал’. Според *евангелската етика/етос*, само знаењето кое произлегува од опитот при заедништвото на човек со Бог, кое се збиднува во срцето, носи спасение и совршенство сфатено како слобода и љубов. („Ако не ги допрам...“). Од беседите на митрополитот Наум произлегува дека етосот не е неделив, односно дека има повеќе видови на изображение на етосот – како маченички, како евангелски, како спасителски, како монашки, итн.

Повеќе беседи го привлекуваат вниманието на читателот, а овде ќе спомнеме само некои од нив: – беседата „Последици од животот таму и некогаш“, во којашто зборува за ‘униние’, бездејствие или откажување од подвизите, што пак е извор на очај/депресија; – *„За македонскиот идентитет“*, беседа која за мото ги има зборовите на апостолот Павле: „Преку ноќта имаше Павле видение: стоеше пред него еден човек, Македонец, кој го молеше и му велеше: ‘Премини во Македонија и помогни ни!’ (Дела 16, 9),“ а во којашто митрополитот Наум прави поделба меѓу два вида идентитета, едниот *хоризонтален*

или патриотскиот идентитет, другиот *вертикален идентитет*, кој се определува од нашата вера, при што ја развива тезата дека „идентитетот е заснован врз една главна идентификациска идеја, но може да се збогатува и со други идеи и симболи“, дека основниот темел е патриотизмот или ‘синовскиот однос’ кон татковината, прифаќањето на татковината како дел од себе (се дава предимство на патриотското чувство во споредба со јазикот, територијата, името, потеклото, ДНК); – беседата „Енергетска самостојност“, во којашто се глаголи за преображението на човекот преку умносрдечна молитва, созерцание и самосозерцание; – „За мудрите и неразумните девојки“, каде што се зборува за аскетско-исихастичкиот принцип и пристап во толкувањето на евангелските приказни; – беседата „Ефект на скршено огледало“ каде што говори за тоа дека сѐ уште сме во историскиот период на Икона и дека „наша главна цел, а затоа и наш основен проблем во овој живот, се боговидението и богопознанието, но и световидението и светопознанието; односно, човековидението и човекопознанието, а со тоа и себевидението и себепознанието“; – беседата „Не плашете се од страдањата“, во којашто се подвлекува разликата меѓу двата модела на живот – едниот христијански и христијанизиран модел, кој упатува на причест на човекот со телото и со крвта на Бога, а другиот модел на живеење кој е профан/световен, лишен од причест, од воскресение, постојано подложен на духовна смрт, жигосан од егоцентризам, како на индивидуален, така и на глобален план („Два модела на живот“); – беседата „Облекување во монашка облека“, која е пролегомена на „апсолутното послушание, вера и доверба во Бога преку духовниот отец“, туѓа за

личностите со либерално устроен ум, но репрезентативна за логиката на внатрецрковната хиерархија[4]; – во беседата „Зошто неутешно и беспомошно страдаме?“ се промовира тезата дека „простувањето е сведоштво за присуството на благодатта Божја, а непростувањето е сведоштво за заробеноста од демонот“; – во „Грабнување или вообразба“ се покренува прашањето „како да го доведеме умот во состојба во којашто би можело да му биде дозволен молитвен влез во срцето“; – во беседата објавена под наслов „Богојавление, во меѓуцрковните односи“, се промислува нарушувањето на синергијата меѓу Бога и човекот, меѓу теологијата (теоријата) и праксата“, дисхармонија која предизвикува појава на ереси од различен вид; – во беседата под наслов „Плодоносна девственост“ се воспева „зависноста“ од односот со Пресвета Богородица; – во „Едно многу лично прашање“ се воспеваат облиците на жртвување (распнување, замонашување, аскетизам, молчание), во име на спасението на другите[5]; – во „Витлеемски домови“ се актуализира теоријата дека човекот е создаден како икона (образ) на Бог; – во „Плачот на душата“, се покажува моќта на евангелските параболи, на светата Заедница сфатена како мистично соединување со божественото и како совршенство; – во „Знаци на напредок?“ се предочува „меланхоличното“ сознание дека во современиот свет „Бог е осамен“; – во беседата „Ако не се родите

---

[4] На едно место се вели „подражавајте ме мене како што јас Го подражавам Христос“, што подразбира теза дека епископите се мимеса/огледало/преподобие на Христос.

[5] Жртвувањето се претставува како облик на исцелување и преобразување на умот, како прочистување и ‘отворање на срцето’.

одозгора...“ се воспева маченичкиот етос и подвигот на одбраните кои екстремно се одрекуваат од овој свет, кои умираат за светот и за спасот на другите; – во „Не плашете се од страдањата“ се нуди утеха во сознанието дека не треба да се плашиме од она кое е неизбежно; – во беседата која го проблематизира обидот за расколот во МПЦ – Охридска архиепископија (остварувањето црковно единство од страна на неколку „десетина души“ со Српската Православна Црква); – во „Сè ни е дадено“ доаѓа до израз смислата за мислење низ антитези и парадокси, што дава посебен квалитет на беседништвото на митрополитот Наум, итн.

Како што кажавме, беседењето е одбрано (привилегирано) место на коешто се сретнуваат очи во очи поуката, убавиот говор, непосредното обраќање во коешто и верникот се става во улога на субјект, литургиската прагматика, проповедништво, односно етиката, естетиката и прагматиката. Ако се знае дека религијата е неделива од системите на морални вредности, идеали, забрани и табуа, тогаш е јасно дека христијанското беседништво почива врз строги и однапред зададени етички конвенции, канони, аксиоми и догми. Нема религија без етика, како што и нема етика која да не е обележана од некоја религија. Колку православниот Логос и да е конзервативен, сепак тој, веќе по самото свое битие, не е нечувствителен, ни рамнодушен спрема живата стварност и крупните општествени преобразби. Напротив. Секое време на посебен начин ја артикулира потребата да се преиспитаат важечките морални начела, а не да се земаат здраво за готово, и таа потреба иницијално се манифестира и во живото овдешно и сегашно православно беседништво. Затоа, од современото православие, во

таа смисла и од беседништвото со ортодоксен предзнак, се очекува да го брани наследениот, традиционален систем на морални вредности, но воедно и да се отвори кон новите (соодветни) вредности, како услов за да се постигне посакуваниот *етички пресврт* кај верниците, кај луѓето во денешниот свет.

Беседите од книгата „Плодоносна девственост“ на митрополитот Наум се обмислени и вдахновени од некоја суштествена идеја, а се изречени, главно, по некој повод: поводот може да биде редовната или свечената литургија, монашките собири, ноќните бдеења, некој христијански празник/слава или чествување. Така наменети (прагматичниот аспект на беседништвото), беседите можат да бидат поттикнати од некоја современа појава која загрижува и која бара коментар, објаснување, осуетување, прошка, осуда или напросто јавно предочување пред другите. Коментарите се, по правило, преземени од светите заветни писма како мото, цитат, поткрепа на реченото[6], како парабола и како опомена, а општиот или повисокиот контекст на тоа беседништво сега-и-тука, е вербата дека е во послух со Божјата промисла. Во беседите на митрополитот Наум се подвлекува убедувањето дека ‘светоотечкото учење’ е парадигма на праведно, вистинито, вистинољубиво, вознесено и примерено знаење. Во тој контекст, треба да се каже дека тој прави поделба на вистинито и вистинољубиво наспроти лажно знаење. Таа поделба е во склад со христијанскиот ортодоксен

---

[6] Беседите се повикуваат на цитати од *Стариот и Новиот Завет* (Јован 10, Ефес. 4, Рим. 6, Матеј, Лука, посланието на светиот апостол Павле кон Коринтјаните), преданијата на свети Јован Лествичник, свети Григориј Палама, светоотечките Преданија, и др.

канон: вистинското знаење е љубов, која надградува и произлегува од вистинска заедница меѓу Бог и луѓето, додека лажното знаење е осудување, кое разградува.

Според православната мисла, гревот не се прави само со дело, туку и со збор, па дури и со помисла (оттаму имаме гревовно слово, гревовно дело). Затоа овој знаменит македонски беседник верува дека моќта на зборот нема подобна замена во (збиднувањето на) светот. Тој, ми се чини, дека со право ја поставува моќта на изговорената реч над моќта на помислата/мислата. Изговорената реч е кажана за другите, а помислата/неизговорената – е кажана за себе/за нас, сеедно што и таа има своја енергетска моќ на дејствување и на претворање во некакво дело. Затоа, не случајно се перпетуира потребата да биде санкционирана првенствено речта, односно гревовната реч, еретичката реч, потем и нејзе подобната по-мисла, нешто кое се поврзува со начелото на слобода на мислењето и зборувањето од страна на инстанциите на моќ од било која провиниенција (во семејната заедница, образовната, државната, политичката, црковната).

Во беседите на митрополитот Наум просветлувањето на умот е сфатено како катарза или прочистување на умот од грешните *слова*, а на срцето од непреобразените страсти, од гревовните и грешните *дела*. Покајанието има моќ да ги помири зборовите со делата, дејствата со чиновите, како неопходен чин пред да се побара и пред да се добие прошка. Од гледна точка на христијанската етика, светот е двојно устроен и поделен на сушти опозити, тешко се поднесуваат појави од мешан и умерен вид. Затоа и основите за просудување и судење се поприлично стабилни, детерминирани и

строги. Можеби не секој ум ја прима таквата визија на светот кротко и понизно, но ја прима нерамнодушно, љубопитно и како некаква трансисториска парадигма која сепак опстанала низ вековите до денес. Во тој контекст, на пример, за просветленоста се смета дека е отаде душевноста и телесноста.[7] Во чинот на прочистувањето на срцето и просветлувањето на умот, важна е улогата на молитвата, сеедно што секоја молитва не е умносрдечна, значи не води кон просветлување. Имено, само умносрдечната молитва „Hic et Nunc" ги поврзува умот и срцето, претставува вовед во Светата Тајна Исповед и Причест (Светата Тајна на Благодарноста/Евхаристијата во светата Литургија).

Кога говори за последиците, влијанијата, дејствата и чинодејствата на изговорените зборови, митрополитот Наум вели дека некои искажани зборови (слова) поттикнуваат страсти (љубов кон слава, сребро и сласти), така што „од зборовите страдаат и душата, и телото". Кодот на православното беседништво е предодреден од длабокото верување дека душата и телото страдаат од преголеми страсти, од грешните мисли и еретичките зборови и дела, од зависноста на обичниот човек од профаните облици на потклекнување пред поривите како пред стихии во коишто разумот е немоќен. Добро е што во еден дискурс на опозиции и со моќ на легитимен кодекс се кристализира и потребата за осуда на јавното осудување, сфаќање кое остава простор за разбирање на човечките слабости, простор

---

[7] Кога „Срцето не е отворено, умот не е просветлен, а човекот, во поголема мера, е душевен и телесен. Таквиот човек способен е да остварува само душевни и телесни врски", затворен е за „соединување на енергијата со суштината на умот."

за прошка и помилување, простор за поткрепа од веќе просветлените умови (ако просветленоста е трајна состојба, под услов ако и таа не е нешто што треба постојано да се освојува како состојба на умот).[8]

Толкувачката стратегија на митрополитот Наум е теолошки заснована, но не се врзува само со теориското промислување и однапред дадените општи аргументи. Таа има истражувачка и емпириска димензија, затоа што се потпира врз неговото лично монашко искуство на созерцание, видение, молчание, аскетизам, одрекување и пожртвуваност. Се работи за мисловна матрица во којашто се огледа личниот однос на Митрополитот со/кон Бог. Евангелските приказни, како и искушенијата на денешното време, тој ги толкува не само на историско-есхатолошки и аскетско-исихастички начин, туку и низ призма на „лично-педагошкиот пристап“, на еден редок „личносен пристап“, „реален и обожен личен подвиг“, што на неговите беседи им даваат посебна димензија и вредност.

Се смета, во сообразност со христијанската филозофија, дека *суштината* на кажаното во литургиското и монашкото беседништво е побитна од *формата* на кажаното. Па сепак, беседите на митрополитот Наум се чист пример за тоа како и во православното беседништво доаѓа до свет брак меѓу содржината на кажаното, суштината и формата. Во последниве дваесетина години, современото православно беседништво и воопшто православното христијанско писмо во Македонија, на

---

[8] Има право да осудува / да суди само Оној Кој се жртвувал и Кој се распнал за доброто на другите, за доброто на човештвото/светот.

неспоредлив начин ја возобнови и ја покажа фасцинантната ризница на македонскиот јазик, ја посведочи неговата моќ да допре и до најдалечните предели на умот, духовноста и душевноста. Тоа воедно беше и возобновување на еден од најважните видови беседништво во Македонија, во историјата и во современата култура.

Токму православното духовно беседништво ја покажа моќта на Словото сега-и-тука, да поттикнува духовни и морални преобразби, прочистувања и просветлувања на умот и душата на луѓето. Последниве дваесетина години од возобновата на монаштвото во Македонија, заедно со напливот на свештени и духовни лица од современ ков, се покажа одново духовниот сјај на македонскиот јазик. Последниве години доживеавме да се соочиме не само поединечно, туку и како култура, со доблестите на македонската Црква како со трајна културна вредност. Се потсетивме на фактот дека нејзиниот опстанок низ вековите е нераздвоен од резистентноста на македонскиот духовен и јазичен идентитет, во услови кои ниту биле, ниту му се секогаш благонаклонети. Го видовме подемот на православната мисла, теологијата и беседништвото! Ни се врати надежта дека постоиме и дека би можеле да постоиме на човечен и просветлен начин! Ни се возобнови почитта спрема предводниците на овој духовен подем!

За миг поверувавме дека историјата на човештвото не мора да биде сурова историја на суетата, дека од секого зависи дали светот во којшто живееме ќе биде свет на освестени и хумани индивидуи или свет на неосвестени, несловесни и диви хорди! Не дека не може да се направи повеќе, но дека можело да не се направи ништо! Пред нас е времето, едно друго време, на нас е

да направиме нешто повеќе за да се случи нова историја на цивилизирано и просветлено општество, на народи кои прават хумани подвизи! Би сакала оваа јасна свест за улогата на Јазикот/Словото да се приопшти како колективна свест. Јазикот има моќ и да облагородува, и да демонизира, има моќ и да помирува, и да разјарува. Ако го знаеме тоа, ајде да го направиме вистинскиот избор на цивилизирани субјекти и општества: да ја користиме моќта на јазикот за облагородување, за хумани дела и подвизи. Ајде да не му го правиме на другиот она што не сакаме нам да ни го направат!

Сега читателот може да ја отвори својата душа и својот ум и, така подготвен, да се препушти на крепосната благост на беседите на митрополитот Наум.

Академик Катица Ќулавкова

Скопје, март 2012

# Плодоносна девственост

## За човечкото слово

Божјото Слово (Логос) е Ипостас, Син Божји е, Еден е од Света Троица и преку Него сè стана, и без Него ништо не стана што стана (види Јован 1, 3). Ние, христијаните, во потполност се согласуваме со таа вистина, веруваме во неа и подготвени сме животот да си го положиме за неа. Човечкото слово, нормално, не е никаква ипостас, една е од силите и способностите на душата; еднаш кажано, се развејува во етерот и се губи. И, поимајќи го, изгледа, само како такво, очигледно не внимаваме толку како го употребуваме. Така едноставно, наизглед, е само кога се прави разлика меѓу Словото Божјо и словото на нас кои сме според Негов лик и подобие создадени.

Кажано е уште и дека според својот збор (слово) ќе бидеш осуден и според својот збор (слово) ќе бидеш оправдан (види Матеј, 12, 37). Откако оваа вистина ни ја откри воплотеното Слово, работите почнаа да се усложнуваат за нас. Ова Божјо предупредување, од кога веќе ќе го чуеме, нè соочува со нашата одговорност за слободната, своеволната употреба на нашето слово и за последиците од изговорениот збор; ќе бидеме осудени или оправдани, односно сами себе ќе си пресудиме, со она што ќе го кажеме или не.

„Секој грев сторен со збор, дело или помисла, Ти, како благ и човекољубив, прости“ – Го молиме Богочовекот Христос во молитвата при Светата Тајна Исповед. Значи, постои грев направен и со збор. Различна е тежината

на овој грев за оние коишто се наоѓаат на степенот на очистување на своето срце од страстите, од тежината на истиот за оние коишто се наоѓаат на степенот на просветлувањето на умот. Од првите се очекува чистота од гревовни дела, а од вторите – чистота и од гревовни слова. Изреченото гревовно слово од страна на вторите, пред Бог, има тежина на гревовно дело; посебно словото на осудување.

Првите не ја чувствуваат толку тежината на изговорениот збор како вторите, ниту Божјата благодат ги напушта толку за изговорениот гревовен збор како вторите. Нормално, нивното слово и нема тежина како словото на вторите – ниту кон внатре, ниту кон надвор. Сепак, бидејќи постои веќе предупредување, треба да веруваат и да ги имаат предвид последиците од своите изговорени зборови; особено затоа што доволната чистота на словото е еден од знаците на скорешниот премин од очистувањето на срцето од страстите кон просветлувањето на умот, од умна кон умносрдечна молитва. Кажаново сигурно ќе го сфатат ако погледнат со очите на верата.

Без оглед на степенот на кој сме, треба да знаеме дека нашето слово е во непосредна врска со нашите страсти. Едно е да помислиме на нивно исполнување, а друго е да проговориме за нивно исполнување. Ефектот на помислата во будењето на страстите не е толку голем, колку ефектот на изговорениот збор. Реченото слово, и со понезабележлива гревовна димензија има нагризувачки ефект; полека, но сигурно – ако не го забележиме и веднаш не се покаеме – го нарушува доброто устројство на нашата душа, додека да нè доведе до пад. Реченото гревовно слово има и повеќекратен ефект, и заради

нивото на силата на влијанието кон внатре и заради својата комуникациска димензија: тоа ја буди страста и внатре во нас, ја буди и во оние кои го чуле словото; создава атмосфера на грев и внатре во нас и околу нас.

Многу се, исто така, битни: сериозноста на намерата со која е кажано словото, чувствата со кои е кажано, околностите во кои е кажано, како и тоа од кого е кажано. Значи, многу е поважна суштината на кажаното слово, отколку неговата форма. На пример, оној што се наоѓа на вториот степен од духовниот развој може да си дозволи и погрубо слово, ако процени дека е тоа за духовно исцеление на оној кон кого е упатено; слово за кое кога некој од страна би чул би го осудил: „Не е добро лебот да се зема од децата и да се фрла на кучињата“ (види Матеј 15, 26). Па дури и многу погрубо од ова, од скоро секој вид.

Изговореното гревовно слово влијае во разгорувањето и на трите вида на страсти (и на славољубието и на среброљубието и на сластољубието), соодветно на кажаното. И обратно, нашето слово зависи од видот на страста од која сме заробени. Клучната врска се препознава при осудувањето: од она од коешто сме заробени, за тоа најчесто озборуваме, судиме и осудуваме – од преполнето срце зборува устата (види Лука 6, 45). Осудувањето е и најопасниот вид на злоупотреба на нашето слово. Јавното осудување на кого било е веќе предзнак за можен пад, а јавното осудување на епископот на Црквата е знак за сигурен пад. Единствено спасение е навременото покајание за изреченото слово, пројавено во дела.

Осудувањето е најчесто двоен пад: ем сме веднаш осудени и губиме благодат заради самото осудување,

заради прекршување на Божјата заповед, ем сигурно ќе паднеме во некоја телесна или душевна неволја – болест или блуд или сиромаштија или бесчестие – за да сфатиме дека сме осудувале. Толку сме станале бесчувствителни и самодоволни што само некоја видлива телесна или душевна неволја може да ни покаже дека сме згрешиле, да нè врати на вистинскиот пат, да нè врати во смирение и покајание.

Внимавајте да не осудуваме никого, деца, затоа што не се предадовме, не се жртвувавме, не се распнавме ние за живот на светот. Богочовекот Христос се предаде Себеси за живот на светот, за спасение на секој конкретен човек. Па дури ни Он, Кој единствен го познава срцето на човекот и има право, не осудува никого, туку ние самите себе се осудуваме со нашиот однос кон Неговиот соборен Крст, кон Неговата соборна љубов. Да не озборуваме, да не судиме и да не осудуваме никого затоа што тој грев најмногу нè прави подобни на ѓаволот, ѓаволоподобни, и најмногу ја оддалечува благодатта на Светиот Дух од нас.

Зависта што се раѓа од неостварeното или загрозеното славољубие, повеќе од другите страсти, нè прави да озборуваме и осудуваме, нè прави да го злоупотребуваме словото кое ни е дадено за вбогоподобување. Секако, и зависта што се раѓа и од неостварување или загрозување на другите страсти предизвикува озборување и осудување. Уште, лошото е што ние заради нашата острастеност и непросветленост, покрај тоа што не ни можеме да расудуваме правилно, не ја правиме ни разликата помеѓу гревот и оној што прави грев, и заедно со гревот го осудуваме и оној што згрешил. Дури, најчесто и заради немањето љубов кон ближниот, ние

ги толкуваме како грев неговите дела, или намерата со кои се направени, и така го измислуваме поводот да го осудиме и него. И најлошо е што не само што ние го осудуваме туку и сите се трудиме да ги наведеме, и сакаме, да го осудат исто како нас.

Голема е силата на нашиот збор, деца, дури и страшно голема; веќе ја насетувате и од тоа што ви го кажав досега. Тоа е сила што оживува или убива; тоа е меч со две острици. Оживува ако нашиот збор стане бого-словие, а убива ако нашиот збор стане демоно-словие – ако демонот го користи, го позајмува нашиот збор (бидејќи толку му е допуштено во борбата против оние од првиот и посебно од вториот степен) за да го сее и размножува злото во светот. Да внимаваме, да не бидеме инструменти на демонот!

Деца, друго е да ја насетувате силата на нашиот збор или да верувате дека постои под моменталното дејство на моето слово, а друго е истото да ви го открие Божјата благодат. И, друго е времено да ви го открие тоа Божјата благодат, а друго е постојано да ве држи во тоа чувство, во сила. И, друго е обичен грев, а друго е смртен грев. Разликата помеѓу двата вида се крие во погоре напишаното; но за тоа друг пат.

Ние разликуваме во нас слово внатрешно и слово надворешно. Замислете ја сега силата и сведоштвото на нашето слово на секој од степените на духовниот развој или, поточно речено, доколку употребата на нашето слово ја восогласиме со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме. Замислете го невидливиот развој на нашето внатрешно слово: од слово на молитвена самоконтрола или преиспитување, преку слово кое молитвено допира до срцата на ближните, до слово на непрестајна умно-

срдечна молитва – кое го држи светот во постоење. И замислете го неговиот надворешен, видлив развој: од молчание, преку бого-словие, до слово чудотворно; од слово според ликот, до слово според подобие Божјо.

Да, на почетокот беше Словото, и Словото беше во Бог, и Бог беше Словото (види Јован 1, 1). Слава на Отецот и Синот и Светиот Дух! Господи, слава на Тебе!

- 19 април 2011 г. -

# Претпасхални размислувања

## За учеството во Христовите страдања, лично и соборно

Денес е Велик Петок. Прашањето е како да учествуваме во Крстот Христов? Ова е многу важно прашање за нас, затоа што само преку учеството во Неговиот Крст ние ќе можеме да учествуваме и во Неговото Воскресение. Можеме да кажеме дека нашето учество во страдањето на Богочовекот се случува на два начина: личен и соборен. Говорам за волните, а не за неволните страдања – за кои е доволна само благодарност кон Бог.

Лично учествуваме во Крстот на Богочовекот Христос повторно на два начина: и со нашето тело и со нашата словесна (умна и разумна) душа.

Со нашето тело учествуваме преку телесниот подвиг, неизнудено благословен од нашиот духовен отец и незабележлив за заедницата во која живееме; неизнудено благословен и незабележлив заради добродетелта на смирението. Ако помислиме дека нешто сами можеме и правиме или дека со нешто се двоиме од другите и заради сето тоа сме посебни, еве состојба на последна прелест полоша од почетната. Мерката на правилниот телесен подвиг се ненарушените плач и покајание, молитва и смирение. Нарушувањето на овие три столба на богоподобното душевно устројство е знак дека телесниот подвиг е демонопоттикнат и безблагодатен. Телесен подвиг без благодат Божја може да ни донесе само болест – во подобриот случај, или голема прелест – во

полошиот случај. Благословен и доволно континуиран телесен подвиг, незабележлив од заедницата во која живееме, ја привлекува Божјата благодат на нас и ни овозможува духовно да растеме како деца Божји.

Со нашата словесна душа учествуваме кога нашиот ум ќе го закоаме за зборовите на молитвата и кога нашата падната логика ќе ја распнеме на крстот на апсолутното послушание кон Бог и кон ближните. Кон Бог – преку послушание кон духовниот отец, а кон ближните – преку послушание кон нив самите, но во рамките на првото, што е еден и ист богочовечки подвиг. Со овој двоен подвиг ние ги ставаме нашиот ум и разум во процес на исцеление, го восогласуваме начинот на нашиот духовен подвиг и живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме и ја обезбедуваме целосноста на нашето душевно здравје – мислам и на волевиот и на желбениот дел на душата. Љубовта, аскетско-благодатна, треба да биде основната движечка сила и критериум на духовниот подвиг на душата: доволно ли мислев на Оној што Го љубам, како и, доволно ли бев послушен кон Оној што Го љубам; односно, така ли ќе се однесував ако љубев?

Соборно учествуваме во Крстот на Богочовекот Христос кога го исполнуваме евангелскиот идеал: *„Гладен бев, и Ми дадовте да јадам; жеден бев, и Ме напоивте; странец бев, и Ме примивте; необлечен бев, и Ме облековте; болен бев, и Ме посетивте; во затвор бев, и дојдовте кај Мене“* (Матеј 25, 35-36).

Личното и соборното учество во Крстот Христов монахот треба да го реализира во своето срце, а оној што живее во светот – и на дело. Личното учество, без соборното, наликува на источна безблагодатна аскетика;

а соборното учество, без личното, наликува на западен антропоцентричен хуманизам (харитативна дејност).

## За страдањето на духовниот отец предизвикано од неговите духовни чеда

Убаво е кога духовното чедо го радува својот духовен отец со својот смирен и континуиран подвиг, тогаш благодатта на Светиот Дух почива на него. Но, духовниот отец често прима удари и бива повреден од своето духовно чедо: со мисла, со збор, со дело. Ништо ново – и Богочовекот Христос беше предаден и пострада токму од Своите духовни чеда, токму од оние за кои се распна. Зошто се случува тоа? Затоа што духовниот отец се грижи да ги сече и преобразува страстите на своето духовно чедо и тука не смее да попушти, а тоа боли – понекојпат и многу. Тоа е нормална појава во нивните односи: во оној степен во кој духовното чедо е заробено и поистоветено со страста, во тој степен ќе му возврати на духовниот отец со нељубов и ќе го повреди.

Да не се поистоветува со своите желби, чувства и помисли е основно правило на секој почетник во православниот духовен живот кој сака да влезе во процес на целосно исцеление преку послушание на духовен отец. Но, тоа не се постигнува така лесно и брзо. Затоа духовниот отец треба да е подготвен да го прими возвратниот неличносен удар личносно. Актот на непотврдената грешна помисла, на невозвратеното грешно чувство и на неисполнетата грешна желба, од страна на духовниот отец, заради поистоветеноста со нив духовното чедо го смета за отфрлање на сопствената личност и со иста

мера возвраќа – отфрлајќи ја личноста на духовниот отец.

Но, интересно е како сето тоа го прима вистинскиот духовен отец. Замислете, прво, која болка е тоа за него: од една страна, да помислиш дека го губиш оној што го спасуваш и љубиш во Христос, и од друга страна, да бидеш отфрлен како личност од оној за кого, буквално, душата своја си спремен да ја положиш и си ја положил. На момент, се чувствува човек како сѐ одеднаш да се руши, и тоа заради ништо. А секој конкретен љубен ни е конкретно и незаменливо сѐ. Но, отецот не би бил отец кога за нешто би го обвинил своето духовно чедо или кога би се случило да го заборави оној што духовно го родил. Тоа е невозможно да се случи.

А, што се случува? Отецот, прво, најискрено себеси се осудува и се смета виновен за сѐ и Го моли Бог да му прости. Потоа Му благодари на Бог за претрпената болка; и откако така ќе се смири, благодарноста ја преточува во молитва. Дури тогаш забележува дека болката, што претходно му ја беше опфатила целата душа, сега е собрана во срцето и таму молитвено му го привлекува умот. И дури тогаш забележува колку таа болка, всушност, го очистила и отворила неговото срце, и длабоко и високо и широко.

Не велам со ова дека духовниот отец е безгрешен и не велам дека дел од страдањето не е заради неговата острастеност и поистоветеност со нешто; но едно е да ја прифатиш болката, да ја признаеш вината, да побараш простување од Бог и од сѐ срце да Му благодариш, а друго е сето она што е спротивно на тоа.

## За приврзаноста кон зборот на духовниот отец, а не кон самиот него

Освестувањето на заробеноста на срцето од страстите и желбата да го очистиме од нив е личен почеток на духовниот живот. На овој почеток срцето е сè уште заробено од страстите, затворено е за молитвата и вистинска пречка е за соединување на енергијата со суштината на умот. Срцето не е отворено, умот не е просветлен, а човекот, во поголема мера, е душевен и телесен. Таквиот човек способен е да остварува само душевни и телесни врски. Таквиот човек треба да се стреми кон професионален или војнички однос, а не кон емотивен однос со својот духовен отец. Затоа, духовното чедо на почетокот треба да се приврзе кон зборот (словото) на духовниот отец, а не кон самиот него. Интересна тема, нели? Е, за ова друг пат.

Сега, не заборавајте дека срцето ни е отворено овие денови...

- 22 април 2011 г. -

## Не плашете се од страдањата

Не плашете се од страдањата, тие секако ќе дојдат во нашиот живот. Прашањето е само дали ќе пострадаме следејќи го моделот на живот што ни го предлага Богочовекот Христос или ќе пострадаме следејќи го моделот на живот што ни го наметнува овој свет. Христос ни предлага модел во кој преку учество во Крстот Негов ќе воскреснеме духовно – уште сега, а потоа и телесно. Овој свет ни наметнува модел во кој преку учество во неговите уживања ќе умреме духовно – уште сега, а потоа и телесно. Христос ни предлага затоа што не сака да ја наруши нашата слобода, а светот ни наметнува затоа што веќе ја нарушил нашата слобода.

Моделот што ни го предлага Христос е да се жртвуваме себеси за другите, а моделот што ни го наметнува светот е да ги жртвуваме другите заради себе. Исполнувањето на заповедите Христови за љубов кон Бог и луѓето навистина бараат да се жртвуваме: се молиме за спасение на тие што не се молат, постиме за да ги нахраниме тие што се гладни, работиме за да им помогнеме на тие што не можат, го трошиме нашето време за на некој начин да ги утешиме тие што најразлично страдаат; почнуваме од своето семејство и го шириме кругот според своите можности. Никој не рече дека е лесно, но секој што пробал, веднаш знае дека е радосно. Исполнувањата на искушенијата од овој свет од љубов кон самите себе и кон демонот што нѐ заробил, навистина бараат да ги жртвуваме другите: сѐ што правиме, да цели кон задоволување на нашите страсти, без

разлика колку другите страдаат заради тоа. Никој не рече дека е тешко, но тој што пробал, еден ден ќе дознае дека веднаш било пекол. Не дај, Боже...

Ние самите го одбираме моделот на живот, или едниот или другиот – трет, компромисен, нема. Повеќе имаат шанси за спасение тие што ќе згрешат, затоа што можеби последиците од гревот ќе ги освестат и ќе се покајат, отколку тие што мислат дека нашле компромис со овој свет. Вели Господ: *„Бидејќи си млак, и не жежок, ниту студен, ќе те изблујам од устата Своја“* (Откр. 3, 16).

Можеме да пострадаме заради Христос, волно – исполнувајќи ги доволно Неговите заповеди; и можеме да пострадаме, неволно – неисполнувајќи ги доволно Неговите заповеди. Во првиот случај говорам за аскетско-исихастички подвиг, а во вториот случај – за болест. Во секој случај треба да благодариме, а особено во вториот. Кога веќе страдаме, барем да Му благодариме – недовербата или, не дај Боже, хулењето сигурно нема да ни помогнат. Благодарноста ќе ја привлече благодатта Божја, и маките побрзо и полесно ќе поминат. Како и да страдаме, во слава Божја да биде. Тоа е вистинско поклонување пред Крстот Христов.

Се надевам дека во овој ист број како што ве гледам сега, ќе ве видам и на Христовото Воскресение како се причестувате. Сè што правиме во Црквата Божја има за цел да се причестиме со Телото и Крвта Христови. Деновиве дојдовме да му се поклониме на Крстот Христов и дојдовме да се поклониме пред Неговиот Гроб, но ако не се причестиме *на* и *со* Неговото Воскресение, ништо не сме направиле; ќе наликуваме на човек неразумен кој од далечна земја решил да се врати во својот дом, кај своите родители и своето семејство, и откако стигнал

до него, не влегол туку се вратил повторно да скита низ светот, празен и без никого и ништо. Христос е нашиот Дом, Бог е нашиот Отец, а сите Свети се нашето Семејство, во Светиот Дух Господ.

И немојте да мислите дека сте постеле, па можете и да се причестите. Не! Причест без исповед пред духовен отец и без благослов од него не е дозволена! *Човекот да се испита самиот себе и потоа да јаде од овој леб и да пие од оваа чаша. Зашто, кој јаде и пие недостојно, тој го јаде и пие своето осудување, бидејќи не го разликува телото Господово. Па затоа меѓу вас има многу немоќни и болни, а мнозина и умираат* (1. Кор. 11, 28-30).

Уште нешто, сега кога ве дочекав во толку голем број. Ние, епископите или свештениците, ве благословуваме, и тоа ни е многу лесно да го направиме – бидејќи и Бог постојано ве благословува, но нема да бидам искрен со вас ако не ве поучам како треба да се прими овој благослов. Затоа и ви го говорам сето ова вечерва. На кого му остана нешто нејасно, а истото важи и за сите: секој треба да си има свој духовник, кај кого ќе се исповеда и со кого ќе се советува за прашања и од духовниот живот и од обичниот; секој треба да добие од својот духовник молитвено правило како и правило за пост, одредени според неговите телесни и душевни сили; и секој треба да се труди секојдневно во исполнувањето на заповедта за љубовта кон Бог и кон сите луѓе, дури и непријателите. На овој начин срцето секогаш ќе ви биде отворено за примање на Божјата благодат и благослов, веќе дадени, за што јас ви сведочам сега.

Господ да ве благослови, и сите со духовна радост да го дочекате Христовото Воскресение!

- 22 април 2011 г. -

## Сè ни е дадено

Деца, ајде да го искористиме денешново случување и да се потсетиме на неколку работи битни за нашиот монашки подвиг.

Прво, целиот монашки живот е давање. Да не очекуваме никогаш ништо да ни се врати или даде; ниту од Бог, ниту од луѓето. И така сме им должни неоддолжно. На Првиот – дека веќе сè ни дал, ние само треба да си земеме, според предадените и пропишаните правила. На вторите – дека се според ликот и подобието Негови, и дека без нив не можеме да се восовршуваме и, воопшто, да нè бидува како личности. Само така ќе си ја сочуваме слободата и љубовта неизвалкани од овој свет. Слободата е ликот, љубовта е подобието. И обратно. Првото од наша, а другото од Божја перспектива. Сè, пак, остварено во Богочовекот Исус Христос.

По чинот на замонашувањето да не очекуваме дека нешто треба да добиеме, дека имаме некој посебен статус, дека сме нешто посебно или дека треба некому нешто да значиме, во овој свет. Замонашувањето е едноставно умирање за овој свет, со перспектива на воскресение во другиот.

Второ, монашењето е чин на погребение – умирање на стариот човек, сè до Воскресението... „Го чекам Воскресението на мртвите и животот на идниот век". Да се однесуваме сходно со статусот на погребан човек, човек кој нема никаква врска со овој свет. Ама, никаква е – никаква. И ако нешто личи на некаква, тоа е заради послушанието. Ама, само личи. *Затоа сметам*

*дека и сè друго е штета спрема преважното познавање на Христос Исус, мојот Господ, поради Кого се одреков од сè, и сè сметам за отпад само за да Го придобијам Христос* (Филип. 3, 8). Познавањето на Христос Исус подразбира заедница со Бог остварена во нашето срце.

Умирање на стариот човек, сè до Воскресението, не значи ништо друго туку, барем, сè до добивањето на дарот на умносрдечната молитва. Ако после тоа Црквата не нè побара или повика на некаква должност, сè до Воскресението би значело – сè до добивањето на дарот на непрестајната умносрдечна молитва.

Трето, треба да се врзуваме за словото на духовниот отец, а не за него. Тоа не значи дека ние нема и за него да се врземе еден ден лично; но на ова ниво од духовниот развој може да се врземе на погрешен начин – душевно (или емотивно) и телесно. Кога ќе ја добиеме молитвата на срцето, дури тогаш на вистински начин се поврзуваме со духовниот отец. Тогаш ќе сфатиме што е вистинска личносна врска; врска која не подлежи на влијанијата, односно на законите на времето и просторот од овој свет.

Во случај кога се врзуваме за духовниот отец а не за неговото слово, се наоѓаме во двојна замка и во двојна опасност: тогаш неговото „не“ го сфаќаме како одбивање на личноста и се чувствуваме двојно повредени, не само затоа што нè пресекол во однос на тоа за што сме се острастиле (со што сме се поистоветиле), туку и затоа што сме очекувале поинаков однос од оној со кого сме, демек, во не знам каков личносен однос. Значи, нашиот однос со духовниот отец треба да биде војнички, во исполнувањето на неговите заповеди, без поистоветување со некои наши размислувања и пер-

цепции, чувства или желби (пред да ги провериме со него) за работите кои, всушност, можеби не се такви, бидејќи нашето срце е сѐ уште заробено од страстите, а умот непросветлен и не ги догледуваме нештата какви што се. Затоа, на почетокот се врзуваме за словото на духовниот отец, за да не се најдеме во прелест.

Нашиот личносен однос со Бог не се случува преку нашиот личносен однос со духовниот отец, туку обратно, нашиот личносен однос со духовниот отец се случува преку личносниот однос со Бог. Секако, доколку и духовниот отец гради личносен однос со нас, а не остврастен. Значи, личносниот однос, прво, со Бог го градиме опитно, со покажаната доверба во Него преку врзување за словото на духовниот отец, а од така изградениот личносен однос со Него, примаме благодат за градење на правилен личносен однос и со духовниот отец, доколку и тој е подготвен за таков.

- 27 април 2011 г. -

## Ако не се родите одозгора...

„Ако не се родите одозгора, нема да можете да влезете во Царството Небесно“ (сп. Јован 3, 3). За какво раѓање одозгора говори Богочовекот Исус Христос? Ни зборува пред сè за светото Крштение со Светиот Дух и со вода; но, ако добро го читаме Новиот Завет, ни зборува и дека Царството Небесно насила се зема и силните го грабаат (види Матеј 11, 12). Тоа значи дека сè што се случува во односот помеѓу Бог и човек, се случува во синергија, во содејство, во соработка помеѓу двајцата – Бог ја дава Својата благодат во сета полнота, а човекот треба да ја активира со својот начин на живот. Од природна додавка, да му стане лично својство.

Активирањето или актуелизирањето на благодатта на Крштението се случува на два начина: или со чинот на самото Крштение или голем (долг) временски период потоа.

Активирањето на благодатта со чинот на самото Крштение обично се случувало во првата Црква: кога луѓето се крштевале возрасни и кога пред тоа Крштение имало тригодишна подготовка. За време на подготовката катихумените биле подучувани во очистувањето на срцето од страстите и го чистеле своето срце од страстите, така што навистина Светата Тајна Крштение ја доживувале како просветлување (на умот) и, секако, срцето им било отворено за молитвено симнување на умот во него.

Активирањето на благодатта по поминувањето на подолг временски период по Крштението обично

се случува денес, во, според сите знаци, последната Црква: кога луѓето ги крштеваат уште како бебиња, без никаква подготовка или свесност за тоа. Затоа долго време потоа, откако човек ќе порасне, ќе сфати и ќе се покае, пред него допрва претстои подвиг за активирање на благодатта; подвиг во кој човек, под водство на духовниот отец, треба доволно да го очисти срцето од своите страсти така што од него да се projави благодатта на Крштението. Благодатта потоа сѐ привлекува кон себе, пред сѐ умот на оној чие срце е отворено.

Токму тоа лично активирање и усвојување на благодатта Божја, Господ го нарекува раѓање одозгора, а не само Крштението. Значи, ништо само Бог и ништо само човек, туку сѐ во заедничка соработка меѓу Бог и човек. Оваа богочовечка синергија е и мера на спасителната теологија. Отклонувањето од оваа синергија, во пракса и теорија, во правец на ‘само Бог’ или во правец на ‘само човек’, е причина за појавата на сите ереси досега, кои некогаш имале само други имиња, но и денес се истите.

Ако ја погледнеме состојбата денес и се запрашаме каде најмногу се забележува тоа активирање на благодатта на Крштението, ќе забележиме дека тоа се остварува во најголем број од случаите во животот на монасите. Исто како што се случувало и од почетокот на појавата на монаштвото. Ако погледнеме уште малку пред тоа, кон првата Црква, ќе забележиме дека тоа активирање на благодатта секогаш се случувало кај светите маченици. И сега се поставува клучното прашање: Зошто токму кај овие две групи на подвижници најмногу? Што е тоа што е заедничко за овие две групи? Што е тоа што суштински ги поврзува?

Ги поврзува – остварувањето на заветите на светото Крштение: одрекувањето од сатаната и од сите негови дела, зборови и мисли. Ги поврзува – екстремното одрекување од овој свет. Ги поврзува – умирањето за светот. Со еден збор – ги поврзува маченичкиот етос. Затоа и монаштвото се појавува откако престанал прогонот на Црквата. И затоа тоа е маченииштво и денес, затоа што современиот човек е толку поврзан или заробен, односно поистоветен со своите страсти и затоа толку болен, што неговото исцеление бара голем, долг и болен подвиг – рамен на маченииштво. Одговорноста за заробеноста на современиот човек од страстите, за деструктивниот модел на живот што му се наметнува, за неговата духовна некултура, лежи во несоодветното воспитание и образование, без разлика дали тоа го пружа семејството, образовниот систем или дел од свештенството.

Но, што е важно за нас, како монаси, да знаеме и да запамтиме. Прво, дека екстремното одрекување од овој свет, односно маченичкиот подвиг, е главен услов за, би рекол, автоматско отворање на срцето. Знам дека сум рекол дека умносрдечната молитва е дар Божји, но знам дека сум рекол и тоа дека тој дар веќе сме го добиле и дека само треба на правилен начин да го земеме. Значи, потребно е екстремно одрекување од овој свет сè до добивањето на дарот на молитвата на срцето. И второ, нашиот проблем (на нас монасите) не смееше да биде како да дојдеме до дарот на умносрдечната молитва, туку како веќе добиениот дар што попотполно да го искористиме, односно што повеќе време да одвоиме за молитвата која го спасува овој свет, сега и овде.

Продолжува...

Господи Исусе Христе, помилуј ме..!

P.S. Наједноставно речено: не може некој кој доброволно се одрекува од овој свет, да дојде во манастир и седум други света да донесе со себе. Човекот кој претходно одвај и соседите го познавале, одеднаш, како монах, станува познат и остварува врски во целата Црква, па и низ целата држава, и сето тоа пред да го добие дарот на умносрдечната молитва и пред да го просветли својот ум. И што од тоа? Ништо. Наместо да биде квасец на овој свет, наместо светот да го преобразува во Црква, таквиот самиот станува дел од светот. А како што светот и неговата суета поминува, така и неговото име ќе остане незапишано и во историјата на светот и во книгата на живите (види Откр. 3, 5). Не реков и дека нема да се спаси.

Мислиш ли, читателе, дека за тебе пишувам? Можеби, не сум сигурен. Ти знаеш. Но сигурен сум дека секогаш пишувам за моите духовни чеда. Секое мое духовно чедо така и го прима моето слово, дека за него лично пишувам, и се кае ако со тоа што го пишувам го отсликувам неговиот живот. Но, моите духовни чеда го познаваат мојот глас и ме слушаат и знаат дека сè мое е нивно. А, духовниот отец ако не го кара своето чедо и ако не го поучува на вистинскиот пат, не е отец според лик и подобие на Небесниот.

- 28 април 2011 г. -

## Hic et nunc

Можноста да живееме hic et nunc (овде и сега), во овоземни услови, се остварува единствено во непрестајната умносрдечна молитва. Тоа би го нарекле живот во вечно присутна сегашност, проземање на нашето времено битисување од вечноста. Ова може да се сфати и како начин на живот и како Божјо делување, но најдобро е да се оствари како богочовечка реалност. Благодатното грабнување на умот (или екстаза или истапување) не знам дали би можел да го наречам живот овде и сега во овоземни услови, иако се случува во овоземни услови.

Но, да почнеме отпочеток, по ред.

Еден од најголемите проблеми на модерниот човек, а кој истовремено е и најмалку освестен, е животот таму и некогаш, наместо животот овде и сега. Многу е важно и тоа 'таму и некогаш', кое припаѓа на она што обично го нарекуваме план, визија, цел, мотив; но тоа е неостварливо, па дури и повод за очајание и виртуелен живот ако не го оствариме она што се нарекува живот овде и сега. Најлоша варијанта е кога некој тоа 'таму и некогаш' го посакува веднаш овде и сега.

Животот може да се одвива во два правца: прво, во правец на остварување на идеалот 'овде и сега', со перспектива за 'таму и некогаш'; и второ, во правец на отстапување од идеалот 'овде и сега' и живеење само, или најчесто, во виртуелниот свет на 'таму и некогаш'. Добро е да ги разгледаме и двата правца поодделно.

Како се отстапува од идеалот 'овде и сега'?

Верувам, се сеќавате на текстот за трите вируса и една антивирус програма. Првиот вирус беше непри-

фаќање на постоењето на Бог; вториот беше прифаќање на модел на живот кој се заснова на неконтролирано и неетичко задоволување на сите страсти; и третиот беше влез во par excellence виртуелниот свет на духовите на злобата од поднебесјето. Прифаќањето на првиот вирус, кој скоро сигурно со себе ги носи и останатите два, всушност е постепено навлегување во виртуелниот свет на ‘таму и некогаш’ и постепено отстапување од реалниот свет на ‘овде и сега’.

Како се достигнува идеалот ‘овде и сега’?

Верувам дека добро памтите сѐ што сум ви зборувал за степените на духовното растење во православниот духовен живот и подвиг. Првиот степен е очистување на срцето од страстите, вториот е просветлување на умот и третиот степен е обожение на целиот човек. Восогласувањето на начинот на нашиот живот и подвиг со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме е постепено одрекување од виртуелниот свет на ‘таму и некогаш’ и постепено влегување и освестување на реалниот свет на ‘овде и сега’. Ова го нарековме антивирус програма. Само восогласениот начин на живот и подвиг, овде и сега, што никогаш не ми е тешко уште еднаш да ви го нагласам, претставува она што го нарекуваме православен духовен живот, и ниту еден друг начин на живеење.

Деца, сигурно сте го чуле она: во тек сум, ме носи струјата (матицата). Тоа не значи ништо друго освен широкиот пат, за кој говори Евангелието, а по кој мнозинството тргнало; што е исто со моделот на живот што ни се наметнува, зашто мнозинството (масата) така живее; што е исто со виртуелниот свет, на кој сѐ повеќе и повеќе луѓе се навлекуваат; што е исто со животот таму и некогаш.

Повеќе пати ми се случува кога им зборувам на некои луѓе (а понекогаш и на вас) да забележам дека со она што им го кажувам како за момент да ги извлекувам од таа матица на прелеста; како за момент да ги осветлувам и просветлувам во темнината на незнаењето; како за момент да ги отрезнувам од опијанетоста со овоземното; како за момент да ги враќам овде и сега. И повеќе пати потоа излегува дека се лажам и напразно се радувам дека конечно сум извлекол некои луѓе од канџите на демонот, кога ќе видам дека тоа траело само кратко или извесен период и потоа повторно матицата ги вратила назад. Навистина тоа го доживувам болно и самиот се обвинувам за тоа (заради недоволното сведоштво во сила), иако знам дека подвигот е секогаш личен и дека никој наместо никого не може да се подвизува.

Зошто е тоа така? Од многу причини, но Отците најчесто го посочуваат немањето волја како клучен фактор за начин на живот без конкретен и континуиран подвиг овде и сега. Јас би го предочил уште само тоа дека и отсуството на духовно знаење заради непостоење на континуиран опит многу придонесува за таквата колеблива и лабава духовна состојба на луѓето. Оној што има знаење произлезено од континуиран и долготраен духовен подвиг и опит не може да се најде во состојба на недоумица и колебање по прашањата на верата и духовниот живот. Но, време е да прејдам од философија на конкретни примери заради јасноста на словото.

На пример, што би значело за вас, деца, како монаси, тоа ‘овде и сега’? Знаеме дека монах без умно-срдечна молитва, без да може да се осами во своето срце – не е монах, во вистинска смисла на зборот. Сакаш умносрдечна молитва? Земи и моли се непрестајно це-

лото време додека си буден. Тоа значи да живееш овде и сега. Тоа значи да Му покажеш и докажеш на Бог дека се смируваш и дека ја сакаш умносрдечната молитва (т.е. Него), која е дар Божји и која со свои, само човечки сили, никогаш не можеш да ја добиеш. Ако чекаш некое друго место и некое друго време во кое ќе имаш подобри услови за молитвен подвиг, знај дека тоа ‘таму и некогаш’ – никогаш нема да дојде. Затоа што и тоа ‘овде и сега’ и тоа ‘таму и некогаш’ се наоѓаат во твоето срце. Царството Небесно е внатре во вас, Regnum Caelorum – hic et nunc (Царството Небесно – овде и сега)!

Што би значело за денешните млади луѓе тоа ‘овде и сега’? На пример, знаеме дека повеќето млади луѓе денес се стремат кон обичниот модел на живот: брак и семејство, за кои сакаат да обезбедат богат, или барем пристоен живот. Сакаш да имаш богат или барем пристоен живот и да не зависиш од никого? Седи и учи, сега кога ти е определено време за учење, и восовршувај се во секој поглед. Во светот, посебно оној на бизнисот, денес се цени реалното знаење, а не само стекнатата диплома. Го имаш ли тоа, од сите ќе бидеш почитуван и сите ќе те бараат како стручен и полесно ќе ги оствариш своите визии и планови. Да учиш во времето определено за учење, тоа е да живееш овде и сега. Ако времето првенствено определено за учење го трошиш повеќе на забава и на детски игри, фантазирајќи за некакви подобри услови за да се снајдеш во животот, знај дека тоа ‘таму и некогаш’ – никогаш нема да дојде. Притоа не го запоставувај духовниот живот, затоа што Бог го создаде човекот таков што само Он и може да го исполни, а не бракот и семејството како и богатиот живот, во кој било поглед.

Што би значело тоа ‘овде и сега’ за оние што го промашиле својот живот? Односно, што би значело тоа за оние кои живееле во општата борба и трка за задоволување на страстите и еден ден, уморни и потрошени, сфатиле дека сето тоа нема никаква смисла; или пак, за оние кои успеале да ги остварат сите свои страсти и на крај сфатиле дека сето тоа не ги исполнува? Евангелски кажано, би значело: *„Покајте се зашто се приближи Царството Небесно“* (Матеј 3, 2). Со други зборови: верувајте во Богочовекот Исус Христос, пронајдете си духовен отец кој ќе ве води, совладувајте ги етапно степените на духовниот развој и извршувајте ги совесно и смирено своите секојдневни обврски. И ќе го најдете толку посакуваниот Мир на вашите души.

Можноста да живееме hic et nunc (овде и сега), во овоземни услови, се остварува единствено во непрестајната умносрдечна молитва. Тоа би го нарекле живот во вечно присутна сегашност, проземање на нашето времено битисување од вечноста. Ова може да се сфати и како начин на живот и како Божјо делување, но најдобро е да се оствари како богочовечка реалност. Благодатното грабнување на умот (или екстаза или истапување) не знам дали би можел да го наречам живот овде и сега во овоземни услови, иако се случува во овоземни услови. Сигурно го знам само тоа дека Бог е единствен Кој во апсолутна смисла го живее тоа ‘овде и сега’ и истовремено тоа ‘таму и некогаш’, односно тој осми или невечерен ден, но исто така и ние во Воскреснатиот Богочовек Христос, по благодатта на Светиот Дух Господ, во мерата на нашиот духовен раст.

Христос воскресна!

- 30 април 2011 г. -

## Ако не ги допрам...

Речено е веќе дека секој настан од Домостројот Божји на нашето спасение, опишан и во светото Евангелие, се случил заради наше утврдување во верата и заради наше спасение. Исто така, веќе е објаснето дека барањето на светиот апостол Тома да ги допре раните на Господ (види Јован 20, 25) не е неверие, туку легитимно и спасително барање на човековиот дух да Го познае Бог од опит а не од прераскажување на другите. Другите нека си прераскажуваат колку сакаат, за мене е од суштинско, битијно значење да Го познаам Бог од опит, затоа што голото знаење за Бог не ми носи спасение и совршенство (слобода и љубов), туку само знаењето кое произлегува од опит на заедницата со Бог, во моето срце.

Реален проблем за нас христијаните, после скоро две илјади години од тој настан, е како денес да ги допреме раните од клинците и како да ја ставиме раката во раната на ребрата предизвикана од прободувањето со копјето, и од опит да Го познаеме Бог. Според светите Отци, начинот е двоеден: суштински активно учество во светата Литургија на Црквата, која ни овозможува постојано благодатно учество сега и овде во веќе еднаш случено во животот на Богочовекот Христос, и аскетско-исихастичкиот начин на живот, кој овозможува постојано благодатно продолжување на Христовиот живот во секој еден од нас до крајот на овој свет и век. Бидејќи првото е веќе многу пати толкувано и навидум лесно остварливо, јас и овој пат повеќе ќе се задржам на

второто – без кое ни првото не е возможно.

Да не заобиколувам и да не должам многу, ќе бидам директен и, ако треба, и досаден: само и единствено восогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, во вистинска смисла на зборот значи аскетско-исихастички начин на живот, кој овозможува постојано благодатно продолжување на Христовиот живот во секој еден од нас до крајот на овој свет и век. И уште еднаш: само и единствено восогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, во вистинска смисла на зборот значи православен духовен живот. Сè друго може да биде некаков вид на живот – без оглед на тоа колку свој а колку туѓ живееме; сè друго може да биде некаков вид на духовност – без оглед на тоа за колку духови се работи; но, само и единствено восогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме го има квалитетот на православност – право славење, и во теорија и во пракса, на Бог.

Нели е многу глупаво само на име да е некој православен, а со начинот на живот да е монофизит или несторијанец, или некоја од варијантите од широката лепеза помеѓу овие две навидум крајно спротивставени ереси? Нели е глупаво да се собереме денес како Црква за повторно да го чествуваме и да учествуваме во еднаш веќе случениот настан, а да немаме поим ни што се случува ни како се случува, што е исто?

Зошто толку инсистирам на ова? Затоа што, ако сме барем малку искрени со себеси, ќе признаеме дека начинот на нашиот живот не е во доволна мера восогласен со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме.

Ако беше доволно восогласен, сите ќе бевме носители на дарот на умносрдечната молитва – лошо, ама не сме. Исто така, инсистирам и затоа што ми се чини – дај, Боже, да грешам – дека некои просто не сакаат да знаат за овој дел од светоотечкото учење или, ако чујат, сакаат што побрзо да го заборават. Како повеќе да ни одговара комфорот на незнаењето и на компромисот со овој свет, отколку постојаното разобличување на сето тоа од страна на нашата совест. Полесно ни е да се залажуваме дека постиме, дека се молиме и дека чиниме добро – колку што можеме, во атмосферата на една безлична и magловита духовност, отколку да пролееме крв и да примиме Дух во согласност со точно определен и предаден од светите Отци, а денес и систематизиран, православен духовен живот и подвиг, во кој ниту себеси ниту другите можеме да ги лажеме.

Но, заради јасноста на словото, ќе бидам малку поконкретен. Како најлесно можеме да го забележиме, кај оние што се сметаат себеси за духовни, невосогласувањето на начинот на животот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаат, односно како најлесно може да се забележи водењето на неправославен духовен живот? Најлесно забележуваме кога гледаме дека некој озборува, суди и осудува. Истото важи и за нас самите, секој пат кога ќе се фатиме себеси дека озборуваме, судиме и осудуваме, треба да ни е јасно дека сме отстапиле од православниот духовен живот, односно дека начинот на нашиот живот не е восогласен со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме.

Зошто? Сум рекол: затоа што вистинското знаење е љубов, која надградува и произлегува од вистинска заедница со Бог и со луѓето; а лажното знаење е

осудување, кое разградува и кое не произлегува од вистинска заедница со Бог и со луѓето. Еве што практично значи тоа: не сме го очистиле своето срце доволно од страстите; заради тоа, благодатта на Крштението не се пројавила од нашето срце; заради тоа, нашиот ум не е молитвено привлечен во нашето срце; заради тоа, нашиот ум останува надвор од суштински допир со Божјата благодат; заради тоа, нашиот ум останува непросветлен и, нормално, ние не ги гледаме работите такви какви што се, односно не ги гледаме логосите на нештата.

Што значи тоа дека ние не ги гледаме работите такви какви што се, односно не ги гледаме логосите на нештата? Тоа никако не значи само дека ние не сме способни во најголем број на случаите да забележиме дали некој греши или не – нели рековме дека со начелното чистење на енергијата на нашиот ум ни е дадена светлина и расудување да видиме каде грешиме и да се поправиме, а таа светлина ние можеме да ја искористиме за да ги видиме грешките на другите и да ги судиме и осудуваме – туку значи дека не ја гледаме и не ја чувствуваме суштинската, соборната врска помеѓу нас самите и помеѓу сè создадено во Христос и немаме доволно сила благодатно да љубиме. Затоа, наместо да осудуваме, ние сме должни, и покрај сè, секогаш да ја бараме Божјата правда и да се трудиме аскетски да љубиме – што е навистина голем напор за нас (затоа што според непросветленоста и острастеноста на умот тежнееме кон осудување). Додека пак, на оној што има просветлен ум (а видовме погоре што значи тоа), поприродно му е да сострадува со оној што греши и да го љуби заради онтолошката, во Христос, врска што ја гледа и чувствува, отколку да го суди (за осудување не

станува збор) својот ближен; и, ако случајно (заради личен напад) и падне во судење на некого, многу лесно се ослободува од тоа искушение. Затоа првиот е во голема опасност да разградува и да направи смртен грев, а на вториот природно му е само да гради, како пречувствителен на губењето на благодатта – односно на ослабувањето на заедницата со Бог и со својот ближен.

Затоа, ајде вистински, во покајание, да повикаме заедно со светиот Апостол: *„Дури не ги видам раните од клинците на рацете Негови, и не го ставам прстот свој во раните од клинците, и не ја ставам раката своја во ребрата Негови, нема да поверувам“* (Јован 20, 25).

- 1 мај 2011 г. -

# Последици од животот таму и некогаш

## Униние или напуштање на конкретниот подвиг

Директна последица од животот таму и некогаш е отстапување од континуираниот православен духовен живот и подвиг. Фантазирањето и очекувањето на некакви подобри услови, за потоа некогаш сериозно нешто да се почне и да се направи, не одат заедно со конкретниот подвиг сега и овде. Ваквото однесување, согласно светоотечката терминологија, се нарекува униние. Да не навлегувам во детали, вообичаено униниeто се пројавува како нередовност или напуштање на молитвеното правило (со стоење и метании), неисполнување на правилото за читање (Свето Писмо и свети Отци), нарушување на правилото за пост (квантитативно и квалитативно), отфрлање на духовното раководство (суштински и формално), неисполнување на Христовите заповеди за милост и љубов кон ближниот – когошто Божјата промисла го носи во нашиот живот, итн.

Во отстапување од православниот духовен живот и подвиг (со знаење или од незнаење) би го сместил и невосогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме. Затоа што, напразно е ние и да имаме каков таков подвиг (во смисла на потпостување, подмолување, потчитнување, пододување во црковниот храм, потпомагање на ближниот, итн.) ако тоа истовремено не значи за нас и каков таков континуиран процес на исцеление и преобразување

на страстите. Отците тоа го споредуваат со собирање на вода во издупчен сад. Башка што со текот на времето само суетата ни расте, заради пресметаните години божем поминати во Црква и стекнатите права од тоа. Ужас.

## Неуспех

Директна последица на отстапувањето од православниот духовен живот и подвиг сега и овде, во најдобар случај, е вечното падни-стани на почетниот степен од духовниот развој. Јалово битисување. Отсуство на даровите од Светиот Дух Господ. А годините си поминуваат ли, и си поминуваат. Првата благодат одамна нè напуштила и само бледо се сеќаваме на тоа време. Почетниот подвиг сега ни изгледа невозможен. Помислата на него – застрашувачка. А сè повеќе и повеќе тонеме во конформизмот и компромисот со овој свет. Што би рекол свети Јован Лествичник: телото тежнее кон тело, црвот кон црв, а калта кон кал.

Синовскиот однос со нашиот Небесен Отец, како давање без да бараме, не ни е познат затоа што тој треба со труд да се гради и во него да се порасне. Наемничкиот замислен договор со Бог очигледно сме го напуштиле, затоа што невосогласениот подвиг со степенот на духовниот развој не ни носи резултати и корист. И единствено што нè држи во Црквата, колку толку живи, е робовскиот страв од Страшниот Судија, а полабава врска од тоа веќе нема. Ако Црквата е квасецот со кој треба да се закваси тестото на целиот свет, тогаш како ние такви какви што сме ќе ја исполниме

таа нејзина мисија, односно како ќе Го сведочиме, во сила, Богочовекот Христос во овој свет? Само синот може автентично да сведочи за својот Татко – заради суштината на својот однос, а не робот за Господарот.

## Неблагодарност

Благодарноста подразбира себепринесување, сега и овде. Таму каде што нема правилен подвиг, нема ни себепринесување. Каде што, пак, нема себепринесување односно благодарење на дело, нема ни со зборови, ни со мисли, ни со чувства. И да се случи благодарење со збор, без дело позади себе, тоа е само формално. Постојано нешто не ни оди како што треба и постојано сме нешто незадоволни. И постојано некој друг ни е виновен за тоа; а, за големо чудо, никогаш ние самите. Мислите ли дека можеме на ваков начин да учествуваме во Светата Тајна на Благодарноста (Евхаристијата), односно во светата Литургија?

Ајде, барем ние што се изјаснуваме како верни, малку да се смириме. Ајде да почнеме да Му благодариме на Бог барем за ‘ситните нешта’, за она што ни изгледа дека Тој е должен да ни го обезбеди. На пример, да спомнам само дека повеќето од нас сме живи и здрави, барем толку што основните лични потреби можеме сами да си ги извршиме. Не благодариме секојдневно за тоа оти мислиме дека тоа не е ништо? Сака ли да види некој од нас како би изгледало да го нема тоа? Вистина ви велам, кога случајно би го изгубиле здравјето, до толку, не би нѐ интересирала никаква слава ни власт, никакви пари и имот и никакви телесни задоволства, односно од

сето тоа би се откажале само здравјето да си го вратиме.

Затоа, ајде да благодариме за ‘ситните нешта’, па да почнат очите да ни се отвораат и за ‘покрупните нешта’. Оти еден ден навистина ќе треба Крстот да си го нарамиме на плеќи и на Голгота да се искачиме и таму, напуштени од сите, да бидеме распнати. Како тогаш ќе Му благодариме на Отецот ако од сега не се научиме, од ‘ситните нешта’? Како тогаш ќе влеземе во полнотата на себепринесувањето и на благодарењето, односно во полнотата на слободата и љубовта? Не верувам дека ова ве плаши, оти, го слушнавте денешното евангелие: *„Ќе настапи и време кога секој што ќе ве убие ќе мисли дека на Бог Му принесува служба“* (Јован 16, 2).

## Незадоволство – очај или депресија

Спомнав погоре дека постојано нешто не ни оди како што треба и постојано сме нешто незадоволни. За разлика од унинието, кое го опишав како бездејствие – сега и овде, очајот или депресијата се чувството кое го следи тоа бездејствие – сега и овде. Психолозите го дефинираат како разлика помеѓу посакуваното и оствареното. И нормално, никогаш нема да го достигнеме тоа ‘таму и некогаш’, без да вложиме труд сега и овде. Нашето ‘таму и некогаш’ е во Богочовекот Христос, односно не можеме да имаме иднина надвор од Него; и затоа иднината ни зависи од тоа, подвигот сега и овде да ни е во Него.

Според најновите научни истражувања, голем процент од светското население се соочува со проблемот на депресијата. Многу мал процент (2-3%) од тоа

депресивно расположение се должи на органско пореметување. Очигледно се работи за духовен проблем: колку повеќе апостасија (отстапување) од Бог, толку повеќе депресија; колку помалку благодат Божја во нашиот живот, толку повеќе депресија. А овој проблем не се решава со апчиња, туку, пред сѐ, со покајна молитва; не се решава во аптека, туку со подвиг во Црквата. А никако – со бегство од реалноста.

## Незнаење

Незнаење – Отците го оцениле како најголемо зло. Се чудев некогаш, кога првпат се сретнав со ова тврдење, зошто е тоа така. Потоа сфатив дека знаењето во православниот духовен живот произлегува единствено од опит, а не од читање книги. А најмногу се изненадив кога сфатив дека со губењето на духовниот опит се повлекува и духовното знаење. Замислете, мислите дека имате опит од духовниот подвиг, мислите и дека имате знаење за тој конкретен подвиг и мислите дека тоа знаење е вечна придобивка, но во периодот кога се напушта духовниот подвиг, не само што знаењето во голема мера ќе се изгуби туку и сеќавањето на сето тоа заедно. И тогаш се сфаќа опитно дека Божјата благодат, односно личниот однос и личната заедница со Бог – Отецот и Синот и Светиот Дух, ни е сѐ.

Колку да се потсетиме, само ќе спомнам дека автентичното познание (знаење) на Бог произлегува од опитот на Бог во нашето срце.

И на крај, сите овие појави од духовниот живот се взаемно поврзани и се проникнуваат – односно во

која мера ќе се појави едната, во толкава мера веднаш се присутни и другите – и се различни имиња за еден ист начин на живот, а тоа е животот таму и некогаш без Бог. Едноставно, затоа што тоа не е начин на живот сега и овде во Бог. Тоа е и разликата помеѓу приватниот, индивидуалниот – од една страна, и од друга страна – лично-соборниот светоотечки подвиг и опит во Црквата. Па макар првиот да го живее маса народ – правејќи го со тоа навидум сигурниот широк пат дури претесен и нелагоден, а вториот да го живеат малкумина – кои дури тесниот евангелски пат го чувствуваат широк и лагоден; зашто *„јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно“* (Матеј 11, 30).

- 7 мај 2011 г. -

## Нуспродукти од живеењето таму и некогаш

Речено е дека оној што нема свој живот го живее животот на другиот. Еден од нуспродуктите на живеењето таму и некогаш е живеењето не на својот туку на животот на другиот. Штом не го живее човек својот живот сега и овде, тогаш тој мора да се занимава барем со нечиј друг живот, за некако да живее; за некако да се чувствува жив. Тоа е еден вид проекција на остварување на своите страсти низ животот на другиот, заради неможност тоа да се оствари во својот реален живот. Сепак, животот на ваквиот човек поминува, пред неговите очи, што се вели, без тој самиот да го живее како свој живот и без да постигне нешто во него. Фиксацијата и зависноста, пак, на својот живот од нечиј друг е веќе болест. Живот овде и сега, да се потсетиме, е молитвата и послушанието – извршувањето на конкретните должности, односно тоа е заедницата со Бог и извршување на своите должности за добро и за спасение на нашите ближни – во слава Божја.

Ваквиот начин на живеење на животот на другиот се одвива во разни варијации. На пример, едни се занимаваат со животот на својот музички идол, други со својот филмски идол, трети со својот спортски а некои пак со својот политички идол, па семеен (на пример, децата), па религиозен итн., итн., нема крај. Набројувам работи кои горе-долу личат на нормални. Тие идоли можат да бидат поединци или групи. Најчесто се работи за комбинации од интерес за животот на своите идоли од разни области на современото постоење, а информациите за сите нив

се достапни преку масмедиумите и софистицираните, веќе, средства за комуникација. Не велам дека човек не треба да се одмори или да се забавува, да се информира или едуцира, но тоа треба да биде во рамките на нормалното и потребното.

Идол станува, и е, сето она со кое се занимаваме повеќе од што е нормално и потребно, а на штета на молитвата, на заедницата со Бог и на штета на извршувањето на нашето послушание. Со ова што го велам, сакам, од една страна, да ја разбијам основната претстава за идол, имено, дека е тоа нешто што ни е наместо Бог – бидејќи тоа ни служи како самооправдување дека ние веруваме во Бог и немаме идоли, а од друга страна, да го освестам искушението во кое реално паѓаме, дека всушност ни се случуваат многу идоли кои го заземаат местото на молитвата, местото на заедницата со Бог. На пример, еве еден критериум: недозволиво е работите да отидат до таму, па толку време да губиме пред разни екрани што и молитвеното правило да се напушти.

Постојат уште неколку подваријации на претходно опишаното, од кои би спомнал само две покарактеристични, бидејќи се содржат и во другите. Тоа се филмовите и социјалните мрежи. И двете појави се проекција на остварување на сопствените страсти низ животот на другиот кои, повеќе или помалку, спаѓаат во областа на имагинарното. За филмот нема потреба да се објаснува зошто спаѓа во областа на имагинарното, а за ретушираниот (разубавениот) личен профил, она замислено посакувано *јас* што го претставуваме, ќе се согласиме сите дека сигурно не е она незадоволно и разочарано *јас* што секојдневно реално го живееме,

инаку ќе немаше потреба да го истакнуваме на социјалната мрежа.

Ништо, само по себе, не е зло. И филмот и социјалната мрежа се само средства кои можат да бидат употребени за добро или за зло, во зависност од тоа дали преку нив ќе ги задоволуваме своите страсти или ќе ги исцелуваме и преобразуваме, во зависност од пораката што се испраќа или прима. Само немојте оваа моја последна реченица да ја искористите за самооправдување и самозалажување. Сите оние што се на степенот на очистување на своето срце од страстите треба многу да внимаваат при нивното користење и ништо во таа насока да не прават без благослов.

Ова што досега накратко го опишав е занимавање со животот на славните личности (таканаречените celebrities), реални или имагинарни, наместо живеењето на својот живот и остварувањето во него – кое ни се случува волно.

Има и занимавање со животот на другиот, наместо активно живеење на својот, кое ни се наметнува неволно. Поизразито се појавува во поширока група или заедница на луѓе од иста сфера на интереси. Тоа се појавува заради загрозувањето на остварувањето на нашите страсти или интереси што замислуваме дека се случува или може да се случи од страна на некој друг. Страста што најчесто ни се загрозува или мислиме дека ни се загрозува е славољубието. И да не се лажеме, тоа го доживуваме сите, во поголема или помала мера. Да ја немавме таа страст, ќе имавме умносрдечна молитва. Да ја немавме воопшто, ќе имавме непрестајна умносрдечна. Уште еден критериум.

Две работи треба да се спомнат тука за да ни

биде појасно. Прво, мора да се внимава на параноидните демонски помисли кои се обидуваат да нè убедат дека тој што си замислуваме дека ја загрозува нашата човечка слава, тоа го прави токму со цел нас да нè засени или со цел нам да ни наштети, помалку или повеќе. Зошто, на пример, не би било обратно? Особено за нас во Црквата, кога знаеме дека ако еден член од телото се прославува, тогаш сите се прославуваат (види 1. Кор. 12, 26). И второ, мора да се внимава на, свесниот или несвесен, обид на луѓето околу нас да нè убедат во истата лага.

Кога го спомнавме второто, треба да знаеме дека таквите луѓе воопшто не го прават тоа нас да нè заштитат и нашата позиција, туку исклучиво себе да се заштитат и својата позиција. Таквите нè сметаат само за едно од скалилата за своја автопромоција или некоја друга корист и единствената грижа им е тоа скалило да си е на своето место сè додека им треба. Ова е општа појава околу славните луѓе и луѓето кои заземаат високи позиции во општеството. Фала Му на Бог што ние во Црквата имаме подвиг на покајание и евентуалните вакви појави не траат долго, и брзо се простуваат и се заборавaат. Тешко на тие надвор.

Вистината е благодат, а лагата е нејзино отсуство. Оној што се грижи вистински за нас, ќе делува така што ќе ни помага Божјата благодат да остане во нас, а не така што ние самите да ја изгубиме. Затоа што само присуството на Божјата благодат во нас нè чува од психички и телесни страдања. Времето пак, што поминува, на крајот само ќе покаже дека ништо од замислуваните закани не било точно и дека само напразно сме страдале и страдаме.

И во двата случаи, и во волниот и во неволниот,

другиот станува нашиот пекол (Сартр) од проста причина што нашиот живот, кој ни е дар Божји, поминува покрај нас без ние да го живееме и да Му го принесеме како дар на Бог како и на секој човек, сега и овде, и без да ја добиеме благодатта Божја, односно Царството Небесно, сега и овде, во нашето срце.

Живеењето на животот на другиот може да биде и наш рај, но за тоа сум ви говорел и другпат.

Господи Исусе Христе, помилуј ме..!

- 14 мај 2011 г. -

## Како се случува?

Како се случува одреден грев на дело, за кој до само пред некој момент или на почетокот од неговиот процес сме биле сигурни дека не постои можност да го направиме, ние навистина да го направиме? Најопшто кажано, тоа е заради невосогласеноста на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме. Поконкретно кажано, тоа е заради слободата во однесувањето што си ја земаме пред време, пројавена преку мисли, зборови и дела; таа, пак, произлегува од големата идеја за самите себе, од знаењето што мислиме дека го имаме, од судењето и осудувањето, од демонската прелест.

Ако се потсетиме како сме живееле во периодот на влегувањето во Црквата и на добивањето на првата благодат, кога од многу страсти што дотогаш нè држеле во ропство како од шега се ослободивме, ќе заклучиме дека бевме многу повнимателни во контролата на помислите, зборувањето и дејствувањето, отколку сега. Не велам дека таа наша тогашна духовна состојба е некој идеал, но факт е дека бевме многу повнимателни и не си дозволувавме излети со помисла, со збор и на дело; и факт е дека ни изгледа подобра од сегашнава, иземајќи го стекнатиот опит.

Прашањето е: Ако првата благодат на првиот степен од духовниот раст, кој е очистување на срцето од страстите, ни го покажала веќе патот, односно ни покажала колку треба да сме внимателни во процесот на мислење, говорење и делување, како тоа ние без да го

надминеме тој степен и без да се најдеме на степенот на просветлување на умот, ја отфрламе таа внимателност и си дозволуваме слобода на помисла, на збор и на дело? Кој ни го дал тоа право или како, односно врз која основа, сами си го земаме? И најодозгора на сѐ, се чудиме кога ни се случуваат падови. И тоа, малите падови не ни беа доста, како предвесник за големите.

Мал пад ја нарекувам таа преголема слобода што си ја дозволуваме во однесувањето. Потоа демонот нѐ лаже убедувајќи нѐ дека тоа што сме го направиле не мора да го исповедаме кај нашиот духовен отец оти, нели, ем сме веќе искусни и можеме да си го дозволиме – како божем од некое расудување заради спасение на другите, ем да не го заморуваме со глупости. И тука веќе почнуваат големите падови, чиј прв знак е прекин на редовната исповед кај духовниот отец. Нормално, недозволиви појави за оној што сѐ уште го чисти своето срце од страстите на првиот степен од духовниот живот.

И сами можете да заклучите колкав голем и небранет простор му оставаме на демонот за делување. Како што рибарот малите риби веднаш ги извлекува со јадицата на суво и ги лови, додека големите, откако ќе се фатат на јадицата постепено ги влече накај себе, оставајќи ги прво да се заморат, па потоа ги извлекува на суво и ги лови; така и демонот, оние што живеат во светот заробени од своите страсти веднаш ги фаќа и ги лови, додека на оние што поверувале и на некој начин сакаат да се подвизуваат никогаш не им предлага директно чинење на грев, туку прво ги наведува со поприфатливи предлози за слободно однесување да останат без благодатта што ги чува, за потоа самите тие да посакаат и да го сторат гревот.

Верувам, ја сфаќате војната што се води околу нашите души: ниту е демонот толку глупав или неопитен, ниту сме ние толку неверни или бесловесни, па да добиеме од него предлог за директно чинење на грев. Он, просто, изнаоѓа разни начини ние да останеме без благодатта Божја, ние самите да се одделиме од Бог, а потоа му е многу лесно да нè вовлече во стапицата на гревот. Ова можете да го споредите со оние воени видеоигри каде што нашиот играч, или ние, после секој примен удар или здобиена рана остануваме без дел од нашиот живот, за на крај, после фазата црвено – како последна опомена, доколку воопшто ја забележиме, да бидеме победени или убиени.

И гледајте го сега чудото на љубовта Божја кон нас, деца, колку ние, иако уште под дејство на страста, сме заштитени од гревот и во што се претвораме кога самите ќе се откажеме од таа заштита. Колку сме ние всушност различни кога Божјата благодат е со нас и кога ние самите се откажуваме од неа. Во случај да ги искусиме и двете состојби, ќе се доживееме како два различни човека кои како да немаат врска еден со друг освен истиот идентитет на хартија. И запамтете, редовното, или честото причестување, само по себе не може да нè извлече од овој духовен лавиринт на паднистани состојба; дури, ако не се покаеме, може да биде и погубно.

Излез? Како што во видеоиграта имаме кутии за брза помош, до кои ако стигнеме, си го возобновуваме животот, исто како и кога му задаваме удар на непријателот, така и Богочовекот Исус Христос ни го оставил Својот голем дар на покајание и простување на гревовите – бесплатно, односно дарувањето на Својата

несоздадена благодат, до која ако преку мал подвиг сакаме да стигнеме, си го возобновуваме вечниот, несоздадениот живот во себе. Но, тоа покајание треба да биде лично и конкретно: смирено да го отвориме срцето и да се исповедаме пред духовниот отец и да го восогласиме начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме преку целосрдечно послушание.

Ова последново, кое постојано ви го повторувам, овој пат ви го предочувам како конечно отфрлање на судењето и осудувањето на другите – особено на оние за кои и не би смееле да помислиме (кое, како што знаеме, само покажува дека истиот грев живее во нас), за да не ни се случи првиот знак на последиците што допрва ќе следат, а тоа е слободното однесување несоодветно на степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме, со кое незабележливо се одрекуваме од Божјата благодат и ја губиме, за на крај и на нас да се оствари народната поговорка: видела жабата како го потковуваат коњот, па дигнала и таа нога. Не дај, Боже!

Малку е нејасно? Кој има уши да чуе, ќе слушне.

Господи Исусе Христе, помилуј ме грешниот..!

- 24 мај 2011 г. -

# Затоа Ме љуби Отецот

*„Затоа Ме љуби Отецот, зашто Јас душата Своја си ја полагам за да ја примам пак“.*

(Јован 10, 17)

Еве, деца, уште една евангелска реченица која со својата смисла и сила и овој пат љубовно ги отвора нашата душа и нашето срце за нашиот Небесен Отец и која за некое време нѐ воздигнува над сѐ земно и минливо, и нѐ ослободува од грижата за нив. Истовремено овие Христови зборови предизвикуваат одредени прашања за кои нашиот разум бара одговор, а пред сѐ прашањето за нивното точно толкување и значење. Но, едно е вдахновението, а друго е сиромашноста на словото. Како и да е...

На наемникот – не, но на секој синовски дух веднаш му пречи, и забележува, каква било причинско-последична димензија пројавена во односот со својот Отец. Затоа ли ме љуби Он, затоа што јас душата своја си ја полагам за Него или барем сум подготвен да го сторам тоа во секој момент? Инаку, не би ме љубел? Секако, тоа не е точно. Синот знае: Бог е љубов и просто – нѐ љуби. Одговорноста е секогаш наша, односно дали нашето срце е доволно подготвено и отворено да ја прими таа љубов во соодветна мера. Тоа е само наш подвиг. А Бог екстатично стои и чека на нашиот одговор, смирено. Тоа е точното толкување и значење на овие Христови зборови.

И пак, какво било предвремено барање за теолошко, односно персонално-тријадолошко, објаснување на безусловната Божја љубов, повторно може да биде само одраз на причинско-последичното поимање, во разумот на наемникот, на инаку совршениот личносен однос помеѓу Отецот и Синот и Светиот Дух, како и на односот помеѓу Отецот и нас. Познанието на Бог е, просто, својство на просветлениот ум. Не се стекнува со рационализирање на теолошки информации, туку со чистење на срцето од страстите. Да читаме прво и да слушаме она што е храна за срцето; за умот е лесно.

Ако е ова толкувањето и значењето на Христовите зборови, тогаш се поставува следното егзистенцијално прашање: Богочовекот Христос – видовме, но како јас својата душа си ја полагам за да ја примам пак? Односно, како тоа се случува на секој од степените од духовниот развој? Многу важно разграничување, за кое имаме говорено, а кое секогаш ја растрга маглата на безредието на неодредената и безлична духовност и повторно ни ги разоткрива редот и хармонијата на православниот духовен живот.

Најпрво да се потсетиме на други места од Светото Евангелие каде што Богочовекот Христос на сличен начин, но со исто значење, ни говори за полагање на душата: *„Кој ќе ја запази душата своја, ќе ја загуби, а кој ќе ја загуби душата своја заради Мене, ќе ја зачува“* (Матеј 10, 39); *„Ако зрното пченично што паднало на земја не умре, останува само; а ако умре – ќе донесе голем плод“* (Јован 12, 24). И светиот апостол Павле во своите посланија говори за истото: ...*да го отфрлите од себе стариот човек според поранешното живеење, кој се распаѓа во измамливите желби, да се обновите со духот на својот*

*ум и да се облечете во новиот човек, создаден според Бог, според правда и светост во вистината* (Ефес. 4, 22-24); *Така и вие сметајте се мртви за гревот, и живи за Бог, во Христос Исус нашиот Господ* (Рим. 6, 11); итн.

Севкупниот подвиг на првиот степен од духовниот развој го чувствуваме како полагање на својата душа, или како одрекување од неа, или како умирање на стариот човек, токму заради нашата заробеност или соодветна поистоветеност со нашите страсти кои, понекогаш, како диви ѕверови ја растргаат нашата душа со гревовни чувства, а нашиот ум со гревовни помисли. Затоа првиот степен и го нарекуваме очистување на срцето од страстите – според задачата што ни претстои. Значи, полагање на својата душа за првиот степен би значело екстремно одрекување од светот, од своите страсти – со кои просто се идентификуваме, а повторното примање би значело добивање на дарот на умносрдечната молитва. Ако некој доаѓајќи во манастир очекува тоа да го постигне без труд и мака – и телесни и душевни, и ако средбата со нив го збунува, тој не знае што прави. Ако некој, без реален опит, рече дека тој подвиг денес е претежок и невозможен, таквиот е слуга на демоните.

Ако веќе ги отфрламе овие две крајности, што ни останува да направиме? Ни останува да го восогласиме начинот на нашиот живот со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме и оттука па понатаму сериозно и континуирано да се подвизуваме. Накратко речено: целосрдечно послушание и врзување за словото на духовниот отец, а не за самиот него. Само така опитно ќе познаеме дека Христовото бреме е всушност лесно и дека јаремот Негов е всушност благ. Бреме – затоа што

ќе дознаеме дека тоа е сепак напорен подвиг. Лесно – затоа што ќе дознаеме дека имаме добиено благодат за тој подвиг. Јарем – затоа што ќе дознаеме дека сепак постојат одреден духовен ред и одредени духовни правила кои треба да се почитуваат. Благ – затоа што ќе дознаеме дека токму самото почитување на редот и правилата ќе ни донесе посакуван резултат: даровите на Светиот и Благ Дух.

Се случува на некои од нас преку наводното барање на некаква правда и некакви права како и заради наводно извршување на послушанието да им се поткрадува всушност само исполнувањето на сопствените страсти. Сакате да ви покажам како? Еве, на пример, како некои од моите духовни чеда не ја разбраа поентата од мојата последна беседа: ја напишав, главно, за да сфатат како преку слободното однесување, во смисла на ситно и незабележливо задоволување на своите страсти надвор од послушанието, постепено и незабележливо остануваат без Божјата благодат и така обессилени стануваат лесен плен на непријателот; но, некои од нив ја разбраа само како повик за почеста исповед, не знаејќи дека така ги поткрадува страста за блискост со мене, односно страста за човечка утеха. Ова е само еден од разновидните примери. Не можеме така да се откажеме од светот. Или мислите дека јас не знам што има во вас и кој од каква страст боледува? Или не знам што е духовно раководство, а што исповед? Но, ова е цела една нова тема.

Полагање на својата душа за вториот степен исто би значело екстремно одрекување од светот, од своите страсти, но сега во смисла на љубов и прошка за непријателите и колку што е можно повеќе молитвено

престојување со умот во срцето; а повторното примање би значело добивање на дарот на непрестајната умно-срдечна молитва. Со други зборови, задачата е иста. Ова е сѐ така, освен ако Црквата не го повика таквиот подвижник во делото на пастирската служба. Таквиот и самиот знае дека таа служба треба да заврши после некој разумен и нормален временски период за да го продолжи претходниот подвиг во својот изворен облик, освен ако во меѓувреме не настане прогон на Црквата; при што и во двата случаја целта на подвигот е иста – љубовта на Отецот.

- на свети Леонтиј Ерусалимски, 27 мај 2011, Водоча -

## За македонскиот идентитет

*Преку ноќта имаше Павле видение:*
*стоеше пред него еден човек, Македонец,*
*кој го молеше и му велеше:*
*„Премини во Македонија и помогни ни!“*
(Дела 16, 9)

Секоја нација има своја главна идентификациска идеја врз основа на која го гради својот идентитет како и своето времено (би рекол, под одредени услови, и вечно) национално единство, со цел да ги оствари своите времени (би рекол, под одредени услови, и вечни) национални цели. Заснован на главната идентификациска идеја, идентитетот потоа може и да се збогатува со други, помошни, идентификациски идеи и симболи. Појасно кажано, без континуирано креирање на помошни идентификациски идеи, кои денес би имале глобално значење и вредност, идентитетот на една нација е во опасност да исчезне.

Зошто велиме идентификациска идеја, а не велиме дека тоа со кое луѓето национално се поистоветуваат, односно идентификуваат може да биде и нешто само материјално (иако за некои луѓе и тоа не е исклучено)? Од две причини: прво, затоа што вообичаено како главна идентификациска идеја се појавува и се протежира идеализираната татковина (проекција за неа), а во тие рамки и некоја идеализирана историска личност (и така само личности ја прават историјата), или некој историски настан или симбол поврзани со неа; и второ,

затоа што идејата е неделива и истовремено секој може во потполност да ја присвојува без судир со интересот на другите, додека пак, материјалното е деливо и неговото присвојување создава раздори и несогласувања, па дури и војни помеѓу луѓето. Затоа и во областа на идеите владее слободата, додека во областа на материјалното – строго утврдените правила.

Идентификациската идеја воопшто не мора да зависи од ДНК, од крвното сродство или од мајчиниот јазик (на пример: САД; иако јазикот негде може да се појави и како главна идентификациска идеја), од границите (на пример: Евреите низ историјата и денес; кои се своевиден исклучок од правилото за определување на идентитетот) итн. Идентификациската идеја не е ни временски ограничена, може да биде од поново и може да биде од постаро време. Идентификациската идеја не зависи ни од артефактите и затоа не треба да се меша со антиквизација. Идентификациската идеја не е еднаш за секогаш дадена, таа подлежи на промени (Југословен, Европеец итн.). Идентификациската идеја е независна од што и да е. Идентификациската идеја може да се следи и освестено и неосвестено. Во нашиот случај, согласно погоре наведеното, беспредметни се расправиите дали Македонците се Антички или Словени или е тоа исто (и така нема чиста ситуација) и дали има артефакти или нема.

Идентификациската идеја има уште една димензија која заради нејзиното големо национално влијание и значење мора да се спомне. Имено, идентификациската идеја, како нешто што не се дели и како нешто што истовремено секој може во потполност да го има, образува синовски однос кон татковината и пријателски

или братски однос помеѓу луѓето соединети околу неа. Еднаш свесно прифатената идентификациска идеја потоа цврсто се вкоренува во емоциите на човекот, до толку што тој е спремен и животот свој да си го положи за неа (идејата – татковината). Таквиот не може да се заплаши или купи, со ништо.

Тоа не е случај со материјалното. Кога материјалното би било нешто со кое луѓето се идентификуваат, односно поистоветуваат, тоа, како нешто деливо и како нешто при чиешто присвојување се создаваат само поделби и непријателства, може да образува само наемнички или трговски однос кон татковината, и кон своите сограѓани. Никој кој има само трговски или наемнички однос кон татковината, не би си го положил својот живот за неа. На таквиот, татковина му е секоја земја од која би имал поголем интерес. Сепак, и во двата вида односи (синовски или трговски), засновани врз тесно хоризонталната идентификациска идеја, се работи за душевен а не за духовен процес, како и состојба.

Постои хоризонтален идентитет, за кој, главно, досега говоревме и постои вертикален идентитет, кој се определува од нашата вера. Православната вера не може да биде само тесно хоризонтална, односно национална идентификациска идеја, како што се пропагира меѓу некои номинално православни нации. Православната вера нема тесно национална димензија. Идентификациската идеја на православното христијанство има пред сѐ хоризонтално универзална и вертикално есхатолошка димензија: *Нема веќе ни Јудејци ни Елини* [Македонци или Албанци или Власи итн.], *ни роб ни слободен; ни машки ни женски; зашто сите* ние сме *едно во Христос Исус* (сп. Гал. 3, 28). Оваа состојба е духовна и се достигнува

преку соодветен процес на духовен развој. Светите Методиј и Кирил како и светите Климент и Наум се главно дел од вертикално-есхатолошката димензија на православно-христијанскиот идентитет на македонскиот народ, во чија основа лежи и мисијата на светиот апостол Павле. Хоризонталниот идентитет не смее да биде поставен во умот и срцето на православниот христијанин пред вертикалниот идентитет. Кога тоа би се случило, идентификациската идеја или идентитетот би се претворил во идол.

Секоја нација има своја главна идентификациска идеја како и помошни идентификациски идеи и симболи, од кои се содржи нејзиниот идентитет; па така и нациите на нашите соседни држави. Бугарите имаат свој идентитет, Србите – свој, Грците – свој и Албанците – свој. Кога говориме за историските идентификациски идеи, особено помошните, ирелевантно е колку се тие вистинити или колку се тие за верување (и така најчесто се работи за митови – победниците ја пишуваат историјата), или колку се тие смешни или сериозни, или колку тие ни се допаѓаат или не, или колку ни се тие познати или непознати итн. Родољубиво е да се почитува и својот идентитет како и слободното определување на другите нации за нивните идентитети. Ваквиот став теоретски го гарантира и меѓународното право како и меѓународните организации. Национализмот или етнофилетизмот го глорифицираат сопствениот идентитет и ги омаловажуваат туѓите идентитети и го негираат правото на луѓето за слободно определување на својот идентитет. Ваквиот став теоретски го осудува и меѓународното право.

Името на Република Македонија како и македонскиот идентитет (како веќе прифатен од мнозинството народ; и според последниот попис) е нераскинливо поврзан со идејата за античка Македонија, а во тие рамки и со идејата за Александар Македонски, како и со соодветните симболи. Ниту една друга идентификациска идеја не го оправдува името Република Македонија и името Македонец. Па дури и грчките предлози и кованици Горна или Северна Македонија како и Славомакедонци се незамисливи без идентификациската идеја за античка Македонија. Затоа, на пример, за ниту еден Македонец или за граѓанин на државата наречена Република Македонија или за странец не би требало да биде спорно (само по себе) поставувањето на симболот на таа идентификациска идеја – споменикот на Александар Македонски, како идентификациски белег, на главниот плоштад „Македонија" во главниот град на државата, во Скопје. Тоа е логиката на овој актуелен чин. Или можеби некој знае за друга хоризонтална идентификациска идеја, не знам? Важно, со овој идентитет што го имаме, со меѓународно утврдените права за самоопределување и со постоечката логика соодветствува овој идентификациски белег, односно споменик, и затоа мислам дека партиите непотребно се расправаат меѓу себе.

Секако, ниту е сè добро што прави партијата на власт, ниту е сè лошо што критикува партијата во опозиција. Спротивно мислење и делување од наведеното во претходната реченица е недостаток на политичка култура и демократија. Според мене, политички е легитимен обидот да се спори околу потребата на другите елементи или објекти од проектот Скопје 2014-та (од финансиски, стилски, содржински или друг аспект), но е непотребно и

штетно, од аспект на националните интереси, да се спори околу споменикот на Александар Македонски наречен „Воин на коњ“ на централниот плоштад во главниот град на држава наречена Република Македонија. Александар Македонски (како што е претставен), со неговите идеи за глобалниот свет (мултикултурно и мултиконфесионално општество и соживот) е дел од постоечката хоризонтална идентификациска идеја блиска за сите граѓани на Република Македонија, за сите народи и етнички групи колку што ги има во Република Македонија, па и пошироко. Идеализираната татковина Македонија, (според современите тенденции) може дури и наместо само етничка, да биде граѓанска идентификациска идеја.

Сега ќе се обидам да објаснам што значи практично сето она што погоре го разјаснив теоретски. Значи, не би требало она што за нас претставува идентификациска идеја или идентитет, без оглед на тоа дали се работи за хоризонтален или за вертикален, да биде предмет на спор помеѓу македонските политички партии. Не знам дали партиите гледаат или дали сфаќаат дека кај нас не се препознава она што значи црвена линија по ова прашање? А ако тоа не се препознава, тогаш прашање е како ќе опстане оваа држава или како ќе функционира понатаму. На пример, не може, под влијание на партиите, на еден дел од народот да му се допаѓа споменикот на плоштадот а на другиот не, и да постои суштинска поделба околу тоа. Или, не би требало на еден дел од народот да му се допаѓа идејата за изградба на црквата на Плаошник и обнова на Универзитетот околу неа, или пак идејата за веронаука, а на другиот не. Како што стојат работите, браќата Албанци многу попаметно делуваат отколку Македонците, и треба да се учи од

нив. На пример, која од албанските партии се побуни против споменикот на Скендербег (всушност – Георгиј Кастриот) или која од нив се побуни за веронауката или против идејата за изградба на џамија на плоштадот во Скопје, а сигурно само една од нив била иницијатор и имала непосредна политичка корист од тоа? Како Албанците препознаваат што е од значење за нивниот хоризонтален и вертикален идентитет, а Македонците – не?

Знам дека мнозина од оние кои, од незнаење или заради политичка пристрасност, досега не размислувале вака, сега ќе прашаат: „Добро, кога е така, мораше ли токму сега да биде поставен споменикот? Не можеше ли малку подоцна или порано?“ Мислам дека одговорот на ова прашање може повторно да создаде поделби; размислете и ќе видите – кој би го поставил? Затоа, подобро е да ги обединиме силите околу она што нè поврзува, отколку безмерно, бесцелно и бесперспективно да се трошиме на она што е помалку важно и што нè дели, и така општествено-политичкиот живот е постојана надградба. Во Светото Писмо пишува: *„...секој град или дом ако се раздели на противни групи, ќе пропадне“* (Матеј 12, 25). А за влез во ЕУ и во НАТО воопшто не треба да се грижите; ако опстанат, сигурно ќе влеземе (и со Александар и без него) – во светскиот процес на глобализација тоа малку зависи од нас. Затоа, скоро секое спомнување на темата евроинтеграции во тој контекст од страна на политичките партии во медиумите денес е нејзина политизација за дневно-политички потреби. Политичките партии имаат многу други економски и социјални теми околу кои можат со право да се расправаат, но со конкретни проекти

и предлози, а не со празни зборови; пред сè заради доброто на граѓаните, а потоа заради влез во ЕУ.

Има уште едно прашање: Кој непосредно може да се грижи за проектите кои се со идентитетско значење, а кој посредно? Нормално, непосредно – партијата што е на власт, без оглед на тоа која и да е таа во моментот. Таа добила мандат за тоа од мнозинството на гласачите и таа ќе се грижи; особено ако проектот ѝ е веќе најавен и познат на граѓаните и пред изборите. Сето ова што го пишувам е според учебникот за правилата на демократија. Од друга страна, најдобро е партиите, кога се работи за проекти од идентитетско значење, најнапред да се договорат помеѓу себе за нив. Идентитетските прашања или проекти не смеат да бидат основа за чисто партиска промоција; тоа е несоодветно со нивното општо национално значење. Секако, еднаш овие историски идентитетски прашања и проекти треба да се затворат за партиите да можат попосветено да се погрижат за поквалитетен и подостоен живот на граѓаните, односно попосветено да помогнат во креирањето на современи помошни идентификациски идеи од глобално значење, многу поважни за современиот идентитетски опстанок.

Помошни идентификациски идеи од локално, регионално, а особено од глобално значење, ја збогатуваат и засилуваат главната идентификациска идеја. Всушност, без нив главната идентификациска идеја, со време, би се изгубила. Затоа слободно може да се заклучи дека недостатокот на помошни идентификациски идеи од глобално значење во областа на науката, културата, економијата, спортот итн. ја ставаат Република Македонија во подредена позиција во преговорите за влез во ЕУ, а не македонски идентитет сам по себе.

Во тоа и ја гледам улогата на една современа и прогресивна македонска влада: постојано да се грижи за создавање на услови за појавување на нови помошни идентификациски идеи од глобално значење и вредност по коишто секој ќе нè препознае и признае. И уште нешто, да не заборавиме, иднината на хоризонталниот идентитет во потполност зависи од неговиот однос кон вертикалниот идентитет. Хоризонталниот идентитет од него го црпи своето вистинско вдахновение потребно за историското – временото опстојување. Впрочем и вистинскиот личен идентитет секогаш го црпиме од вертикалниот идентитет. Затоа, возобновувањето на монаштвото е најзначајната вертикална помошна идентификациска идеја што ѝ се случила на Македонија на крајот од дваесеттиот век.

Пишувам како православен епископ загрижен заради поделбите во својот народ и земја, во обид да ги превенирам можните посуштински поделби отколку што се политичките. Православниот епископ е независен од етничките и политичките поделби, тој е должен на сите да им биде сè: на Македонците – Македонец, на Албанците – Албанец, на Власите – Влав итн., само некого да придобие за Христос (види 1. Кор. 9, 22) – тоа е пастирска идентификација од која единствено зависи неговата подобност. Тој не е повикан да дели, да партизира или да етнизира, туку да собира и да обединува. Но, кога политиката ќе ги помине границите на дозволеното, тој е должен да интервенира, не осврнувајќи се на дискриминаторските стереотипи од видот: Црквата да не се меша во политиката! Неговата интервенција не значи партиско определување, туку сведоштво на вистината.

Православниот епископ има единствено вертикално-есхатолошки идентитет, токму заради тоа да може да се идентификува со чиј било тесно хоризонтален идентитет, односно за да може на сите да им биде сѐ. Некој мора да остане, кој ќе го покажува и патот кон Небесната Татковина – општа за сите нас, и кон Отецот Небесен – Еден за сите нас.

- 22 јуни 2011 г. -

## Проблемот на современото монаштво

*„Но, бидете совршени, како што е совршен вашиот Отец Небесен“.*

(Матеј 5, 48)

Сведоци сме дека современиот монах, живеејќи во манастирски услови, има можност да избере помеѓу доброто и совршеното, и дека тој најчесто го избира доброто наместо совршеното. Тоа е неговата прва карактеристика, препознатливиот белег. Христијанинот во светот, живеејќи во световни услови, најчесто има можност да избере само помеѓу доброто и лошото. Ако тој го избере доброто, тогаш која е разликата помеѓу добриот христијанин и добриот монах? На ова прашање вие сакам да ми одговорите на крајот од оваа поука. Јас само ќе ви помогнам.

Ако некој сака да биде совршен монах, знаеме добро дека таквиот најнапред треба да умре за светот, да постигне потполно туѓинување (она што сме го објаснувале како екстремно одрекување од светот), сè до добивањето на дарот на умносрдечната молитва. За ова многу пати до сега сме говореле и пишувале. Своеволна комуникација со светот, пред добивањето на дарот на умносрдечната молитва, за монахот со сигурност значи задоволување на некоја страст, а токму страстите го држат срцето затворено за спомнатиот вид и квалитет на молитва. Дури и задоволството што го предизвикува комуникацијата со светот, иако извршена по послушание, е многу штетно од аспект на

совршенството. Што вели Евангелието за монахот кој не умрел за светот: *„Вистина, вистина ви велам, ако пченичното зрно не падне во земјата и не умре, останува само; а ако умре, донесува многу плод“* (Јован 12, 24). Замислете – останува само!? Овој збор „само“ бара уште цела една посебна беседа, но вие размислете сами што значи тоа.

И уште во Евангелието се вели: *„...ги знам делата твои: ти не си ни студен ни жежок; о, да беше студен или жежок! Така, бидејќи си млак, и не жежок, ниту студен, ќе те изблујам од устата Своја“* (Откр. 3, 15-16). Оној што е лош монах, е студен; оној што го избрал доброто наместо совршеното, е млак; а совршениот е жежок. Добрите се млаки бидејќи мислат дека ништо лошо не прават, се држат формално за некакви правила и постепено го губат почетното покајание – без свест дека треба нешто да променат. Живеат живот без даровите на Светиот Дух – изблуени од устата Негова. Лошите многу повеќе имаат прилика да се покајат, затоа што барем знаат дека се лоши и имаат свест дека треба нешто да променат, како што Христос вели во Евангелието: *„Вистина ви велам, дека митниците и блудниците ќе ве испреварат во Царството Божјо“* (Матеј 21, 31).

Јас само би го дообјаснил претходно кажаното со следниов дел од Евангелието: *„Да бевте од овој свет, тогаш светот ќе го љубеше своето; но бидејќи не сте од светот, туку Јас ве избрав од светот – затоа светот и ве мрази“* (Јован 15, 19). Се сеќавате како сум ви говорел за ова: Господ сѐ мудро устроил за наше спасение и духовно растење. На првиот степен од духовниот раст, чистењето на срцето од страстите, демонот има дозвола да нѐ нападне само од внатре преку помислите што ни ги

предлага, а согласно страстите од коишто сме заробени. На вториот степен, просветлувањето на умот, демонот нема сила да нѐ нападне од внатре бидејќи срцето е доволно очистено од страстите (така што ние не сме дел од светот, или поинаку речено, под контрола на демонот); и за да го поттикне непреобразениот дел од нив, тој има дозвола да користи не само помисли туку и реално искушение преку луѓето, неговите слуги (кои се дел од светот т.е. под контрола на демонот).

Значи, кој е тој „*свет*“ што нѐ мрази? Според светите Отци, тоа се демоните како и луѓето коишто, наоѓајќи се под нивна контрола, ја исполнуваат нивната волја. А кој не е дел од светот? Само кога сме во апсолутно (слепо, или, совршено) послушание на нашиот духовен отец, односно кога сме вистински на патот на очистувањето на нашето срце или кога веќе доволно сме го очистиле срцето од страстите и сме го добиле дарот на молитвата во срцето, ние престануваме да бидеме дел од светот. Апсолутното послушание е подвиг којшто е карактеристичен само за првиот степен од духовниот раст, а не и понатаму. Оние чие срце е заробено од страстите (и затоа не го знаат местото на срцето и го немаат дарот на умносрдечната молитва), а не се ни во послушание кон духовен отец, се сѐ уште дел од светот.

Светот го гледа како добар монахот што го одбрал доброто наместо совршеното, го фали, го препознава своето – тоа е втора карактеристика на таквиот монах. Додека, пак, совршениот монах го гледа како луд, опрелестен, грешен, во најдобар случај чуден и несфатлив. Затоа, секогаш кога светот нѐ фали и вели дека сме добри, а ние сме уште на првиот степен од

духовниот раст, да го искористиме тоа и да се потсетиме – дека сме ја утнале работата.

Вака отец Агатон го опиша современиот добар монах:

– Добриот монах не прави ништо лошо, се воздржува од грев, оди на служби, служи Литургија, пее на певница, го гради и го чува манастирот; прима посетители, ги советува; има мобилен телефон; има свој вебсајт; има фејсбук профил преку кој изложува лични информации, поуки од светите Отци, поставува духовна музика; преку интернет се интересира за актуелната состојба на Црквата, прима корисни информации за случувањата во светот, комуницира итн. Се занимава со сè и сешто освен со умносрдечната молитва.

Сестра Леонтија, пак, ни го објасни зборот *„само“*:

– Зборовите *„ако зрното пченично што паднало на земја не умре, останува само; а ако умре, ќе донесе голем плод“*, во Евангелието (Јован 12, 24), значат дека ако монахот не умре за светот (своите страсти), останува сам – вон вистинска заедница со Бог и вон заедница со останатите околу себе. Давање на плод е добивањето на дарот на умносрдечна молитва и остварувањето вистинска личносна заедница со Бог и со останатите околу себе, со своите ближни.

И, еве како сестра Анастасија одговори на моето прашање поставено на почетокот, за разликата помеѓу добриот христијанин и добриот монах:

– Монахот е повикан на совршенство. Што значи тоа? Тоа значи дека не е повикан како монах да го остварува само она што е ‘добро’ – особено според критериумите на светот, туку е повикан на евангелско совршенство – *„Бидете совршени како што е совршен*

*вашиот Отец Небесен“* (Матеј 5, 48). Луѓето во светот се повикани, ако ништо друго, барем да прават добро, односно да го остваруваат тоа на дело. Но, ако монахот го остварува само она добро како и луѓето во светот, која е разликата помеѓу некој кој тоа го живее во светот, и монахот кој живее во манастир? Тоа значи дека човекот во светот на некој начин го исполнил својот повик, а монахот – не, бидејќи тој се одѕвал на повикот за совршенство, а не го исполнил.

Не го кажувам ова за да си одите од манастир дома или, не дај Боже, дека нема да се спасите. Ви кажувам едноставно дека ќе се спасите само самите себе – *„останува само“*. Исто како и тие што живеат и чинат добро во светот.

- 1 август 2011 г. -

## Енергетска самостојност?

Деца, еднаш ви го претставив светоотечкото предание дека всушност на гората Тавор се случува промена и преображение што се однесува пред сè на Апостолите, а не толку на Христос, бидејќи што може да Му се додаде на Оној во Кого пребива сета полнота на Божеството телесно (види Кол. 2, 9)?! Затоа, на овој благден, не го славиме пред сè преображението Господово, туку преображението на Апостолите, и, што е најважно, можноста за нашето преображение. Светите Апостоли се вонредно обдарени од Светиот Дух да можат да ја видат божествената светлина, а Богочовекот Христос само им го покажал тоа што го имал од моментот на воплотувањето. Толку се преобразиле и обожиле во тој момент, не само со душата туку и со телото, така што и со своите преобразени телесни очи можеле да Го видат Богочовекот Христос во Неговата несоздадена светлина. Го виделе Богочовекот таков каков што Он е и ги виделе логосите на битијата.

Редовно созерцание, а не вонредно и привремено (како што им се случило на тројцата Апостоли), според светите Отци, е возможно само на третиот степен од духовниот развој, на кој преку обожителната благодат, веќе лично усвоена, се гледа божествената несоздадена светлина со преобразените телесни очи – *„Во Твојата светлина ќе видиме светлина“*.

Како што спомнав, најзначајно нешто што ние добиваме како дар Божји е можноста за нашето преображение. Три вистини овој пат ќе ви предочам и нагласам,

кои сакам да ви останат во сеќавање, од овој ден; и, дај Боже, да ги претворите во пракса, да останат освестен дел од вашето секојдневие:

Прво, не треба да заборавиме дека ние не сме енергетски самостојни битија, ниту материјално ниту духовно, и дека нашето вистинско постоење зависи од друг енергетски Извор. А ние, всушност, сосема погрешно, живееме како да сме енергетски самостојни битија. На пример: без молитва, без причест со Христос итн., итн...

Второ, ние никогаш не можеме толку совршено да се подвизуваме колку што тоа може да ни го 'намести' Божјата промисла. Само Бог може да направи услови за подвиг во кој ќе се стекнеме со вистинско смирение, а од тука па натаму и со сите дарови Божји. Нашите подвизи се поврзани со малку суета, дури и кога се во послушание.

И трето, не треба да ги потиснуваме страстите, туку да ги преобразуваме. Затоа што, потиснатите страсти во поволни за нив услови ќе се вратат назад со уште поголема сила и жестина, а очистените и преобразените ќе функционираат нормално и во најголеми искушенија. Ова е еден од клучните проблеми што, на пример, останува суштински нерешлив за модерната психотерапија.

Да се вратиме на првото. Ние не сме енергетски самостојни битија. Ние сме како уред на батерија – додека таа трае функционираме, кога ќе ослаби паѓаме. На пример, како еден персонален компјутер. Или можеби е подобар примерот со светилката кога е во прашање нивото на нашиот духовен раст; на првиот – заради губење на благодатта, а на вториот – заради пречувствителноста. За нормално да функционираме, постојано треба да сме вклучени на енергетскиот Извор, Кој покрај

тоа што ни дава енергија да постоиме како словесни битија, ни дава енергија (ако сакаме) и за благобитие, како и енергија за вечно благобитие. Се исклучиме ли од Изворот – барем ние христијаните, престануваме духовно да функционираме. Духовно мртвило и духовна темница. Живи мртовци, луѓе без вистинска радост и смисла на животот.

Нас нè интересира повеќе практичната отколку теолошката димензија на оваа вистина: Како да ги препознаеме знаците дека ни следува исклучување? Наједноставно, секогаш кога со негодување ќе се прашаме „Зошто е, Господи, ова вака (или онака)?“, или кога ќе почнеме да се жалостиме, нервираме или гневиме (освен против гревот и демонот) за нешто што не е по наша волја, треба да знаеме дека наскоро ќе бидеме потполно исклучени од Изворот. Исто така, ние не благодариме и не сме во послушание ако Бог (или духовниот отец) треба да ни објаснува кои се причините на послушанието и што или зошто Тој (тој) прави нешто вака или онака. Тоа е уште еден знак пред исклучување.

Знакот што го опишав повеќе се однесува на делот од нашиот живот кој се нарекува неволен подвиг. Со него почнав затоа што, какви што сме горди и суетни, најчесто на спомнатиот начин Господ ни го чисти и преобразува срцето од страстите (или нè восовршува). Што се однесува до волевиот подвиг, знак дека ќе бидеме исклучени е, на пример, прекинот на молитвеното правило. Ако, пак, воопшто не извршуваме молитвено правило со метании, или пак не постиме, со сигурност да знаеме дека сме веќе исклучени. Гледате и сами колку првата вистина е поврзана со втората.

Значи, второ, никогаш ние не можеме толку совршено да се подвизуваме колку што тоа може да ни го ‘намести’ Божјата волја. Затоа (веќе сум говорел за ова), секоја лоша вест за нас или лошо случување или болест или неуспех и слично треба да ги примаме како дар Божји и најсрдечно и со доверба да Му благодариме на Бог. Тоа не значи дека треба да бидеме пасивни во нашиот духовен живот – напротив, но резултатот од нашиот труд треба смирено да го примаме. Тоа Отците го нарекуваат неволен подвиг, во смисла дека се случува без учество на нашата волја, односно дека ние не сме сакале тоа да се случи, но сепак со благодарност го примаме кога веќе се случило. Не ли заблагодариме – исклучени сме. Како што еднаш реков – преку неволните страдања да се надополни и она што недостасува до совршеното; за разлика од волевиот аскетско-исихастички подвиг, кој свесно и во послушание го преземаме.

Господ е единствениот совршен лекар на нашите души и тела. Он единствен знае низ што сè ние треба да поминеме за да успее да го изделка Својот лик на нас. Он единствен знае како да изгради спасителна личносна заедница со нас, заради нас. Нема поголемо или поинтересно или поисполнето постоење или поголема радост од тоа да Му го препуштиме и предадеме нашиот живот Нему, на Неговата света волја. Ако сме христијани, во ова треба да веруваме. Ако сме Христови, ова треба да го знаеме.

И трето, не ли го восогласиме нашиот подвиг со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, со сигурност да знаеме: ние се наоѓаме во процес на потиснување на страстите, а не во процес на преобразување на страстите. Потоа ќе се чудиме кога потиснатите

страсти во поволни за нив услови ќе се вратат назад со уште поголема сила и жестина. Другата опција е дека потиснатите страсти ќе се вратат во вид на некоја душевна или телесна болест. Во секој случај ќе се вратат.

Со оглед на ваквиот избор на оние кои ни од што претходно постоечко во битие се приведени (односно кои не се енергетски самостојни), има назад? Назад – нема!

Христијанскиот живот и подвиг не е гол индивидуален морализам, некакво просто воздржување и нечинење на грев. Тој е конкретно, аскетско-исихастичко-литургиско, живо учество во вистински живиот живот на вистински живиот Бог, во Црквата. Тој е единствено вистинско постоење во единствениот вистински Бог, Света Троица – Отецот, Синот и Светиот Дух.

- 19 август 2011 г. -

## Успение на Пресвета Богородица

*Во она време влезе Исус во едно село; една жена по име Марта Го прими во својот дом. А таа имаше сестра по име Марија, која седна крај нозете Исусови и го слушаше словото Негово.*

*Марта се беше, пак, зафатила со многу работи и, кога застана, рече: „Господи, зар нејќеш да знаеш дека сестра ми ме остави да служам сама? Кажи ѝ да ми помогне“.*

*А Исус ѝ одговори и рече: „Марто, Марто, ти се грижиш и се трудиш за многу работи. Но само едно е потребно. Марија го избра добриот дел, кој нема да ѝ се одземе“.*

(Лука 10, 38-42)

Не случајно е посочен како евангелско четиво на денот токму овој извадок од Светото Писмо. Самиот Господ, Богочовекот Исус Христос, ни посведочи на сите дека Марија го избрала подобриот дел. Марта е примерот за избор на доброто, додека пак, Марија е примерот за избор на совршеното, согласно она што минатиот пат ви го говорев.

Говорејќи за Пресветата Владичица наша Богородица и Секогашдева Марија, ние сме ставени во позиција да говориме за Некој Кој е совршен, а тоа е просто невозможно за нас со оглед на духовната состојба во која се наоѓаме. Но, сепак една мисла ќе споделам со вас, која ме вдахновува деновиве пред благиот ден:

Имајќи го предвид фактот на Адамовиот пад и наследството од тој пад пренесено на нас, со нас се случи следново неискажливо: Небесниот ни подари земно раѓање, а Земната ни подари духовно раѓање. Од тука па натаму моето слово преминува во молитвен восхит и молчание; и длабок прекор – зошто сè уште, кога ќе се спомне Нејзиното име, не пролевам секогаш солзи?

Пресвета Богородице, прости ни!

- 28 август 2011 г. -

# Учителка

Деца, овојпат сакам да споделам со вас некои мои сознанија, доживеани како одредени случувања, кои ги чувствувам како клучни во мојот духовен живот, а се надевам и вам многу ќе ви помогнат. Примете ги како проста исповед (без многу објаснување) и помолете се за мене бидејќи, иако знаев, многу потфрлив во исполнувањето.

Еднаш, во својата младост, во книгата „Старец Захариј“ (1850–1936) го прочитав следново: „Старецот многу се радуваше кога некој од неговите духовни чеда го исполнува молитвеното правило на Богородица, кое се состои од тоа молитвата ‘Богородице Дево’ да се кажува секој ден по сто и педесет пати. Мајката Божја Самата го има устроено ова правило, но луѓето уште одамна го пренебрегнале, пренебрегнувајќи го така и послушанието кон Богородица Патеводителката, нашата Радост“. Го доживеав прочитаното како за мене да се однесуваше и со голема радост го прифатив.

Уште велел: „Ништо не започнувајте, чеда мои, без благослов од Царицата Небесна. А кога ќе го завршите делото за кое сте барале благослов, заблагодарете Ѝ на Неа, брзата Помошничка во сите добри дела“. Рековме дека секој Божји дар само преку Неа го добиваме. Од таму и молитвата: „Господи Исусе Христе, заради Богородица, помилуј нè!“

Во истата книга го прочитав и ова: „Свети Серафим Саровски (1759–1833) исто така на своите духовни чеда им го препорачуваше ова правило. На

монахињите од Дивеевскиот манастир им советуваше секојдневно, шетајќи околу ѕидот на манастирот да ја изговараат молитвата 'Богородице Дево' сто и педесет пати. Во келијата на овој светител е пронајдена необична книгичка со опис на чудата кои им се случувале на луѓето кои го држеле ова молитвено правило". Точно, прво се чуда, а потоа секојдневна реалност. Се запишуваат единствено за да се поттикнат верата и подвигот на другите.

Следниот извадок од свети Григориј Палама објаснува од каде произлегува ваквиот однос, посебно на нас монасите, кон Богородица Марија: „Пресветата Дева, престојувајќи во храмот, се ослободи од сите тварни окови и ги отфрли сите врски, истовремено воздигнувајќи се над сожалувањето кон сопственото тело и собирајќи го умот во сосредоточеност кон него самиот, со внимание и во непрестајна божествена молитва. И преку неа [молитвата], Таа целата Своја стана и се воздигна над разнородното мноштво помисли, воспостави нов и неискажлив пат кон Небото, којшто јас ќе го наречам молчание на умот. И предавајќи го Својот ум на ова молчание, ја наткрили сета твар, и подобро од Мојсеј ја виде славата Божја, и беше посветена во божествената благодат, која никако не е подложна само на силата на чувствата, туку претставува прекрасно и свештено созерцание, својствено за непорочните души и умови. Бидејќи причесна на ова созерцание, Пречистата – како што пеат црковните химни – стана светлоносен облак на навистина живата вода, зора на таинствениот ден и огнена кочија на Логосот".

Би го подвлекол само следново: *се ослободи од сите тварни окови и ги отфрли сите (земни) врски*

*и восӣосӣави нов и неискажлив ӣаӣ кон Небоӣо.* Во неколку збора е собрано сето она што постојано ви го говорам за восогласувањето на начинот на нашиот подвиг со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме, односно за екстремното туѓинување од првиот степен до добивањето на дарот на умносрдечната молитва. Ниту ќе имаме, ниту пак сакаме, подобар образец и учителка за собран и внимателен живот на внатрешниот човек од Пречистата Богородица Марија.

Но како, сето ова, го знае свети Григориј Палама? Секако, само од личен опит. Прочитајте го неговото житие, од кое сега ќе ви претставам еден мал исечок:

„Еден ден, на Света Гора, кога Григориј беше задлабочен во молитвата кон Бог, одненадеж пред него застана светлозрачен и благолик маж, свети Јован Богослов, и умилно гледајќи кон него го праша: 'Зошто ти, молејќи Му се на Бог, секојпат постојано повторуваш: *просветли ја мојата темнина, просветли ја мојата темнина*?' Григориј одговори: 'Што друго би барал освен тоа: да се просветлам и да познаам како да ја творам Светата волја Негова?' Тогаш светиот Евангелист му рече: 'По волјата на Владетелката на сите, Богородица, отсега јас ќе бидам со тебе неотстапно'".

Колку убаво: „По волјата на Владетелката на сите, Богородица..." Гледате, деца, како Таа – нашата Учителка, внимава на трудот на оние кои го следат патот што им го покажала и како ги поткрепува?

Еве и уште нешто од мојот мал опит, собран во Нејзината Школа, кое секој од вас може веднаш да го присвои и во пракса да го вкуси, без никакви посебни подготовки:

Кога даваме (кога Му се принесуваме) преку молитвата на Бог без да бараме, тогаш молитвата ни е собрана, а кога бараме од Бог нешто, тогаш нашиот ум се расејува.

Кога молитвата не е цел сама по себе (се мисли на постојаното повторување на името Христово), туку цел е заедницата со Бог, тогаш молитвата се кажува во дух на покајание; и обратно.

Кога во молитвата Го бараме само Бог, тогаш срцето се отвора и умот влегува во него, а кога го бараме отворањето на срцето, тогаш тоа се затвора.

Ајде повторно и оваа година – како во годините наназад, на Нејзиниот ден, да го обновиме нашиот подвиг – молитвеното правило „Богородице Дево..." Оваа молитва, за нас раслабените, е последна брана пред злото што навира од сите страни; и на личен план и на план на заедницата. Но, овојпат, не без плач и солзи – без оглед на тоа дали на нив се самопринудуваме или ни доаѓаат од благодатта. Не без покајание, пред Неа.

- 21 септември 2011 г. -

## Крстовден

Овој ден посебно, како и секој ден, го чествуваме Крстот Христов и се поклонуваме пред него. Овој ден, како и секој ден, треба да се преиспитуваме дали сме ние вистински поклоници на Крстот Христов. За таа цел, ајде сега да се потсетиме на неколку од димензиите на Крстот Христов, преку што ќе можеме полесно да се преиспитаме самите себеси.

Прво, Крстот Христов е љубов кон Бог и кон секој човек. Во суштина средбата со кој било човек во нашиот живот е еден испит за нашата љубов кон Бог. Љубовта од Бог ја имаме изобилно во секој миг од нашето постоење, без оглед на тоа колку сме ние свесни за тоа или не. Единствен проблем на нашиот живот е како ние возвраќаме на таа љубов. Е, тоа возвраќање треба да се случи при средбата со секој конкретен човек, а сите знаеме дека тоа не е лесно. Особено не е лесно да го љубиш оној што ти мисли зло, што ти зборува зло и што ти прави зло, а ти тоа го знаеш. Затоа, да не философирам многу – што се однесува до љубовта кон луѓето, еднаш треба да си решиме дека ќе им даваме љубов без да ја бараме од нив, и ќе си бидеме мирни. Ако еден ден ни вратат, а тој ден сигурно ќе дојде (љубовта никогаш не престанува – 1. Кор. 13, 8) – слава Му на Бог. Сфатете го тоа како предизвик, како врвно сведоштво Христово во овој свет – да го љубиш и тој што ти прави зло.

Второ, само Христовиот Крст ни носи Воскресение. Кога човек чини грев, тогаш тој за (многу) малку време

има телесна сладост (вклучувајќи ја тука и душевната), за потоа долго време (додека не се покае) да има душевна болка (од која произлегува и телесната). И обратно, кога човек чини добродетел, тогаш тој за одредено време има телесно и душевно страдање, но никогаш без утеха од Светиот Дух, за потоа да доживее голема духовна сладост. Духовната сладост и утеха ни овозможува побрз духовен раст затоа што ни покажува колку сме далеку од Совршениот и не нѐ остава да ги заборавиме оние што сѐ уште страдаат. *Таговната радост, радосната тага* на старец Силуан.

Трето, Крстот Христов има своја внатрешна аскетско-исихастичка димензија. Ако умот не го зако178ваме на нашето срце, тогаш ниту ќе можеме да го погребаме во него, ниту пак, ќе воскресне од него. Ова е најважната димензија на Крстот, но за ова сум ви говорел и сум пишувал многу пати.

И четврто, што е можеби најблиску и најразбирливо за сите нас бидејќи се случува на сите степени од нашиот духовен развој: кога ќе сториме грев (без оглед на тоа дали со дело, збор или помисла), не треба да останеме паднати, туку колку што е можно побрзо треба да станеме и да се покаеме. Ние сме воини Христови. Веднаш треба да станеме, да се покаеме и да ја продолжиме битката и да го возвратиме ударот на нашите непријатели – началствата, властите, световните управители на темнината од овој век, поднебесните духови на злобата (види Ефес. 6, 12). Паѓањето и станувањето е нормална појава во животот на секој воин. Не е нормално да се падне и да се остане така – тоа е карактеристика на демоните. Не смее да ни се случи ноќе да отидеме на почивка, а во нашето срце да

владеат последиците од сторениот грев: непокајание, непријателство, непростување, помисли и слично. Тоа е знак дека демонот зазема значаен простор во нашето срце и знак за лични несреќи и страдања.

Господ Исус Христос и Неговата Пречиста Мајка, Кои будно ја следат нашата духовна борба, нека ни дадат сила цврсто да застанеме на своите сопствени нозе и верно да ги сведочиме Крстот и Воскресението што ни ги предадоа!

- 27 септември 2011 г. -

## За мудрите и неразумните девојки

*„Тогаш Царството Небесно ќе заприлега на десет девојки кои ги зедоа своите светилници и излегоа да го пречекаат младоженецот. Петте од нив беа мудри, а петте – неразумни. Неразумните, како ги зедоа светилниците свои, не понесоа со себе елеј; а мудрите, заедно со светилниците, зедоа во садовите свои и елеј; и бидејќи младоженецот се забави, сите задремаа и заспаа. А на полноќ се чу викање: 'Ете, младоженецот иде, излезете да го пречекате!' Тогаш сите тие девојки станаа и ги приготвија своите светилници. Неразумните, пак, им рекоа на мудрите: 'Дајте ни од елејот ваш, зашто нашите светилници гаснат'. Мудрите им одговорија и рекоа: 'Да не би да не ни стигне и нам и вам: подобро отидете кај продавачите и купете си!' А кога отидоа тие да купат, пристигна младоженецот и спремните влегоа со него на свадбата, и вратите се затворија. Потоа дојдоа и другите девојки и викаа: 'Господаре, господаре, отвори ни!' А тој им одговори и рече: 'Вистина, ви велам: не ве познавам!' И така, бидете будни, оти не го знаете ни денот, ни часот, кога ќе дојде Синот Човечки".*

(Матеј 25, 1-13)

Деца, ајде да видиме, ако тргнеме од аскетско-исихастичкиот принцип и пристап во толкувањето на оваа евангелска приказна, што би бил светилникот, што светлото, а што маслото, итн.

Девојките се нашите души. Светилниците се нашите срца. Светлото што свети од светилниците е благодатта на Светиот Дух. За да може да светне и да серојави благодатта на Светиот Дух во нашето срце, која ни е дадена како залог (влог) при светото Крштевање, срцето мора да се очисти од страстите и да се отвори. Тоа очистување се случува со наше учество во светите добродетели и Светите Тајни на Црквата. Од добродетелите би го издвоиле подвигот на постојаното аскетско кажување на молитвата во срцето. Значи, маслото што мудрите девојки го понеле со себе, а кое на неразумните им недостасувало, е токму тоа лично усвојување на благодатта и личниот однос со Бог внатре во нашето очистено и преобразено срце. Заспивањето во ноќта, во којашто чекаме да дојде младоженецот кој се забавува, е нашето упокојување. Со доаѓањето на младоженецот на полноќ се претставува Второто Христово Пришествие и Воскресението од мртвите. *„Тогаш праведниците ќе светнат како сонце во Царството на нивниот Отец“* (Матеј 13, 43).

Според мене, до тука, оваа евангелска приказна може да се толкува на овој историско-есхатолошки и аскетско-исихастички начин, но не и од тука па понатаму. За понатамошно толкување ќе ни треба лично-педагошкиот пристап.

Мудрите девојки многу добро знаат дека елејот не може да се купи од трговците (продавачите), така што нивниот одговор се однесува токму на нас денес, кои повторно го читаме овој евангелски исечок – ние да се потсетиме на начинот на кој се здобиваме со благодатта на Светиот Дух и ние да не ја повториме истата грешка – а не на неразумните девојки. Во спротивно, нивниот

одговор би бил неумесен црн хумор, што е несоодветно на евангелскиот дух. Би сакал, доколку сте прочитале за друго толкување на ова делче од Евангелието, да ми напишете во вашите коментари, затоа што јас немам време да барам.

Исто, одењето кај трговците како последен погубен чекор нѐ потсетува дека не можеме да градиме личносен однос со Бог доколку со Него одржуваме трговски или наемнички однос на „ако ми дадеш – ќе Ти дадам". За ова сум ви говорел и другпат. На тој начин никогаш, освен можеби пред крај, не ќе можеме да поминеме од првиот на вториот степен од духовниот развој. Оној којшто во своите падови и подигања се труди да гради личносен однос со Младоженецот Христос и има барем мал опит од тој однос, ќе остане и ќе Го дочека без оглед на тоа во каква состојба се наоѓа, затоа што знае дека ќе биде спасен со едно „прости ми".

Кога веќе го спомнавме Второто Пришествие Христово, се потсетив на една мисла од некој свет Отец кој за времето на антихристот рекол (приближно вака) дека тогаш ќе ги изгубат душите само таквите кои и во денешно време ги губат. Не дај, Боже! Пресвета Богородице, спаси нѐ!

- 8 октомври 2011 г. -

## Облекување во монашка облека

Ние кои сме го избрале овој пат секогаш треба да останеме деца Божји. На првиот степен од духовниот развој да останеме деца Божји со апсолутно послушание, вера и доверба во духовниот отец, што подразбира верба и доверба во Бог; на вториот степен – со барање Божја а не човечка правда, за што е потребно многу аскетска љубов и кон непријателите, и на тој начин да го достигнеме и третиот степен, што е вистинското восиновување.

Демонот ни нуди таков модел на живот во овој свет (почнувајќи од воспитувањето во семејството па натаму) со кој преку задоволувањето на нашите страсти сака да нè направи негови робови. Господ, пак, нè повикува да го земеме својот крст и да се одречеме од себе ако сакаме да станеме слободни деца Божји. Потребно е да се одречеме од себе затоа што робовски сме поистоветени со своите страсти, кои станале наша втора природа. Ѓаволот постојано ни ветува дека ќе ни даде уште поголемо задоволување на страстите, а преку тоа ветување нè мами (нè држи како во стапица) правејќи од нас уште поголеми робови; додека Господ однапред сè ни дал, пред сè Царството Небесно внатре во нас, односно Светиот Свој Дух, Кој во нашето срце повикува „Ава Оче!“, а не бара ништо за возврат. Е токму тоа постојано безусловно давање и таа постојана родителска грижа, без оглед на нашите гревови, прават срцата на децата Божји постојано да горат за Него.

- 13 октомври 2011 г. -

# Покров

Ако сакаме да го сфатиме значењето на славењето на благиот ден на Покров на Пресвета Богородица, мислам дека најдобро ќе ни помогне размислувањето и потсетувањето околу значењето на Господовите зборови: „Јас дојдов болните и грешните да ги спасам, а не здравите и праведните“ (види Матеј 9, 12-13; Марко 2, 17; Лука 5, 31-32). Го знаете одговорот: Богочовекот Христос дојде да ги спаси оние што мислат за себе дека се болни и грешни, а не оние што мислат за себе дека се здрави и праведни.

Вистински, пак, болни и грешни можат да се доживеат себеси само оние кои се подвизуваат, и тоа не како било, туку само оние кои начинот на својот живот и подвиг го имаат восогласено со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаат. Значи не е доволно само да мислиме за себеси дека сме духовно болни и грешни – тоа е лажно смирение и вистинска прелест. Вистинска мисла и чувство за грешност може да произлезе само од реален и правилен подвиг. На пример: велиш дека си грешен и се надеваш на покровот од Пресвета Богородица. Добро, ќе те прашам: Ја кажуваш молитвата „Богородице Дево“ 150 пати дневно? Ако твојот одговор е „не“, знам дека и твојот подвиг е млак. Да беше топол, ќе го видеше своето несовршенство во однос на исполнувањето на Христовите заповеди и едноставно ќе заплачеше пред Богородица. Тоа е покров.

Кога веќе ви говорам, да ве потсетам уште нешто: Знаете дека сум ви забранил причестување со

Телото и Крвта Христови доколку сторите нешто непримерно за духовниот живот преку кој сте се посветиле или ако не сторите нешто што е потребно за ваш духовен развој. Секако тоа не сум го направил за да ве казнувам, туку за да го освестам во вас фактот дека тие чинења или нечинења сами по себе ве одделуваат од светата Заедница, така што дури ни јас самиот не можам да ве ослободам од обврската што ја имате – значи останувате непричестени. Потоа немојте да се чудите на последиците; а плодовите на Светиот Дух ви се познати (види Гал. 5, 22).

Секако, за вистинскиот послушник и подвижник доста е само словото на неговиот отец – Отец. За него свети Јован Лествичник вели: „Оној којшто наполно се одрекол од самоволието, дури и во нешта што му изгледаат добри, духовни и богоугодни, стасал на целта уште пред да зачекори“. Нитката на исполнување на волјата Божја кај децата Божји се протега низ сите степени од духовниот развој иако на различен начин се пројавува. Вистинските деца Божји секогаш ја следат волјата на својот Небесен Отец без оглед на тоа што таа секогаш води на Голгота и Крст. Нормално, Крстот Христов нема никаква врска, дури е сосема спротивен на славата, богатството и сладостите од овој свет. Ова нешто, демек, требаше да нѐ исплаши?

- 14 октомври 2011 г. -

## Два модела на живот

Христијанскиот живот, од една страна, е многу едноставен и содржи во себе многу нормални и природни дејствија и постапки за кои никој здраворазумен не би спорел; и кои не бараат некој којзнае каков напор да се извршат. Ви говорам конкретно за помошта на оние кои на кој било начин страдаат. Особено станува едноставен и лесен ако се организираме како Црква, како заедница, за да не падне товарот на поединци. Тоа е живот полн со благодат Божја и животна радост без оглед на материјалните услови во кои живееме.

Од друга пак страна, излегува дека, генерално, во пракса не е сѐ така едноставно: луѓето сѐ почесто стануваат егоисти, го гледаат само својот сопствен интерес и подготвени се дури и другите да ги жртвуваат за да го остварат тој свој интерес и за да ги задоволат своите барања. Сѐ поретко го нарушуваат својот комфор заради помош на страдалните. Тоа е живот без благодат Божја и без животна радост, полн со немир, неизвесност и страв, без оглед на материјалните услови во кои се живее.

Уште сега сме сведоци на еден предзнак и слика на Страшниот суд: *Елате, благословени од Мојот Отец; наследете го Царството... оти гладен бев, и Ми дадовте да јадам; жеден бев, и Ме напоивте; странец бев, и Ме примивте; необлечен бев, и Ме облековте; болен бев, и Ме посетивте; во затвор бев, и дојдовте кај Мене* (Матеј 25, 35-36). И, *одете од Мене, проклети, во вечен оган приготвен за ѓаволот и неговите ангели* (Матеј 25, 41),

за оние кои постапуваат обратно од тоа.

Зошто е тоа така? Меѓу другото и заради егоцентричниот модел на живот, којшто буквално ни се наметнува уште од најраната младост. Уште со нашиот влез во семејството стануваме центар на внимание, некој на кој треба да му се задоволат сите потреби. Така третирани уште од младоста, во соодветно време, стануваме неспособни да се соочиме со реалниот свет. Таму веќе нè чека демонот со истиот модел на живот, само сега воспоставен на глобален план, и за да го оствариме тој модел, треба да се судриме со многу такви егоцентрични индивидуи – сите желни за световна слава и власт, за световно богатство и световни телесни задоволства.

Секако, малкумина успеваат да го остварат тој модел, некои продолжуваат да се борат, а сè повеќе и повеќе луѓе влегуваат во кризата на очајот на неостварените желби во актуелниот модел. Сите заедно, пак, заборавaат дека само Бог како Творец на човекот, според Неговиот образ и подобие, може да го исполни човекот со полнотата на животот и дека таа полнота воопшто не зависи од квантитетот и квалитетот на задоволувањето на страстите, од остварувањето на моделот.

Од тука, како што имаме спомнато и порано, произлегува бегството од реалноста и кај успешните и кај неуспешните. Неостварениот, скршениот модел на живот, или остварениот, за кој луѓето замислувале дека ќе им донесе исполнување, најлесно се заменува со имагинарниот свет на дрогата, алкохолот, телевизиската програма, компјутерскиот свет, филмовите и слично. Но, да се вратиме на темата.

За да ги исполниме Божјите заповеди за љубов кон ближниот и за да се исцелиме, ни треба сила. Таа сила или благодат Божја ја добиваме во Светите Тајни на Црквата, пред сè на Светата Литургија, каде што се причестуваме со Телото и Крвта Христови, со Самиот Богочовек Христос. Затоа внимавајте да не поминуваат вакви денови, кога го чествуваме светителот и кога епископот ви служи во Светата Литургија, без да се причестите. Тоа беше главниот услов да дојдам овде меѓу вас.

И уште нешто. Не смееме да останеме на просто верување во Бог и во Неговото постоење и делување во овој свет. Нашата вера треба постојано да расте и да се претвора во знаење. Сето она што заради вера во Бог го правам, ми носи опит – а опитот е веќе знаење. Секој пат кога ќе му помогнам на оној што страда, Бог ми се открива и јас веќе не верувам во Него, туку знам дека постои и нè љуби. Тоа е процес на постојано восовршување во заедница и познание на Бог. Затоа светиот апостол Павле вели: *Сега гледам нејасно како во огледало, а тогаш – лице во лице; сега знам нешто, а тогаш ќе знам како што сум познат* (1. Кор. 13, 12).

- 23 октомври 2011 г. -

# Плачот на душата

*Во она време, се случи Исус да оди во градот наречен Наин; и со Него одеа мнозина Негови ученици и многу народ. А кога се приближи до градската порта, ете, изнесуваа мртовец, единствен син на мајка си, а таа беше вдовица; и многу народ од градот одеше со неа. Штом ја виде Господ, се сожали на неа, па ѝ рече: „Не плачи!“ И кога се приближи, се допре до носилото; носачите застанаа, а Он рече: „Момче, тебе ти велам, стани!“ Мртовецот стана и седна, почна да зборува; и ѝ го предаде на мајка му. И страв ги опфати сите, и Го славеа Бог и велеа: „Голем пророк се јави меѓу нас“; и: „Бог го посети Својот народ“.*

(Лука 7, 11-16)

Во оваа евангелска парабола, мртовецот го претставува умот на човекот, а мајка му е душата човекова; носилата на кои е положен мртовецот се човековите гревови (страсти), додека пак, носачите – демоните. Воскресението на мртовецот е образ на првото просветлување.

Сакајќи да извлечам духовна корист од оваа евангелска парабола, не претендирајќи на единствено можно толкување, ќе си замислам вака: мртовецот го носат носачите на носила надвор од градот – умот е мртов, умртвен од своите страсти лежи во грев, и демоните го носат во правец во кој тие сакаат, надвор од безбедноста на Царството.

Мајката плаче: умот нема никаква контрола над

таа ситуација, додека пак, душата плаче над и заради таквиот ум и тагува. Интересна состојба, што би ја споредил со состојбата на умот на човек кој се наоѓа во некоја многу тешка зависност. Само и заради овој момент ми е предизвик толкувањево. За оваа духовна состојба добро е да се размисли и да се дискутира: умот е немоќен да нè извлече од духовното беспатие на кое се наоѓаме, но нашата душа плаче пред Бог заради тоа. Изгледа дека и тогаш имаме надеж.

Штом ја виде Господ, се сожали на неа, се приближи (повторно и повторно: Тој нас прв нè возљуби, а не ние Него) и се допре до носилото – му подари на умот простување на гревовите како исцеление од зависноста. При тоа носачите застанаа: демоните повеќе не можат слободно да делуваат ако не се поврзани со страстите.

Христос му рече: *„Момче, тебе ти велам, стани!“* Умот ја доби првата благодат на очистување на неговата енергија, и му се случи она прво просветлување, а со тоа доби и власт над гревот – мртовецот стана и седна на носилата.

И почна да зборува – почеток на молитвата. Молитвата е показател дека умот е жив.

Исус го предаде назад жив единствениот син на мајка му – душата ја добива назад едната од трите сили, словесната (најважната).

Господи Исусе Христе, обрати ми се и мене, без личен подвиг и умртвен од страстите, и само заради мојата тага по Тебе воскресни ме, та да бидам жив за Отецот мој Небесен, а мртов за гревот, во Црквата на Светиот Дух.

- 30 октомври 2011 г. -

## Конкретно проверливо

*„Ако светот ве мрази, знајте дека Мене светот уште пред вас Ме замрази. Да бевте од овој свет, тогаш светот ќе го љубеше своето, но бидејќи не сте од светот, туку Јас ве избрав од светот – затоа светот и ве мрази. Помнете ги зборовите што ви ги реков Јас: ниеден слуга не е поголем од својот господар. Ако Мене Ме гонеа, и вас ќе ве гонат; ако Моите зборови ги запазеа, и вашите ќе ги запазат“.*

(Јован 15, 18-20)

Слушнавте уште еднаш, како и многу пати до сега, што вели Господ Христос: *„Ако светот ве мрази, знајте дека Мене светот уште пред вас Ме замрази“*. Затоа, еве уште една можност да се потсетиме што во суштина значат овие зборови. Значат и дека подвигот на христијанството во овој свет е неразделно поврзан со подвигот на мачеништвото. Всушност, тоа е еден и ист подвиг. Ако сакаме да се нарекуваме христијани во овој свет треба да бидеме маченици.

Што подразбираме ние, христијаните, под ‘свет’? ‘Свет’ се, пред сè, непреобразените страсти што постојат во нас; ‘свет’ се гревовите што ги правиме; ‘свет’ се демоните поврзани со непреобразените страсти и ‘свет’ се луѓето коишто заробени од своите страсти им служат на демоните. Внатрешната или (и) надворешната војна што постојано ја водиме со ‘светот’ или ‘светот’ против нас, односно напорот, страдањата и болките што ги претрпуваме притоа, за да останеме во љубовта што ја

негуваат чедата Божји кон својот Отец Небесен и кон своите ближни, нас нѐ прават маченици.

Со други зборови, секогаш кога нема да ги исполнуваме страстите и гревовите, односно секогаш кога се бориме да се ослободуваме од нив и кога страдаме во таа борба, стануваме маченици. Претходното е првенствено опис на внатрешната борба што ни се случува на првиот степен од духовниот развој – очистување на срцето од страстите. И секогаш кога демонот ќе нѐ нападне однадвор преку луѓето што се негови слуги, затоа што не ќе има можност да нападне од внатре преку непреобразените страсти, и кога ние страдаме во таа борба, стануваме маченици. Претходното е првенствено опис на надворешната борба што ни се случува на вториот степен од духовниот развој – просветлување на умот.

Веќе се наѕира што произлегува од досега кажаното – во една реченица: секогаш кога ќе успееме начинот на нашиот живот да го восогласиме со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, ние стануваме маченици. Тоа значи дека маченииштвото е исто така духовен подвиг чија вистинитост може да се провери според плодовите што ги носи. Оној што ќе пострада мачекички на првиот степен, во внатрешната борба со своите непреобразени страсти и демоните поврзани со нив, ќе го стекне плодот на дарот Божји на аскетската умносрдечна молитва. А оној што ќе пострада мачечки во надворешниот напад од страна на луѓето – демонските слуги, ќе го стекне плодот на дарот Божји на непрестајната умносрдечна молитва и гледањето на божествената светлина.

*А ако пак, некој војува, сепак венец не добива, бидејќи не се борел според правилата* (2. Тим. 2, 5).

Нормално, оној што нема да го восогласи начинот на својот живот и подвиг со степенот на духовниот развој на кој се наоѓа, нема ни да ги види плодовите на Светиот Дух, ниту пак може да се смета за маченик. На пример, доколку некој тврди дека е маченик затоа што демоните или луѓето го гонат, а ги нема соодветните дарови на Светиот Дух – како што е умносрдечната молитва, таквиот подобро да се запраша каков непромислен потег направил за тоа да му се случи, отколку таква идеја да негува за самиот себе. За жал, најчесто прелеста го попречува покајанието. Затоа повеќето христијани скоро до крајот на својот живот остануваат на првиот степен од духовниот развој, без да ги почувствуваат радоста, мирот и светлината на восогласувањето односно, на умносрдечната молитва.

Зошто најчесто ви говорам во конкретни, а не во општи духовни категории? Затоа што ако говориме за љубов, радост, мир, повлеченост, смирение, тивкост, благост или пак, преподобност (тука и монаштво), маченииштво и јуродивство, без притоа сите овие општи категории да се потврдени со печатот на умносрдечната молитва како конкретно проверлива категорија, ние само ширум ги отвораме вратите на прелеста, од која Пресвета Богородица и Секогашдева Марија и светиот великомаченик Димитриј да нѐ спасат.

- 9 ноември 2011 г. -

## Знаци на напредок?

Добив едно прашање од вас, деца, во кое (како што разбрав) се интересирате како да познаете дали напредувате во православниот духовен живот, додека се наоѓате на првиот степен од духовниот развој – очистување на срцето од страстите, а сè уште го немате дарот на аскетската умносрдечна молитва.

Пред воопшто да говориме за знаци на напредок, треба прво да видиме дали е исполнет главниот и единствен услов за водење на православен духовен живот, а тоа е восогласувањето на начинот на нашиот живот и подвиг со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме. Без ова восогласување, може да стане збор за сè освен за православен духовен живот.

Бидејќи неколку пати до сега сум пишувал што значи тоа восогласување на првиот степен, сега само накратко ќе се задржам на таа тема, опфаќајќи ја со два збора – апсолутно послушание (целосрдечно послушание, слепо послушание) до отворањето на срцето за умносрдечната молитва, а не и потоа. Знам дека овие два збора кај некои од вас предизвикуваат внатрешен отпор, ама не се чудете, тоа се само демоните поврзани со непреобразениот дел од страстите кои врескаат внатре во нас, не поднесувајќи го ни самото слово за Крстот, а камоли маченичкото сведоштво. *Стана послушен дури до самата смрт, и тоа смрт на Крст* (Филип. 2, 8).

Зошто послушание? Деца, мораме еднаш да сфатиме дека православниот духовен живот во Црквата на Живиот Бог е конкретно (и проверливо) предание.

Благодатта на Светиот Дух, примена преку Светите Тајни на Црквата, се активира и се актуелизира и се предава и се усвојува во конкретен личносен однос помеѓу духовен отец и духовно чедо. Нашиот ум треба конкретно да се смири пред нечиј друг ум и на тој начин да влезе во процес на исцеление, во процес на предание. Ова е вообичаениот пат по кој поминуваат скоро сите. Има и исклучоци, но прелест е ние да си мислиме дека спаѓаме во нив – дека не мора да го поминеме востановениот пат. Исклучокот си знае – не си мисли, но и цело Небо и земја и поднебесје него го знаат; како што го знаат, на пример, светиот апостол Павле.

Откако ќе го исполниме и обезбедиме основниот услов за православен духовен живот, многу е добро кога тој услов би можел од страна на духовниот отец да биде конкретизиран, а од духовното чедо остваруван, во следниве три правила: прво, неприфаќање и непоистоветување со помислите, чувствата и желбите без нивна претходна проверка само со духовниот отец; второ, правилното исповедување, при што треба да се исповеда состојбата на нашето срце создадена во моментот и после искушението, без самооправдување и без осудување на другите; трето правило е континуиран, нагласен телесен и, во рамките на послушанието, молитвен подвиг (според силите) сѐ до отворањето на срцето, после што истиот треба да се восогласи со условите што ги бара умносрдечната молитва.

Со овој подвиг се поставуваат и рамките, основата, амбиентот за плач, со што монахот (или секој) може да го добие дарот на солзите и да престојува во духот на покајанието – а тие непрелесно го водат кон умносрдечната молитва.

Сè што е спротивно на наведените правила е пречка за нашиот духовен развој. На пример, прво, колку повеќе ќе прифатите и ќе се поистоветите со одредена помисла, желба или чувство, толку повеќе ќе го принудите духовниот отец да ви снисходи, што истовремено значи и соодветно напуштање на процесот на исцеление на умот, односно на чистење на срцето. А отецот снисходи затоа што евентуалното негово одбивање, заради вашето поистоветување со страстите, вие ќе го доживеете како отфрлање на вашата личност и нељубов од негова страна. Личносниот однос, пак, меѓу отецот и чедото е единствена основа врз која отецот внимателно може да ги дозира духовните лекови потребни за исцеление и спасение на своето чедо и затоа треба да остане колку што е можно непопречен. Мислам дека на сите ни е јасно какво губење на време и непотребно трошење на сили е ова и за 'двете страни' во овој процес. Има и граници на снисходењето, а има и неразумно снисходење, што е друго прашање.

Втора голема пречка се таканаречените 'паралелни односи'. Тоа се случува кога за одредени наши поистоветувања и прифаќања, како и за одредени наши гревови, разговараме и ги споделуваме, освен со духовниот отец, и со некој што ни е нам близок. Ако оваа појава продолжи, нормално е дека со време ќе се приклониме кон оној со кого нè врзува посебно пријателство, а ќе се отклониме од духовниот отец, затоа што првиот (исто болен како нас) ќе ја потврдува нашата острастеност, а вториот ќе ја сече. Нормално, негувањето на таквиот паралелен однос со време повлекува и сокривање на помислите и делата од својот духовен отец и нивно споделување само со оној со когошто градиме посебно

пријателство и којшто ни угодува. Паралелните односи, или попознато во светоотечката литература како негување на посебно пријателство, заедно со криењето на помислите (чувствата, желбите) и постапките се најглавните причини за напуштање на духовниот отец.

Отсуството на континуиран аскетско-исихастички подвиг е третата пречка. Знаеме веќе дека третата пречка нè вбројува, сите нас што ја живееме, во групата на наемници. Градењето на 'дај ми – на Ти' однос со Бог, нема да нè удостои со дарот на молитвата на срцето, со дарот на восиновување.

Во онаа мера во која го исполнуваме главниот услов, конкретизиран и остваруван преку трите правила, во таа мера ќе ги забележиме и знаците на духовниот напредок. Но, да не заборавиме, тоа сепак не смее да биде наша проценка и оценка. Нашиот духовен напредок нека го оценува нашиот духовен отец и соодветно нека нè води, а конечното вреднување го оставаме на Бог. А знаци на духовен напредок (значи, условно земено), според светите Отци, се: доверба во Бог, синовски однос кон Богородица, внатрешна послушност кон духовниот отец, безгрижност во однос на световното (или вистинско туѓинување), нерасеаната (или чиста) молитва, солзите при таквата молитва, барање на Божјата правда, брзото простување и барање прошка, молитва за оној што нè повредува, брзо враќање на мирот после претрпеното искушение, држење на последното место, благодарност на Бог за сè, итн., итн. Да не должам, во зависност од тоа колку нештата се случуваат побрзо или поспоро, така се оценува и напредокот, во самиот степен на духовен развој.

Добро, за некого знаци на духовен напредок

би биле: да почне да чита свето Евангелие, да си го врати молитвеното правило, да си ги врати со (во) него и метаниите, да се принуди на аскетски плач, да оди да се исповеда кај духовниот отец, и сето она што вообичаениот побожен живот го бара од нас...

Најјасен знак дека нешто, сепак, може да не е во ред е кога повеќе години поминуваат, а дарот на умносрдечната молитва е отсутен од нашиот живот.

Гледате, значи, се работи за комбинација од услови и знаци за да се состави мозаикот на духовното напредување. Ваша главна задача е исполнувањето на условите, а на духовниот отец – да внимава на знаците на напредок (или исцеление) и соодветно на тоа да делува и раководи. Ова го велам затоа што знаците земени посебно и од нас оценувани можат да излажат. На пример, нешто што личи на подвиг на аскетско смирение, може да биде само резултат на стекнато душевно и интелектуално искуство или да се заснова на омаловажување на другите или да е последица на потчинетост. Нешто што личи на ревносен аскетски подвиг, може да биде само хранење на суетата. Нешто што личи на послушание, може да биде само привремено глумење додека да се оствари замислената цел итн. А духовниот отец сето тоа го знае и го гледа...

Немојте да се плашите од ова што ви го напишав. Целта е да се отрезниме од опијанетоста со овој свет, да се покаеме и да се подвизуваме во познание. Ги знае единствениот Човекољубец, Богочовекот Христос слабостите на нашата природа, знае дека попрво би земале отколку да даваме, знае дека нашиот живот е падни-стани, ги знае условите на суптилен прогон во коишто живееме и растеме како христијани. Знае дека ни треба

и одмор и забава и мир, итн. Ние пак, веруваме во Неговата љубов и промисла за нашето постоење во ова време и на овој простор. Веруваме, и знаеме веќе, колку голем дар Негов е тоа што сме православни. Знаеме од опит колку многу ни дава за она малку што го добива од нас. Ни треба само еден мал, но континуиран, колку што може, подвиг; после сите падови и повторни исправања, линијата на нашиот животен графикон сепак да покажува нагорно движење. Ни треба, само, малку да одвоиме време и за Него.

Знаете што, деца, во ова наше време, Господ Христос ми заличува на многу богат но осамен Човек, Кој и сега многу ни дава – како да ни е нешто должен, но Кој за едно мало внимание е подготвен да возврати со огромен дел од Своето богатство; и сè помалку го има тоа внимание. А светите Отци силно посакуваа да живеат во ова наше време, и не им беше дадено; не за лесно да добијат, туку за да дадат и да посведочат. Се прашувам сега: Каква ли неискажлива привилегија е ова за нас, или можеби огромен срам?

- 13 ноември 2011 г. -

## Три ориентири

Пак ме инспирираа вашите исповеди, за да го напишам ова што следува – што е лошо. Како не сфаќате, на толку зборување и повторување, дека (најчесто) кога ќе се видите во духовна темница и без благодат, треба веднаш да знаете дека сте промашиле негде и дека сте надвор од Христовиот пат? А, многу лесно можеме да се провериме и да си ја лоцираме грешката. Просто, ги забораваме потребните и многу едноставни ориентири. Зошто? Затоа што немаме доволно опит. Особено ме погодува кога безблагодатната и збркана состојба во која се наоѓате ја земате како нормална основа за понатамошно размислување и делување.

Постојат три ориентири со кои секогаш можеме да се послужиме кога ќе се најдеме во конкретно искушение и духовно затемнување.

Прв ориентир: христијански е постојано да даваме, а не да бараме. Значи, ако во конкретното искушение и духовно затемнување што ни се случува, се провериме себеси и се најдеме дека нешто бараме, наместо само да даваме, треба веднаш да знаеме дека сме надвор од Христовиот пат, и од Божјата благодат; и дека затоа му оставаме место на демонот постепено да зазема простор во нашиот ум и нашето срце. Ова посебно важи кога мислиме дека некому нешто сме дале и сега тој дури и е должен да ни возврати. И нормално, да не се чудиме на затемнувањето и да не бараме човечка правда, туку да се покаеме и да ја побараме Божјата правда – да продолжиме со давање. Давање, себепринесување или

благодарење, во Богочовекот Христос, е исто.

Втор ориентир: секогаш, јас сум виновен за сѐ. Ако во кој било момент или ситуација се фатиме себеси со помислата дека некој друг е виновен за што било – надвор сме од Христовиот пат, останати сме без Христовата благодат, отстапувајќи му огромен простор на демонот да делува во нашиот ум и во нашето срце. А имаме опит, што е најчудно, кои се последиците на демонското делување при осудувањето на ближниот и колку е тоа разорно.

Трет ориентир: подвиг на непрестајно пребивање во послушание и во непрестајна аскетска молитва до самозаборав. Чувствуваме ли некакво духовно затемнување, а не можеме да се вратиме на патот преку првите два ориентири, тогаш да знаеме дека не сме се заборавиле себеси преку послушанието и молитвата. И пак си знаеме – надвор сме од Христовиот пат, напуштени сме од благодатта на Светиот Дух, а во друштво на демонот. Ова делче ви е една од темите за дискусија: Како да разликуваме кога благодатта Божја нѐ напуштила заради егзистенцијално промашување, а кога заради егзистенцијално восовршување?

За да останеме на Христовиот пат, мораме постојано да се бориме за тоа со помош на спомнатите три ориентири. Ако пак, не сакаме да најдеме сили за овој подвиг внатре во нас, добро е, барем, да се смириме пред фактот дека сме раслабени и дека немаме подвиг, а не да пребиваме во прелест, негувајќи голема идеја за себе заради одредени дарови што ги имаме или заради одредени позиции што ги заземаме. Ова е споредна цел на секоја моја духовна поука – барем да се сетиме дека покрај духовната сиромаштија во која се наоѓаме

немаме ни плач на душата, немаме покајание. Со еден збор, сите сме за никаде, само што едни тоа го знаат, а други тоа не го знаат. Плачот е редок подвиг и кај тие што знаат, за другите да не зборуваме.

Деца, ајде уште еднаш да се преслушаме, како вие всушност го сфаќате процесот на исцеление на умот? Знаете ли точно како се одвива процесот на исцеление на умот? Ве молам, да ми напишете домашна за тоа – како го разбирате исцелението на умот. Најдобриот одговор ќе го приложиме кон текстов, како поука за другите.

На крај, само да ве потсетам, а тоа е непосредно поврзано и со третиот ориентир, дека еден од нашите најголеми духовни проблеми е самосозерцанието (читај: самољубието). Многу се самонабљудуваме, значи од световен аспект, дали ни е добро или дали се чувствуваме убаво и, врз основа на позитивниот или негативниот заклучок за нашата моментална телесна или душевна состојба, соодветно острастено делуваме. На пример, ако не чувствуваме потреба за молитва – не се молиме. Дајте ми вие, ве молам, примери за претходно спомнатото во вашите коментари. Како сега си замислуваме да го поврземе компромисот со светот и аскетско-исихастичкиот подвиг; или, личниот (и семеен) комфор и исполнувањето на Божјите заповеди; или, произволниот религиозен живот и конкретното восогласување на начинот на нашиот подвиг со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме? Нормално, тоа е невозможно. Главната грижа на воинот е како да Му угоди на својот Господар, а не на себеси: *ош̄и ниеден војник не се вӣлеш̄кува во свеш̄ски рабош̄и, за да му уг̄оди на својош̄ началник* (2. Тим. 2, 4).

- 29 ноември 2011 г. -

## Главен ориентир

На почетокот на денешното бдение сакам само да ве потсетам на две духовни правила кои треба да ги оствариме за да не ни излезе целоноќното стоење во црква напразно.

Прво, на бдението дојдовме да дадеме на Бог и на блиските тоа што можеме – од секого според можностите, а не да земеме тоа што ние мислиме дека се наши потреби. Нашите потреби ги знае само Бог и тие сигурно ќе бидат задоволени: видливо – преку послушание на духовниот отец, и мистично – преку Божјата несоздадена благодат; а сето тоа Бог го промислува и раководи. Откријте ја убавината на животот (духовен – оти нема друг) и одбијте да бидете робови на своите барања, а станете слободни деца Божји на давањето. Меѓу другото, спомнете ги посебно во своите молитви оние коишто во овие претпразнични и празнични денови се болни, оние што се во затвори, оние што се сиромашни и оние што се странци. Кога ќе можете, помогнете им и конкретно.

Второ, да внимаваме сите да не ни се поткрадне некоја демонска мисла од типот: еве, ние сега овде се подвизуваме, се воздржуваме и се молиме, а таму некои неверници дочекуваат и слават некаква измислена Нова Година со многу надворешни ефекти и надразби а празни души. Вистина ви велам, тоа е една од полошите помисли со коишто можеме да застанеме пред Лицето Божјо. И другпат сум ви рекол, без оглед на тоа на која функција се наоѓаме, кои таланти ги поседуваме и која Божја промисла треба да исполниме, ние сме должни

секогаш во срцето и умот да го чуваме последното место, односно не смееме да помислиме дека сме подобри и повредни од кој било човек. Кога суштински би прифатиле таква помисла, тоа би било крај – падни-стани на првиот степен, до крајот на животот.

Ви ветив дека ќе ви напишам за уште еден ориентир, а тој, според светите Отци, е главен. Бидејќи е општ, општо познат и се подразбира, често пати изоставаме да го спомнеме, ама затоа пак изгледа и дека не му даваме соодветно значење или го пренебрегнуваме. Тоа е плачот и солзите, т.е. покајанието. Значи, како што самољубието е заеднички именител или извор на трите главни страсти (славољубие, среброљубие и сластољубие), така плачот (и солзите) е општ резултат на чекорењето по тесниот пат со помош на трите ориентири (давањето, самообвинувањето и самозаборавот заради Христос Богочовекот).

Затоа, некој од светите Отци (мислам свети Јован Лествичник) негде има напишано дека треба да останеме во оној подвиг што ни носи плач и покајание; и обратно, треба да го отфрлиме сето она што нè остава без плач (и покајание) – можеме самите да заклучиме. Плачот пак, е извор на духовна радост во човекот, дар што еуфоријата и световната радост никогаш нема да го имаат. Првото со себе носи трезвеноумност, а второто – прелест. Првото го собира умот во срцето и во молитвата, а второто го расејува по минливите стихии од овој свет. Духовната радост нè следи и во вечноста (на чијшто праг го оставаме плачот), а световната радост трае кратко и ни ги отвора вратите на празнотијата и бесмислата.

Кога ви објаснувам за плачот, него го сфаќам (согласно и светите Отци) пред сè како наша духовна

состојба во која го извршуваме секој наш подвиг, а најпрво подвигот на молитвата; но, тој е и физичка појава – плач со солзи, а за оваа тврда храна повеќе видете кај свети Симеон Нов Богослов. Како и да е, секој наш принос или секое наше давање на Бог кое нема да биде извршено во дух на покајание (во дух на плач и солзи), нема да биде примено од Него. Тука, веќе, ќе престанам јас да зборувам и ќе оставам вашиот личен опит да ви говори за плачот, понатаму. Она што уште имам да кажам, а е поврзано со оваа тема е следново:

Може да сретнете кај светите Отци (на пример кај светиот старец Јосиф Спилеот, кај свети Игнатиј Брјанчанинов, итн.) како ни говорат за подвигот на принудување на плач како за посебен подвиг. Значи можеме формално да разликуваме дар на плач и солзи кои се случуваат како природна последица од восогласувањето на начинот на нашиот подвиг со степенот на духовниот раст на којшто се наоѓаме, од една страна, и од друга страна – дар на плач и солзи кои се случуваат како последица на подвигот на самопринудување на плач и солзи. Велиме дека разликата е формална заради тоа што и двата подвига спаѓаат во рамките на подвизите на првиот степен на духовниот развој – очистување на срцето од страстите, само што во првиот случај солзите се посредна последица на подвигот, а во вториот – директна (во смисла на намера).

Како се случува овој подвиг на самопринудување на плач и солзи, за да не бидам погрешно разбран, подобро сами пронајдете и прочитајте кај светите Отци. Нивните зборови секогаш имаат поголема сила заради тоа што позади нив (зборовите) стои и свет опит.

Знаете, деца, пишувајќи ви за плачот и солзите, како никогаш досега пишувам против самиот себе. Кога ќе го споредам Неговото совршенство (само она што преку опит на лична заедница ми е откриено) со мојот плач и покајание, кои заради мојата грешност и несовршенство би требало да ги имам, тогаш, ова второво – од тоа што во реалност се случува, не е вредно ниту за спомнување. Простете.

Ви пожелувам убаво Рождество Христово!

- 31 декември 2011 г. -

## Витлеемски домови

Денес ќе се надоврзам на беседата од минатото бдение. Сигурно се сеќавате дека реков: *Откријте ја убавината на животот духовен, оти и нема друг вистински живот.* Вложувајќи во духовниот живот, од една страна, вложуваме во нашата иднина (и така сѐ најпрвин се случува на духовен план, а потоа во реалниот живот) – иднина времена и вечна, а од друга страна, ја правиме вечноста присутна во нашиот секојдневен живот, го живееме Царството Божјо овде и сега.

Доколку пак, се случи повеќе од потребното да вложуваме во нашите световни потреби, тогаш со сигурност ќе влеземе во безобѕирна и безобразна борба за задоволување на нашите страсти. Велиме безобѕирна, затоа што во таа борба ги повредуваме другите луѓе околу себе, на кој било начин – душевен или телесен, без грижа на совест, а е безобразна затоа што не нѐ води кон образот Божји. Идејата на денешниот благден е дека Бог стана Човек, за човекот да стане бог преку личното учество во Божјата благодат. Човекот создаден како икона (образ) Божји, да стане и подобен на Бог – преподобен.

Затоа, вложувањето во световниот живот, на крајот, кога тогаш, брзо или подоцна, ќе донесе само несреќа, само болест, само тага и неуспех; ќе ни се открие како погрешна инвестиција, како онтолошко промашување. А, вложувањето во духовниот живот, ќе нѐ збогати со Плодовите на Светиот Дух Господ: љубовта, радоста, мирот, долготрпеливоста, добротата, мило-

срдноста, верата, кротоста, воздржливоста (види Гал. 5, 22-23). Тоа е првата порака што сакам да ви ја пренесам од овој благден.

Втората порака е тоа дека духовниот живот не е неразјаснет, оставен магловит од светите Отци, кои убаво го опишале и го поделиле на три степени од духовниот развој: очистување, просветлување и обожение. Зборот ми е дека во духовниот живот нема лажење, ниту пред Бог, ниту пред луѓето кои се опитни, ниту пред самите себе ако сакаме да бидеме искрени. Знаеме дека првиот степен, и сите останати степени, се одредуваат според квалитетот на молитвата; а, рековме дека на првиот степен молитвата можеме да ја кажуваме само усно и со умот, на вториот можеме да ја кажуваме со умот во срцето. И човекот ако види дека има само усна молитва и со умот внатре во себе а не во срцето, тогаш знае дека е на првиот степен. Ако види дека има молитва во срцето, знае дека е на вториот степен. А тоа се познава од опит. Така што, духовниот живот не е нешто магловито, нешто неопределено, нешто нејасно, за да се чудиме на кој степен и како сме; а тоа е предизвик да знаеме на кој степен сме и да знаеме дека треба да растеме, а не да останувамe сè на истиот степен од духовниот развој. А ќе растеме откако ќе го восогласиме начинот на нашиот живот и подвиг со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме.

Ова ќе го поврзам и со денешниот празник – Рождество Христово. Тоа е исто кога срцето нема да си го очистиме од своите страсти, тогаш нашето срце станува како домовите витлеемски во кои Христос не можел да најде место, т.е. Богородица не можела да најде место да Го роди Христос, така што морал да се роди

во некоја пештера, во некои јасли надвор од домовите на витлеемските жители. И таа пештера го симболизира кое било друго место освен нашето срце. Затоа, битно е да растеме во духовниот живот, да напредуваме за овие празници.

(Едно малечко девојче прашало зошто не се викаат *полници*, туку *празници*. Зборот празник е малку нејасен збор, тој си бара свое толкување, односно не е прецизен. Тој означува дека во овие денови треба да се посветиме на Бог и да сме *празни* од обврските околу овој свет и затоа *празник* – да не биде да се *испразниме* од она што значи побожен живот, а да се посветиме на јадење и пиење.)

Затоа, третата порака што сакам да ви ја пренесам денес е тоа да не го славиме Рождеството Христово без Христос. И во овие денови на прославување сеќавајте се на Христос, бидете во молитвите со Него, за посебната благодат што ни е дадена во Црквата во овие денови да не се претвори во еуфорија, зашто лесно сè се претвора во еуфорија. На пример, еве, после постот радоста може да биде чисто психолошка кога ќе почне човекот да јаде. Досега сте постеле и од утре ќе почнете да јадете и се чувствувате убаво. Но, тоа може да остане само психолошки момент, ако не е вистински духовна радост, односно ако постот не е поврзан со вистински православен духовен живот. А таа радост празна и световна набргу ќе се претвори во еуфорија и на крајот ќе се почувствуваме празни. Затоа, да не го славиме Христовото Рождество без Христос, без разлика на кој степен од духовниот развој се наоѓаме; да го лепиме умот наш за Христос, да се молиме, да бидеме со Него, и

да не Го оставиме, како што реков на почетокот, нашиот дом – нашето срце, без Него.

Знам дека Господ на секој од вас му дава посебна радост во овие денови и никој нема да остане без радост, но да гледаме таа радост постојано да остане во нас, не само во овие денови. Христос постојано да биде во нашето срце, да ги осветлува нашиот ум и нашиот пат во овој живот. Амин!

P. S. Мислите ли дека витлеемските жители навистина немале место во своите домови? Не, просто не сакале да си ја нарушат својата комоција, не сакале да се откажат од компромисот со овој свет, тесно им било во срцата. Витлеемските жители немале место во своето срце, но и не знаеле што прават. А, ние?

Христос се роди!

- 7 јануари 2012 г. -

## Едно многу лично прашање

Деца, монашкиот живот во суштина е многу едноставен. Монахот екстремно се одрекува од овој свет – надворешно, ограничувајќи го своето тело, просторно и временски, во рамките на манастирот и на манастирскиот типик; и монахот екстремно се одрекува од овој свет – внатрешно, исцелувајќи ги и преобразувајќи ги своите душевни сили (умот, волјата и желбата) од страсти во доблести, во рамките на целосрдечното послушание кон својот духовен отец. Најглавен монашки подвиг е, сепак, своеволното поставување на умот во процес на исцеление и преобразување преку послушание, затоа што тој е словесната сила на душата и преку него се управуваат волјата и желбата како бесловесни сили на душата. Сето претходно објаснето светиот апостол Павле го има опфатено во една реченица: ...светот се распна за мене и јас за светот (сп. Гал. 6, 14).

Процесот на исцелување и преобразување на умот на првиот степен од духовниот развој – очистување на срцето од страстите, се заокружува во оној момент кога енергијата на умот ќе се соедини со својата суштина во срцето. Тој момент во аскетската литература се нарекува 'отворање на срцето', 'пронаоѓање на местото на срцето', 'очистување на срцето' итн. Говориме за срцето како севкупен духовен центар на човековото битие. Оваа нова духовна состојба значи дека срцето во доволна мера е очистено од страстите кои претходно го држеле во свое (и демонско) ропство, дека благодатта на светото Крштение ја пројавила својата сила и светлина

од соодветно отвореното срце и дека енергијата на умот молитвено се соединува со својата суштина, привлечена од благодатта на Светиот Дух Господ, а дека монахот го добил дарот на аскетската умносрдечна молитва.

Со новата духовна состојба започнува вториот степен на духовниот развој, кој се нарекува просветлување на умот. Зошто се нарекува ‘просветлување на умот’, ќе познае опитно оној што ќе ја достигне. За нас е важно дека послушанието во својот екстремен вид, како што го запознаваме на првиот степен од духовниот развој, веќе не постои; дури и ако некој уште го нарекува послушание, тоа може да биде само во формална смисла на зборот.

Нас на почетокот нè интересира само послушанието во својот екстремен облик. Кога некои ќе слушнат за монашкиот подвиг на послушание, тие, во своите површински и световни знаења, го сметаат монахот за ненормален. Да, тој е ненормален (јуродив), но заради Христос, што е во суштинска предност од тоа да си нормален, заради демонот. Еве што вели за тоа светиот апостол Павле: *...мудроста од овој свет е безумство пред Бог* (1. Кор. 3, 19). Зашто е напишано: *„Ќе ја погубам мудроста на мудрите и ќе го отфрлам разумот на разумните“* (1. Кор. 1, 19).

Ќе се обидам погоре објаснетото да го кажам на уште поедноставен начин: Значи, секој еден што сака да стане вистински монах, откако веќе дошол во манастир, потребно е да го заборави светот, да биде слепо послушен на својот духовен отец и, колку што може, од станување до легнување, постојано да ја кажува Исусовата молитва. Со други зборови, потребно е да застане на последното место, постојано да дава и ништо да

не бара за себе во манастирот и во тоа служење да заборави на самиот себе. Кој така постапи, набрзо ќе ја види славата Божја во своето срце.

Деца, еве и овој настан и овој благ ден нека ни бидат на сите повод за нов почеток на покајание. Додуша, секој момент од нашиот живот треба да ни биде повод за покајание, но, секако, вакви настани не смееме да пропуштаме. Нели ве имам опоменато дека особено на овие Господови и Богородични празници ни е дадена посебна Божја благодат и дека срцето ни е посебно отворено за молитвата внатре во него.

Но, зошто ви велам дека секој момент од нашиот живот може да ни биде повод за покајание? Затоа што нема такво нешто што однадвор може да ни се случи, колку и да биде лошо тоа, а кое со сигурност духовно би нѐ повредило. Напротив. Еве што вели за тоа светогорскиот старец Паисиј:

„Човекот којшто ја чува и ја одржува својата духовна чистота, ја задржува и божествената благодат во себе. Така сѐ гледа чисто и знае да го препознае она што е нечисто. Не се гнаси од нечистите нешта, туку и нив ги преобразува во својата духовна работилница. Од нечистата хартија прави шамивчиња или тетратки, од непотребниот метал прави свеќници итн. Наспроти тоа, човекот кој ѝ подлегнал на лукавоста, и она што е добро го претвора во зло, како што фабрика за оружје од злато прави куршуми, бидејќи нејзините машини и калапи се така наштелувани“.

Значи, во прашање е само дали правилно го примаме тоа што се случува. Ако правилно го примаме тоа што однадвор ни се случува, сѐ можеме да претвориме во наша духовна полза. Го нагласив ова надворешно

случување затоа што најчесто така гледаме на работите: сè некој однадвор, сè некој друг ни е за нешто виновен и скоро никогаш ние самите. Сум ви рекол, ако забележиме дека некој друг за нешто ни е виновен, а не ние самите, тогаш сме надвор од своето срце, надвор од тесниот евангелски пат, надвор од преданието на светите Отци и надвор од благодатта на Светиот Дух.

Сè е многу едноставно. Прашање е само дали сакаме бргу да го добиеме дарот на умносрдечната молитва или таму... некогаш, кога било. Прашањето е многу лично: дали сакаме, а не дали можеме. Богочовекот Христос со Своите страдања ни овозможил да можеме. Тука нема повеќе место за какво било демонско самооправдување.

- 8 јануари 2012 г. -

## Плодоносна девственост

*Што да Ти принесеме, Христе, за тоа што заради нас како човек се јави на земјава? Секое Твое создание Ти принесува благодарење; ангелите – песна; небесата – ѕвезда; мудреците – дарови; пастирите – радоста своја; земјата – пештера; пустината – јасли; а ние – Мајката Дева...*

Ме замисли, деца, оваа стихира од вечерната служба за Рождество Христово и ми беше повод да ги напишам редовите што следуваат. Барам голема прошка и од Бог и од вас што воопшто се осмелувам да пишувам на тема Богородица; знаете дека ми е полесно да пишувам за што било друго. За некои работи, едноставно, треба достојност – како реално и континуирано покајание. Но, таква е учителската служба – нож со две острици: човек бланко потпишува дека ја прифаќа пресудата за него, согласно критериумите што ги проповеда.

Ние, целото човештво, во личноста на Пресвета Богородица и Секогашдева Марија Му го принесуваме на Бог нашиот највреден дар. Таа, за нас, е сѐ што имаме, односно, ние и ништо немаме освен Неа. Оваа последна (претходна) реченица ќе ја оставам секој од нас да ја размисли и да си ја доживее на свој личен начин, во зависност од односот со Неа. Што се однесува до мене, ќе звучи малку соблазнително без толкување, ама ќе го речам: мене ништо и не ми треба освен Неа...

Што е теолошка и практична последица од фактот дека ние, целото човештво, во личноста на Пресвета

Богородица и Секогашдева Марија Му го принесуваме на Бог нашиот највреден дар? Богословска и аскетско-исихастичка последица од тој факт е дека ние сепак не се спасуваме безлично, како цело човештво или како цела човечка природа, туку лично-соборно, како единствени и неповторливи личности во Црквата на Богородица и на сите Свети: предавајќи, односно, принесувајќи се, евхаристиски, самите себе, еден со друг и целиот наш живот на Христос Богочовекот, во благодатта на Светиот Дух.

Се поставува прашањето: Што е тоа што ние како личности, конкретно, подобно на Богородица и Секогашдева Марија, треба да Му го принесеме на Бог за да имаме надеж дека нашиот принос може да биде примен од Него? Не дека Бог нема да го прими нашиот принос; но, зошто велам, за да имаме надеж дека може да биде примен? Заради непреминливиот, од наша страна, онтолошки јаз што постои помеѓу Создателот и созданието, што само Божјата љубов може да го премине. Значи, тоа што ние треба да Му го принесеме на Бог, подобно на Богородица, за да може Христос да се роди во нашето срце е девственоста на нашите души, и тела. Согласно погоре кажаното, Он се раѓа во нас кога сака и затоа што сака, а не просто заради нашата девственост. Затоа Неговото раѓање во нашите срца е дар, а не заслуга – дар пројавен конкретно и недвосмислено како аскетска умносрдечна молитва.

Самиот дар на аскетска умносрдечна молитва е сведоштво дека нашата душа, и нашето тело, се во одреден степен девствени, целомудрени. Формулацијата 'одреден степен на девственост' значи исто што и (кога ќе се изразам) дека срцето е доволно очистено и

ослободено од страстите, а со тоа и ние од пресудното влијание на демоните во нашиот живот. Јасно ви е дека ви зборувам за вториот степен од духовниот раст – просветлување на умот.

Девствен ум има човек кој енергијата на својот ум молитвено ја соединил со суштината на својот ум, која се наоѓа во неговото срце. Бидејќи ова соединување е дејство на благодатта Божја и молитвено-аскетски се случува внатре во неа – во срцето, девствен ум во соодветна смисла е исто што и просветлен ум. Доколку ова соединување е постојано благодатно, а не времено аскетско, тогаш девствен ум е исто што и обожен ум. Обожениот ум е ум од *Духот воведен во сета вистина* (види Јован 16, 13). Затоа, во библиско-антрополошка смисла, поклонувањето во дух и во вистина значи себепринесување со девствен, целомудрен ум.

Следствено, само за оној којшто има исцелен, обожен ум, можеме да говориме дека е вистински целомудрен и девствен и дека вистински љуби, во една човечки достапна димензија на овие поими, во овој свет и век. Само оној што вистински љуби ја има љубовта како непогрешлив ориентир во својот живот. Ние другите треба да се раководиме според трите ориентири што претходно ги посочив, за да не се испомеша: аскетското со благодатното, душевното со духовното, еросот со пријателството и вистинската љубов – оти тогаш многу ќе лутаме по беспаќа.

А сега да се приземјиме малку, сепак нашата душевна, и телесна, девственост е редовен услов за пројава на благодатта на Крштението во нашето срце и за дарот на аскетската умносрдечна молитва. Сме го добиле ли тој дар, имаме сведоштво од Горе дека

во соодветна мера сме девствени, макар и да сме ја изгубиле некогаш девственоста – телесно. И обратно, го немаме ли тој дар, немаме сведоштво од Горе дека сме девствени, макар и да сме ја сочувале девственоста – телесно.

Гледате, деца, колку е голем дарот Божји на покајанието: тој од развратници прави девственици и од разбојници прави жители на Рајот. Но, покајанието е многу конкретен подвиг; тоа е восогласување на начинот на нашиот живот и подвиг со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме. Колку и да се труди некој философски и практично да го избегне ова восогласување кое постојано го повторувам, тој сепак на крајот, ако не се покае, ќе се судри со суровата реалност на отсуството на стекнатите Божји дарови во својот живот; а животот полека поминува. Деца, нека не ве лаже демонот, едно е вроден дар Божји или талант, а друго е стекнат (или усвоен) дар Божји – како што е, на пример, девственоста. Со првото најчесто го храниме нашето тровидно самољубие, а со второто се надѕидува Црквата Божја.

Девственоста е знак на благодатно восиновување. Оној чиј Татко е Бог, нему Мајка му е Богородица, животот во духовната младост му е игра; демоните му се играчки, а вештината и опитот во справувањето со нив му помагаат да расте и созрева. Но, еден ден играта престанува, играчките не се веќе интересни и зрелиот човек ја презема одговорноста на борбата за спасението на сите луѓе. Тогаш лично-литургиската молитва се претвора во безнадежно-надежен нем плачовен крик за простување и разрешување на гревовите и прегрешенијата на секој еден човек, што само преку Богородица,

од Христос Бог го просиме. И просто знаеш дека ако молитвата не го опфати целото човештво, ништо не ти вреди. Но, кој денес би се осмелил за сите свои ближни, како некогаш светиот апостол Павле, вака да каже: *Ви зборувам вистина во името на Христос, не лажам – тоа го сведочи мојата совест преку Светиот Дух, дека ми е многу жал и срцето ме боли постојано; оти повеќе би сакал јас да бидам одвоен од Христос за браќата свои, моите сродници, по плот, кои се Израилци, на кои и им припаѓа посинувањето и славата и заветите и Законот, и службата кон Бог и ветувањата; нивни се и отците, од нив по плот е и Христос, Кој е Бог над сите, благословен во веки. Амин!* (Рим. 9, 1-5).

Сега ни останува да поставиме нов почеток на покајание влегувајќи во целосрдечно послушание на нашиот духовен отец, трудејќи се да Му принесеме на Бог нерасеана, чиста молитва. Расеаната молитва е блуд на умот, а чистата молитва е девственост на умот. А Марија Богородица е љубов – апсолутно остварена љубов во апсолутна девственост. Сите Нејзини чеда плачат кога само Името ќе Ѝ се спомне.

Пресвета Богородице, спаси нè!

- 15 јануари 2012 г. -

## Богојавление, во меѓуцрковните односи

*И сведочеше Јован, велејќи: „Го видов Духот да слегува од небото како гулаб и остана над Него. Јас не Го познавав, но Оној што ме прати да крштевам со вода, ми рече: 'Врз Кого видиш да слегува Духот и да останува над Него, Тој е Кој ќе крштева со Дух Свети'"* (Јован 1, 32-33).

Веќе имам кажано дека секогаш кога ќе успееме начинот на нашиот живот и подвиг, во Црквата на Светиот Дух Господ, да го восогласиме со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, ние стануваме соодветни маченици или сведоци Христови. Значи, без оглед на степенот. Го имам кажано и ова, дека мачеништвото е исто така духовен подвиг чија вистинитост може да се провери според плодовите на Светиот Дух што ги носи, односно не се станува маченик единствено со самиот факт на поднесување на некакво страдање – тоа треба да е заради Христос и да е потврдено од Него. И искушенијата или предизвиците со коишто се соочуваме при духовната борба зависат од степенот на нашиот духовен развој. Оној што ќе пострада мачenички на првиот степен, во внатрешната борба со своите непреобразени страсти и демоните поврзани со нив, ќе се стекне со плодот на дарот Божји на аскетската умносрдечна молитва. Оној, пак, кој веќе се наоѓа на степенот на просветлување на умот, а којшто ќе пострада мачenички во надворешниот напад од страна на луѓето – демонските слуги, ќе го стекне плодот на дарот Божји на непрестајната умносрдечна молитва и гледањето на божествената светлина. Ама,

кому кажувам? И да беше само мое кажаното, во ред; ама од светите Отци е.

*Тогаш дојде Исус од Галилеја на Јордан кај Јован, за да се крсти од Него. А Јован Го запираше, говорејќи: „Јас треба од Тебе да бидам крстен, а Ти кај мене ли идеш?“ Но Исус му одговори и рече: „Остави го сега тоа, зашто нам ни претстои да ја исполниме секоја правда“. Тогаш Јован Го остави* (Матеј 3, 13-15).

Постојат два главни критериума кои се претпоставка за плодоносна заедница со Бог. Еден е надворешниот, видливиот, а тоа е евхаристиската заедница со епископите на Православната Црква. Друг е внатрешниот и невидливиот – за очите на неопитните, а тоа е, најдиректно речено, дарот на умносрдечната молитва или, поопшто речено – плодовите на Светиот Дух. Понекогаш, се случува, и првиот критериум да е невидлив (поправо, не толку јавен) или привремено неостварлив заради негативно делување на човечкиот фактор. Ги почитувам и двата критериума, и сите треба да ги почитуваме, односно и двата треба да постојат, но црковната историја, како многупати досега така и денес, како поважен го истакнала вториот критериум – внатрешниот. Тоа го потврдува и Самиот Господ – Богочовекот Исус Христос во Својот Нов Завет: *„...по нивните плодови ќе ги познаете. Па така, секое добро дрво дава добри плодови, а лошо дрво дава лоши плодови; не може добро дрво да дава лоши плодови, ниту лошо дрво да дава добри плодови“* (Матеј 7, 16-18). Вториот критериум може, и треба, успешно да го надополни, и го надополнувал, првиот во случај да се појават одредени канонско-организациски недоразбирања, со кои изобилува – сите сме сведоци, како и постарата така и современата

црковна историја. Каде што постои вториот критериум, евентуалниот црковен проблем со време се решава. Каде што не постои вториот критериум, и таму каде што постои првиот критериум, настанува проблем. Впрочем, сведоци сме.

Зборот ми е, кога е веќе така, зошто во современите црковни случувања се превидува вториот критериум? Јас разбирам дека треба да се разговара за начинот на исполнување на првиот критериум, но збор да не се изусти за вториот, дури ни кога ќе се побара тоа експлицитно, тоа ми е тешко да го разберам во разговор, барем, меѓу чесни луѓе. Зошто? Затоа што, од една страна, таа пракса дефинитивно не може да се оправда теоретски, откако видовме дека Самиот Господ го поставува ‘критериумот на плодовите’. Инаку, Црквите заличуваат на световни организации кои своите проблеми ги решаваат на световен начин. Од друга страна, пак, по сè изгледа, објаснувањето ќе биде доста понижувачко или смирувачко – со оглед на функциите што се држат во Црквата: луѓето немаат доволен духовен опит, немаат плодови на Светиот Дух, немаат дар на умносрдечна молитва, односно немаат венец. И нормално не се подготвени да разговараат за тоа што го немаат. Најлесен начин да го сокријат недостатокот е да премолчат, а истовремено да инсистираат на некаква гола јуридичка завршница на црковниот проблем – позади која најчесто се крие само суета и барање на човечка правда и власт.

*А ако пак, некој војува, сепак венец не добива, бидејќи не се борел според правилата* (2. Тим. 2, 5). Нормално, оној што нема да го восогласи начинот на својот живот и подвиг согласно степенот на духовниот

развој на кој се наоѓа, нема ни да ги види плодовите на Светиот Дух, ниту пак може да се смета за мачени, односно сведок. На пример, доколку некој тврди дека е мачени само врз основа на тоа дека луѓето го гонат, а ги нема соодветните дарови на Светиот Дух – како што е умносрдечната молитва, таквиот подобро да се запраша каков непромислен потег направил, на очиглед на заедницата или општеството, за тоа да му се случи, отколку таква идеја да негува за самиот себе или да се самопромовира како таков; или пак, неговите следбеници да се занимаваат со таков вид реклама, наместо со недостатоците во својот духовен развој. Или, друг сличен пример, доколку некој се фали со тоа дека се наоѓа во единство со Православната Црква, и освен таа самопофалба нема пофалба и сведоштво од Горе (и после толку години) во вид на аскетска умносрдечна молитва, таквиот подобро да си го преиспита духовниот развој отколку да се самозадоволува со простиот факт на видливото заедништво – со исполнување на погоре спомнатиот видлив критериум. За жал, најчесто прелеста не дозволува да им се отворат духовните очи на луѓето и им го попречува покајанието. Затоа повеќето христијани скоро до крајот на својот живот остануваат на првиот степен од духовниот развој, без да ги почувствуваат радоста, мирот и светлината, односно љубовта и слободата на восогласувањето, односно, дарот на умносрдечната молитва; без да Го видат Бог во својот живот.

Многупати досега сум ве опоменал: деца, не се сметајте самите себе за некаков исклучок. Ако веќе се сметате, покажете кој исклучителен Божји дар го имате, на дело. И уште, запамтете, друго е кога некој е свесен носител на одреден Божји план или промисла, односно

домострој, а друго е кога некој несвесно (непросветлено) учествува или статира во него. Свесниот носител обично е конструктивен и послушен, а несвесниот учесник обично е неконструктивен и непослушен. По што уште го познаваме несвесниот (непросветлениот) но амбициозен учесник кој е носител и на функција? По тоа што, не разбирајќи го (или разбирајќи го на свој начин – согласно своите страсти) процесот во кој учествува, тој веќе си крои и свои сопствени планови за првенство (спроведува процес во процес); притоа, од една страна, се однесува многу полтронски кон надредениот, а, од друга страна, кон сите други се користи со начелото ‘целта ги оправдува средствата’. Значи, таквиот нека не спроведува свој процес, внатре во веќе постоечки главен процес – кој не го разбира, за да не се случи ем да го комплицира главниот процес, ем, на крајот, да се најде надвор од сите процеси. Особено ако очигледно е прочитан, од барем две одлучувачки страни на главниот процес. Има уште многу, на оваа една адреса да се каже, ама тука ќе ја затворам устата моја. Кој има уши да чуе, нека чуе.

Позади секоја неправилност во нашиот лично-соборен црковен живот се крие некоја ерес. Црквата Христова е богочовечки организам и затоа сè што се случува во Неа се случува на богочовечки начин. Значи, ниту само на Божји, ниту само на човечки. Секое отклонување од ова богочовечко начело во само еден правец води или кон несторијанизам или кон монофизитизам. На пример, обидот за решавање на проблемите во Црквата само на човечки начин, превидувајќи го божествениот аспект, е несторијанизам, а обидот за решавање на проблемите од само некаков

божествен аспект, превидувајќи ја човечката димензија, е монофизитизам. Затоа инсистирањето одредено црковно прашање – во делот на црковната организација, да се реши само согласно канонитe кои го регулираат територијалното организирање на Црквата – особено ако тие канони се појавиле во одреден историски контекст, а притоа крајно да се превидува вечниот божествен аспект во решавањето на проблемот, односно 'критериумот за даровите или плодовите на Светиот Дух' – во случајов, е своевиден несторијанизам! На пример, греши многу секој што мисли дека возобновувањето на плодоносниот монашки живот во одредена Православна Црква е случајност. Особено оној кој, негирајќи ја плодноста на „отсечената гранка" – теоретски, сепак истовремено, во пракса, искористува (или злоупотребува) некои од нејзините паднати плодови.

Да заклучиме, ништо 'само Бог', и ништо 'само човек' во Црквата, туку сè во заедничка соработка меѓу Бог и човек. Оваа богочовечка синергија е и мера на спасителната теологија и пракса. Отклонувањето од оваа синергија, во пракса и теорија, во правец на 'само Бог' или во правец на 'само човек', е причина за појавата на сите ереси досега, кои додуша и денес постојат, само под друг вид.

Ајде да се обидам и вака. Ако говориме за ипостасното соединување на божествената и на човечката природа, очигледна е асиметричноста и соодветниот однос на зависност, затоа што никогаш не постоела човечка природа на Исус надвор и независно од ипостаста на Словото, а самото обожение е дело на божествената природа, која со своите енергии ја проникнува човечката природа. Треба да се нагласи и тоа дека, иако велиме

дека Христовите природи заемно се проникнуваат, ние сепак знаеме дека проникнувањето бива од страна на божествената природа (енергија), зашто таа поминува низ сè. Да направиме сега една проекција. Слично е и со Духот и со словото на законот. Светите Отци рекле словото убива, а Духот (што го проникнува) оживува. Со други зборови, треба да се знае и Духот на словото на светите Канони на Црквата, а не само формата на словото, за да можат истите успешно да се спроведат во живот. А, како ќе Го знаеме Духот ако не се потрудиме да станеме носители на даровите на Духот? Затоа и Богочовекот Христос нè повикува и да бидеме носители на Духот и да се познаваме (препознаваме) по плодовите на Духот. Господ Христос не рекол по големината на гранките и на лисјата да се познаваме, односно по јурисдикциите и соодветните канони, затоа што знае дека човечката незаситност за власт си ги толкува како ѝ одговараат, а тоа носи само поделби во Црквата. Или некои кои имаат исти световни цели и така си се препознаваат? Не знам веќе од кој аспект да го објаснам проблемот, за да бидам сфатен? А Небесата стојат отворени и го чекаат нашето покајание.

*И штом се крсти, Исус веднаш излезе од водата и Му се отворија Небесата, и Го виде Духот Божји да слегува како гулаб и да се спушта над Него. И ете, глас од Небесата говореше: „Овој е Мојот возљубен Син, Кој е според Мојата волја“* (Матеј 3, 16-17).

- 19 јануари 2012 г. -

## Грабнување или воображба

Деца, доста се занимававме со меѓуцрковните односи. Многу покорисно е да се вратиме на нашата стара и секогаш актуелна тема: како да го пронајдеме местото на нашето срце, или како, ако веќе сме го пронашле, да му обезбедиме непречен пристап на умот во него; односно, како лично да го преземеме управувањето со нашиот духовен центар. А за претходната тема знаете што велат нашите стари: на човек сосила можеш да му земеш, ама сосила не можеш да му дадеш. Би додал: често пати и духовната сила или словото во сила не се доволни ако некој свесно реши да работи против решавањето на црковните недоразбирања и поделби (во полош случај) или (во подобар случај) бидејќи е опрелестен. Со таквите најнакрај Господ љубовно се расправа. Замислете да требаше ние сето тоа, згора на сѐ, и сериозно да го сфатиме? Но, нашето главно и најсериозно прашање е како да го доведеме умот во состојба во која би можело да му биде дозволен молитвен влез во срцето.

Но, да почнеме од почеток. Прво да се потсетиме кои беа трите основни монашки правила, кои секој монах би требало наизуст да ги знае и кои во секој момент од својот подвижнички монашки живот треба да ги спроведува: прво, неприфаќање и непоистоветување со помислите, чувствата и желбите без нивна претходна проверка само со духовниот отец; второ, правилното исповедување, при што треба да се исповеда состојбата на нашето срце создадена во моментот и после искушението,

без самооправдување и без осудување на другите; трето правило е континуиран, нагласен телесен и, во рамките на послушанието, молитвен подвиг (според силите) сè до отворањето на срцето, после што истиот треба да се восогласи со условите што ги бара умносрдечната молитва. Со соодветно прилагодување, истите правила важат и за оние кои не се монаси, а кои се наоѓаат на првиот степен од духовниот развој – очистување на срцето од страстите.

Три цели сакаме да постигнеме со придржувањето кон овие три правила. Кон тие цели, напоредно се приближуваме, но сега посебно ќе ги претставиме.

Првата цел е преобразување на нашата главна страст ‘самољубие’ – и на нејзините три основни пројави: ‘славољубие’, ‘сребролјубие’ и ‘сластољубие’ – во благодатна љубов кон Бог и кон ближните. Значи, она кон што тежнееме да се случи е преобразувањето на нашите страсти, а не нивно потиснување. Едно е преобразување, а друго потиснување на страстите. Разликата е како од небо до земја, односно разликата е онтолошка, затоа што потиснувањето е само човечки бесплоден подвиг со негативни (дури разорни) психички последици, а преобразувањето е богочовечки, синергиски подвиг – наш подвиг кој се случува само со помош на Божјата благодат; подвиг кој се одвива во содејство со Божјата несоздадена енергија, кој е предуслов за спасение и кој го опфаќа духовниот развој и восовршување на човекот.

Суштината на потиснувањето кај оние што се подвизуваат, без оглед на тоа дали се во Црква или не се, обично е: видливото воздржување од исполнување на грубите страсти како што се ‘сребролјубието’ и ‘сластољубието’, од една страна, а од друга страна

хипертрофија и развивање на страста ‘славољубие’. При тоа цел на подвигот очигледно не е Бог – заедницата со Него, Божјата слава и исполнувањето на Божјата волја, туку човекот, човечката слава и исполнувањето на човечката волја. Суштината на преобразувањето, кое може да се случи само како живот во Христос – во Црквата, е и надворешно (или видливо) и внатрешно (или невидливо) воздржување од исполнувањето на сите страсти и нивно аскетско пренасочување (преобразување) кон добродетели со помош на Божјата благодат, односно несоздадената енергија на Света Троица. Притоа, цел на подвигот е Бог – личната заедница со Него, славењето на Бог и исполнувањето на Неговата волја и спасението на ближните.

Потиснатите страсти во поволни за нив услови ќе се вратат назад со уште поголема сила и жестина, а очистените и преобразените ќе функционираат нормално и во најголеми искушенија. Затоа што, потиснувањето е делумен и штетен подвиг, а преобразувањето е целосен и исцелителен подвиг.

Што значи последната кажана реченица? Според светите Отци, коренот и на трите вида страсти е во нашето срце, духовниот центар на човековото битие. Така што, не е можно, на пример, од двете груби страсти да се воздржуваме, а славољубието – кое е во основа главна наша страст – да го задоволуваме и притоа да се надеваме дека срцето ќе ни се очисти. Напротив, ефектот ќе биде погубен. Не само што задоволувањето и само на една од страстите е доволно за валкање на срцето и повлекување на Божјата благодат, туку, во случајот, воздржувањето од двете груби страсти ќе биде уште и дополнителен поттик за суптилната страст

на славољубието да ги достигне своите демонски димензии. Ако сакаме срцето да ни е чисто и подготвено за боговидение и богопознание, тогаш ќе мора со слободен аскетски волев подвиг да ги пренасочиме сите наши страсти кон добродетели и со помош на Божјата благодат тие да се преобразат. Но, пошироко за оваа тема, другпат.

Сега да го задржиме нашето внимание на по еден пример на потиснување и на преобразување на страстите.

Прво, преобразување. Еве, некој ќе нè повреди со збор или со некое чинење или не чинење. Што треба да направиме? Прво, единствено што во тој момент нè интересира е остварувањето на Божјата правда, и отфрлање на барање на човечка правда – кое по некоја неконтролирана гревовна автоматика сака да ни се наметне. Едноставно, проверуваме дали нашата умствена, душевна и телесна реакција се во согласност со она што Богочовекот Христос би го направил во таков случај или не се. На тој начин секогаш ја наоѓаме вината во нас – во нашата несличност со Христос, во нашето несовршенство, а не во тој што нè повредува. Потоа, преку чинење на добро, како одговор на претрпеното зло, се принудуваме да станеме подобни на Христос.

Следствено, треба да Му заблагодариме на Господ што ни ги отворил очите да видиме какви валканици се кријат во нашето срце и треба да Му заблагодариме за ближниот што ни го испратил да ни го открие тоа. Благодарењето ќе биде аскетско затоа што сигурно на првиот степен ќе треба да се присилиме себеси на него и нема да го чувствуваме како природно да извира од нас. Трпението, исто така, ќе ни биде многу потребно

заради реалната неможност моменталната лоша духовна состојба веднаш да ја исправиме; и да успееме да ги средиме дури и помислите, духовната затемнетост сепак ќе остане уште некое време.

Уште, ќе треба да се смириме и да се осудиме самите себе како заслужни за многу полошо од она што ни го прават, од она што го слушаме дека го зборуваат за нас и од она што претпоставуваме или што демонот ни шепка дека го мислат за нас.

И на крај, после ваквото самоосудување, треба да се молиме за нашите „непријатели“. Молитвата ја кажуваме сè до моментот додека не се врати мирот што претходно сме го имале и со Бог и во себе и со „непријателот“, кој сега ќе има и еден квалитет повеќе. (Според времетраењето на враќањето на духовниот мир се мери нашето напредување или назадување во духовниот живот; за тоа, другпат.)

Значи, треба да се научиме на друг внатрешен автоматизам, за разлика од досегашниот погрешен, при пресретнувањето на искушението: сами да се осудиме, другиот да го оправдаме, на Господ да Му заблагодариме и да се молиме, барајќи Го Бог, со ритам и на начин на молитва во која нема место за помисли, која ги опфаќа и тие што нè повредиле. Еднаш така, другпат така и – ете го опитот. Но, внимавајте, најважно од сè е да се премине периодот на богооставеност, кој сигурно ќе се случи при стекнувањето на овој опит. Клучниот духовен напредок се случува токму во тие моменти, затоа што наемникот не може да биде наследник. И да не заборавиме: рековме дека секој што ја бара вината за што било и во кој било случај надвор од себе, го напушта патот на нашите Отци, го напушта патот што води кон

срцето, го напушта тесниот пат кон Царството Небесно и кон Царот Небесен... А, друг пат до Него не ни постои!

Потиснување е сето она што внатрешно е спротивно од примерот на преобразувањето иако надворешно може и да личи на него... На пример, можеме да му премолчиме некому заради авторитетот што го има, заради неговата надредена позиција, заради некој кој гледа и заради многу други причини или интереси. Тоа однадвор може да изгледа (заради воздржувањето) како да се бориме да ја преобразиме страста, но од внатре воопшто не е така – премолчуваме затоа што сме принудени, а не заради подвигот, со Божја помош, да се исцелиме – не заради исполнување на Божјите заповеди. Не заради љубов кон Бог и кон нашиот ближен, туку заради самољубие. Нормално, заради таквиот начин на однесување остануваме без содејството на преобразителната благодат Божја.

Постои една цела лепеза на варијанти како примери на потиснување за кои треба опит и расудување да ги препознаеме. Претходното беше еден пример на потиснување на страста на славољубието. Од вас ги очекувам примерите за потиснување на страста на сребројубието и на сластољубието.

Останатите две цели кои треба да ги постигнеме со придржувањето кон трите почетни монашки правила се: развивање на вистински личносен однос со Бог, како и стекнување на аскетското смирение, односно на аскетското покајание или аскетскиот плач.

Ако подобро ги разгледаме трите почетни монашки правила, ќе видиме дека во суштина тие се практично восогласување на начинот на нашиот живот и подвиг со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме, односно

практично остварување на апсолутното послушание кон духовниот отец.

Оној што има опит на послушание знае дека послушанието кон духовниот отец во суштина е однос на вера и доверба во Бог а не во човек. Затоа, како плод на така сфатеното и така оствареното послушание се појавува личниот однос со Бог. Оној што нема опит, треба да го живее подвигот на послушание сходно претходната реченица ако не сака да промаши. Кога некој би побарал од мене со една реченица да ја објаснам тајната на послушанието, јас би се обидел вака: послушание е остварување на сите наши желби и цели, но не на начин на кој ние тоа би го испланирале и направиле, туку на начин на кој тоа Бог би го промислил, а ние слободно би го прифатиле и би Му содејствувале. Некој може да си ги оствари своите желби и цели и на првиот начин, но последицата ќе биде отсуството на Бог во него.

Бидејќи многу пати и од многу агли ја имам опфатено оваа тема, сега само ќе нагласам нешто што е од посебен интерес за денешното мое излагање, а тоа е следново: послушанието кон духовниот отец е редовен и најсигурен (најнепрелестен) начин на градење на личносен однос со Бог. Ако не поминеме низ подвигот на послушание кон духовниот отец, сето она што ние ќе си мислиме дека значи наш личен однос со Бог, ќе биде само наше замислување или фантазија или имитирање духовност. Што поопширно значи ова замислување (умислување) или наше вообразување на духовни состојби, поопширно видете кај свети Игнатиј Брјанчанинов каде објаснува што значи тоа – мнение, односно каде што објаснува што е тоа лажно настроение на умот и лажно настроение на срцето, како и за штетните последици

од сето тоа. Накратко, тоа е првиот и вистинскиот маскенбал – човек не сака да биде виден онаков каков што е, ни од другите, ни од Бог, ни од самиот себе.

Придржувањето кон трите почетни монашки правила истовремено значи и газење по нашето самољубие на секој план од неговите три појави како и практично остварување на аскетското смирение, односно на аскетското покајание или аскетскиот плач, по Бог. Да не ја ширам темата, и за ова може повеќе да прочитате кај свети Игнатиј и кај други Отци. Само да напомнам, собраната или чистата молитва е дел од подвигот во трите почетни монашки правила.

Зошто го напишав сето ова? Нема да објаснувам многу. Со една реченица сѐ ќе кажам:

Затоа што, само со вистински смирен личносен однос со Бог – однос којшто поминал низ процес на проверување и на благодатно преобразување, а не низ процес на човечко потиснување и демонска вообразба, ние можеме да го доведеме умот во состојба во која би можело да му биде дозволен молитвен влез во срцето.

Не плашете се, вака треба само теолошки точно да се изразиме, затоа што самото влегување е дар; инаку, откако ќе го доведеме умот во гореопишаната состојба, молитвениот влез во срцето сигурно ќе му биде дозволен. Дозволен? – умот на подвижникот во почетокот ќе биде просто грабнат од неизречената убавина и утеха која постојано ќе извира од неговото срце, од остварената Средба со Оној Кој прв нѐ возљуби – по која толку копнееше.

Господи, заради Богородица, прости!

- 4 февруари 2012 г. -

## Зошто неутешно и беспомошно страдаме?

Секогаш кога страдаме неутешно и беспомошно, страдаме заради една и единствена причина – останати сме без благодатта Божја, а не заради нешто друго. Се поставува клучното прашање: Зошто остануваме без благодатта Божја? Остануваме без благодат, главно, затоа што тоа што ни се случува однадвор не го примаме како дар Божји и не Му благодариме на Бог. Затоа, деца, сè што ви се случува примајте го како дар Божји и за сè благодарете Му Нему. Тоа е патот до Царството Небесно, пред сè внатре во нас. Тоа е патот до Оној Кој вистински нè љуби.

Многупати сум нагласил колку е битно нашиот духовен подвиг да се случува во познание, а не стихијно и во незнаење. На пример, замислете ги сега погубните последици од прелесната мисла дека страдаме заради нешто што ни се случува однадвор, а не заради тоа што сме отстапиле од благодатта Божја, или таа од нас. Двете различни мисли се два различни пата. Прифаќањето на едната од двете мисли е прифаќање на соодветниот пат. Немаме многу време и немаме многу прилики во овој живот, та да можеме да си дозволиме да го одбираме погрешниот пат.

Но, пред да ги разгледаме неколкуте важни места од она што го напишав во првиот пасус, да се потсетиме на еден многу важен дел од православната Христологија, кој ќе ни ја осветли целата тема за која говориме: „Човековата природа и Божјата благодат не се меѓусебно спротивставени туку, токму напротив –

човекот престанува да биде потполн човек ако го промаши своето сопствено предназначение, односно личната благодатна заедница со Бог и непрестајното растење и восовршување во неа, односно обожението. Исто така и човековата слобода и Божјата благодат не се меѓусебно спротивставени туку, токму напротив – човекот престанува да биде вистински слободен ако ја отфрли благодатната заедница со Бог. Според свети Максим Исповедник, и самото обожение на човекот, сфатено во оваа смисла, е нешто природно за човекот, зашто тоа е цел на Божјата промисла од самиот почеток. Неговото учење за спасението се темели на идејата за учествување и заедничарење, која не ја исклучува ниту благодатта ниту слободата, туку го претпоставува нивното соединување и соработка, кои, еднаш за секогаш, се повторно востановени во воплотениот Логос и Неговите две волји".

А сега, да се вратиме на нашата тема и на поважните поенти што можат да се извлечат од првиот пасус:

Прво, ако остануваме без благодат, затоа што тоа што ни се случува однадвор не го примаме како дар Божји и не Му благодариме на Бог, тогаш вината никогаш не можеме да ја бараме во некој или нешто што е надвор од нас, туку секогаш само во самите себе – заради погрешниот начин на кој функционираме. Знам дека зборовите 'никогаш' и 'секогаш' треба ретко да се користат, но во дадениов случај нивната употреба има апсолутна оправданост. Сетете се само што значеше барање на човечка а што на Божја правда и сè ќе ви биде јасно. (Се двоумам во овој момент дали уште еднаш да ја објаснам разликата помеѓу човечката и Божјата правда, и тоа ме жалости – ве молам, напишете нешто

за таа разлика, да проверам дека знаете и да се утешам.) Битно е да запамтите дека оној што ја бара човечката правда се откажува од Божјата благодат.

Второ, зошто велам: секогаш кога страдаме неутешно и беспомошно? Клучните зборови се *неутешно* и *беспомошно*. Ние во овој живот не можеме да ги одбегнеме страдањата, заради тоа што ги наследивме последиците од Адамовиот пад. Но, едно е да страдаш без утеха, а друго – со утеха; едно е да страдаш без помош, а друго е со помош; едно е да страдаш без надеж, а друго – со надеж; едно е да страдаш бесцелно, а друго – со цел; едно е да страдаш бесмислено, а друго – со смисла; едно е да страдаш непромислено, а друго – со промисла; едно е да страдаш од самољубие, а друго – од љубов и едно е да страдаш заради себе, а друго – заради Богочовекот Исус Христос.

Овде ми се отвора убав простор да ја објаснам и обратната состојба дека ако благодатта Божја е присутна во нас, тогаш што и да се случува од надвор не може да биде причина за наше неутешно и беспомошно страдање. Доказ за ова што го говорам се светите маченици, преподобните Отци и јуродивите заради Христос. Знаете сите какви маки и други страдања трпеле и колку благодатта Божја им содејствувала, та не само што и болки не чувствувале туку и многу чуда правеле, од кои најголемото – тагата заради спасението на своите непријатели. Непотребно е сега пред вас да наведувам примери од „Житијата на светите".

И уште една вистина да не заборавиме: благодатта Божја, односно несоздадената енергија (или енергии) на Света Троица или бесмртната светлина на богопознанието е лична енергија Божја. Што значи тоа? Тоа

значи дека Бог ја дава кому сака и ја одзема кому сака, непринуден од никого и од ништо – нормално, притоа промислувајќи за нашето спасение. Следствено, на Божјиот суд е дали благодатта ќе биде одземена од оној што згрешил или нема – или ќе му биде додадена; односно, дали благодатта ќе му биде дадена на оној што направил добро или нема – или дури и ќе му биде одземена. Тоа Божјо дејствување исклучиво останува акт на слободната Божја волја, а човек може да го препознава во зависност од својата просветленост. Нешто ни е и однапред откриено: *„А оној слуга кој ја знае волјата на својот господар и не се приготвил и не постапил според волјата негова, ќе биде многу биен. Кој, пак, не знаел и направил нешто достојно за казнување, ќе биде малку биен. Кому е многу дадено, многу и ќе се бара од него; и кому му е поверено повеќе, повеќе ќе се бара од него“* (Лука 12, 47-48); но ова е друга тема. Инаку, таман работа ако Бог ни воздадеше според нашите дела! Затоа треба да се врзуваме за Господ, а не за некакви правила.

Трето, ‘одењето во Црква’ (популарно кажано) не е заради нешто... туку заради Некого. Веќе имам напишано: Ние во Црквата не влегуваме заради здравје, заради успех во работата или заради власт и пари, па дури ни заради спасение, туку – заради Него. Затоа што секогаш кога во Црквата одиме заради нешто а не заради Него, и секогаш кога во Црквата бараме нешто (па макар и спасение) а не Него – ние всушност градиме со Бог наемнички а не слободен, љубовен и синовски (личносен) однос. Болеста или здравјето, успехот или неуспехот, животот или смртта – децата Божји со подеднаква благодарност ги примаат од Бог и на тој начин ја задржуваат Божјата благодат со себе, го задржуваат

своето восиновување и своето наследство.

Овде би додал само уште нешто за молитвата, во контекст на претходно наведеното: Што значи тоа за нашата молитва, дека Го бараме Него а не нешто? Се сеќавате што ви имам кажано, дека само првиот призив е молитва, а дека сите понатамошни призиви се давање – тоа е во случај кога Го бараме само Него. Во случај кога бараме нешто а не Него, тогаш молитвата се претвора во едно бесконечно и бесплодно барање – кое на крај нè заморува и го напуштаме. Он толку копнее по нашата љубов што ‘секогаш се надева’ и на првиот наш призив се појавува и општи со нас, но во случајот кога ние бараме нешто а не Него, ние не Го ни забележуваме. Што да кажам понатаму..? Да не должам, од оваа евангелска реченица сè ќе ви стане јасно: *Никој не може да Го нарече Христос Господ освен во Светиот Дух* (1. Кор. 12, 3).

Една од пројавите на погрешниот начин на кој функционираме е и кога не им простуваме на нашите ближни, вклучувајќи ги тука и ‘непријателите’. Еве што ви имам некогаш кажано:

Видете, деца, работите се многу едноставни: оној што им простува на сите што му згрешиле, па дури и на своите најцрни непријатели, има Божја благодат во себе; а оној што нема да му прости и само на еден човек, па бил тоа и најцрниот непријател, има демон во себе. Простувањето е сведоштво за присуството на благодатта Божја, а непростувањето е сведоштво за заробеноста од демонот. Истото важи и за барањето прошка. Значи, оние што се на вториот степен од духовниот развој, просветлувањето на умот, и да „сакаат“ не можат да не простат или да побараат прошка. Тоа би значело

моментално затворање на срцето за умносрдечната молитва. Оние што се наоѓаат на првиот степен, чистењето на срцето од страстите, водат борба со самите себе аскетски (да се принудат) на дело да простуваат и да бараат прошка, иако тоа не го чувствуваат.

И зборовите од Евангелието, *„ако ли не ги простите грешките на луѓето, ни вашиот Отец Небесен нема да ви ги прости вашите“* (Матеј 6, 15), не треба да се сфатат така како што буквално ги читаме, туку овие зборови значат дека ако не им ги простуваме грешките на луѓето, не дека Бог пак не ни простува (чувај, Боже, од таква хула!), туку ние самите се одделуваме од Божјата благодат и самите себе се осудуваме и се одделуваме од Бог. Ние самите на себе не си простуваме. А од вакво нешто нека нè сочува Господ.

На крај, простете ми и мене.., во Господ Исус Христос и заради Него, сè што сум ви згрешил! И знајте дека од мене секогаш ви е простено, однапред.

- 26 февруари 2012 г. -

## Ефект на скршено огледало

*Сега гледам нејасно како во огледало, а тогаш – лице во лице; сега знам нешто, а тогаш ќе знам како што сум познат.*

(1. Кор. 13, 12)

Како да го сфатиме зборот огледало во познатиов извадок од посланието на светиот апостол Павле кон Коринтјаните; и што ако е тоа скршено, односно како ќе се оствари нашето гледање и познание? Затоа што: ако во здраво огледало гледањето не е толку јасно и знаењето е ограничено, тогаш што ли би можел човек да види во скршеното огледало или во неговите откршени парчиња и какво ли знаење би можел да стекне од таквото гледање?

Пред да одговориме на нашето прво прашање, треба да се потсетиме која е главната цел на православниот духовен живот. Тоа е Богочовекот Христос – љубовната и слободна заедница со Него. Односно, наша главна цел, а затоа и наш основен проблем во овој живот, се боговидението и богопознанието, но и световидението и светопознанието; односно, човековидението и човекопознанието, а со тоа и себевидението и себепознанието. Сето тоа, пак, не бива без слободен подвиг на љубов, прво аскетска а потоа и благодатна. Знаете дека во православниот духовен живот познанието не е само некој разумски (интелектуален) процес и перцепција, туку е слободна и љубовна заедница со Света Троица.

Што мислите, деца, од предзнанието што го имаме стекнато досега, кој би бил одговорот на поставеното прашање? Токму така, огледало е и нашето срце – како наш духовен центар, огледало е и црковната Заедница во која живееме, без оглед на бројот на личностите собрани во Христос по благодатта на Светиот Дух Господ. Административно, Заедницата може да се појави како семејство, како манастир, како парохија, како епархија, како помесна Црква, како две и повеќе помесни Цркви – *„каде се двајца или тројца собрани во Мое име, таму сум и Јас посреде нив“* (Матеј 18, 20). Инаку, се говори за огледало затоа што сè уште сме во историскиот период на Икона.

Да започнеме со нашето духовно срце како огледало. Кога тоа огледало би било цело, а кога искршено на парчиња? Нели, прашањето беше што би виделе и познале во првиот случај, а што во вториот. Огледалото е цело кога сите душевни сили – пред сè умот, а потоа и волјата и желбата – би биле преобразени и насочени во еден правец: кон Богочовекот Христос; во љубов кон Бог и кон секој човек. Истово можеме да го кажеме и со други зборови: огледалото е цело кога срцето е доволно очистено од страстите и кога благодатта на светото Крштение ќе се пројави во него. Што е непосредно поврзано со ова, односно што пропуштив да кажам? Точно, и кога умот молитвено ќе се соедини со благодатта Божја – со Христос, во срцето. За таквите Господ Исус рекол: *„Блажени се чистите по срце, затоа што тие Бог ќе Го видат“* (Матеј 5, 8). Да, таквите Бог ќе Го видат, а во Него секој друг и сè друго потребно (за спасение), и во нивната вистинска Светлина.

Огледалото е скршено кога човековите душевни сили функционираат секоја за себе – независно една од друга, често раслабени и неконтролирани, согласно своите страсти и болести; кога душевните сили функционираат духовно разединети или расцепкани, односно шизофрено. Во основа на секоја духовна шизофренија е самољубието. Има многу детали во сето ова, но сега зборуваме општо. На пример, еве едно прашање за сите вас: Кои се страстите на умот, кои на волјата, а кои на желбената сила на душата? Но, да продолжиме – претходното би можеле да го кажеме и со други зборови: огледалото е скршено кога срцето не е очистено од страстите, кога благодатта Божја на Крштението не се пројавила во него и кога умот не е молитвено симнат и соединет со Бог во него; а истовремено човек (неговиот ум) е надвор од послушание. Прашањето беше: Што би можел да види и познае човек во ваква духовна состојба? Ништо – своето искривоколчено *јас*. Не дека не гледа и не знае многу нешта во овој свет интелектуално, туку затоа што сè гледа преку себе и својот интерес и затоа што Бога не Го гледа и не Го познава – а без Него и ништо и никого во нивната вечна смисла и вредност и значење. Тоа би бил ефектот на скршено огледало внатре во човекот.

Како функционира човекот повреден од ефектот на скршено огледало? Наједноставно речено, тој гледа само еден дел од целото и само тој дел го препознава и го прогласува за цело. Дали тој откршен дел ќе биде некоја страст, или некоја идеја, или некој интерес, или дури и некоја заедница – болно поврзани со неговото *јас* (его), тоа е помалку важно. За него е карактеристично дека тој откршен дел од целото, за него (за неговиот затемнет ум) станува цело и станува сè, а тој станува

неспособен да го препознае Целото – станува неспособен да ги препознае посебностите, вредностите и даровите (или плодовите – се сеќавате на претходниот мој текст) во одделните делови на Целото; станува неспособен да се изградува себеси во што може посовршена личност и да ја гради Заедницата; станува неспособен да љуби. Ваквата состојба и ваквото однесување се основата за секоја ерес и за секој раскол – а и за нивно одржување, прво на лично, па така потоа и на соборно ниво во Црквата.

Да видиме сега што значи и црковната Заедница како огледало во кое можеме да се видиме – каде сме. Се сеќавате што ви имам кажано: наша задача е само да ја зачуваме нашата Заедница, а сè друго однапред ни е дадено со Христовата победа над гревот, ѓаволот и смртта. Заедницата не треба да се нарушува заради дребности. Почитувањето на хиерархијата е многу важно во моментите на колебање на Заедницата. Товарот на одржувањето на Заедницата секако ќе падне на сите, но најповеќе на духовните (силните) – на водачите. Но, Заедницата не треба да се одржува како било, туку барем како мал континуиран аскетско-исихастички подвиг во Христос, во единство на верата и во единство на Светиот Дух. На тој начин, секој од нас во таа Заедница може да го достигне своето лично совршенство (личност) согласно даровите и талентите што ги добил, од една страна, а од друга страна, ќе си помогнеме меѓусебно (соборно) во духовното растење во Богочовекот Христос. Заедницата ќе нè изгради. Истовремено луѓето ќе нè препознаат дека сме Христови ученици: *„По тоа ќе ве познаат сите дека сте Мои ученици, ако имате љубов помеѓу себе!“* (Јован 13, 35). Односно, ние реално ќе Го

сведочиме Христос во овој свет.

Затоа, наше е само да ја зачуваме Заедницата во Христос, а сѐ друго ќе ни се додаде и оствари, и на личен и на црковен план. Затоа што Заедницата е Целина. Затоа што Заедницата е Живот. Затоа што Заедницата е Совршенство. Затоа што Заедницата е Вистина. Затоа што Заедницата е Љубов. Затоа што Заедницата е Слобода. Затоа што Заедницата е Царството на Света Троица. Без таа Заедница сме ништо, колку и да се совршени нашите индивидуални човечки капацитети. Зошто инсистирам на Заедницата? Затоа што ние постоиме соборно. Што би рекол нашиот преподобен авва Јустин (парафразирам): секој, во Црквата на Светиот Дух, молитвено и благодатно се спасува и се восовршува преку сите и со сите, и сите се спасуваат и се восовршуваат преку секого и со секого. Затоа што секој, по благодатта на Светиот Дух, живее во сите и сите живеат во секого. Друг начин на постоење за нас христијаните е невозможен, и незамислив.

Да не говорам многу за Заедницата, сакам само на следново да ве потсетам, што го имам веќе кажано и што е многу важно: секој напад на нас од страна на друг човек треба да го доживееме како едно егзистенцијално прашање – *ме љубиш ли?*. Зошто егзистенцијално? Затоа што од одговорот на тоа прашање зависи и нашето спасение и спасението на нашиот ближен (или непријател – исто е). Нашиот одговор на непријателството без причина е најсигурниот показател којшто најточно ни ја покажува нашата духовна состојба.

Заедницата функционира правилно или неправилно во зависност од самите нејзини членови, а особено од тоа кој ја води. Интересно прашање е: Кои би

биле знаците дека една заедница функционира согласно ефектот на скршено огледало? Е, ова е многу сложено прашање и неговиот одговор зависи од многу чинители. Јас ќе ви дадам само еден општ пример: заедница која не функционира правилно односно функционира согласно ефектот на скршено огледало е таа која не ги препознава своите (со кои Христос се поистовети – види Матеј 25, 35-45) и не ги прима, слично (исто) на она што Му се случи на Богочовекот Христос: *Во светот беше и светот преку Него стана, но светот не Го позна. Дојде кај Своите и Своите не Го примија* (Јован 1, 10). Таквата заедница се замислува посебна од другите, подобра од другите, господарка на другите; од друга страна, таа може да биде исклучива за другите, затворена во себе и исплашена од другите; таа ги држи своите членови со страв или интерес и ги изолира од она што го смета за конкуренција; таа не простува, не помага, злопамти, завидува, озборува и осудува, таа не прима ни најмала критика; таквата заедница не Го сведочи Бог и го подготвува својот распад, итн., итн.

Ме интересира вашето мислење, вие дајте ми пример на некои од видовите на заедници (семејство, парохија, итн.) што функционираат согласно ефектот на скршено огледало, ама од лично искуство, како и ваш предлог за надминување на проблемите. На пример, јас кога пишувам на ваква тема, прво помислувам на заедницата на некои епископи на СПЦ и нивниот однос кон нас, без да заборавам да Му благодарам на Бог за сè и без да заборавам дека јас сум виновен за сè. Но, вие кога ќе пишувате, нормално, без именување и не на таа тема, а секој од нас што има малку совест и памет самиот во некои од примерите ќе може да најде некоја

сличност со неговиот случај и ќе се исправи. Оној што нема – нема.

Ова го напишав согласно учителската должност што ја имам во Црквата, како повод за нов почеток на покајание за сите нас (нормално, најмногу за мене) пред светата Четириесетница, како огледало во кое секој може да се види себеси – макар и не толку јасно. Ако некогаш некому нешто сум згрешил, го молам за прошка. Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина, помогни ни да прогледаме и да спознаеме во светлината на Света Троица! Амин.

- 26 февруари 2012 г. -

## Та на секој можен начин да спасам некого

Нем останува човек пред светоста на личноста и пред недомисливите димензии на подвигот на Христовиот апостол Павле. Видете ја само неговата слобода со која еднаш за секогаш ја запечатува превосходноста на харизмата во однос на институцијата, на плодовите од Духот во однос на овоземната административна организираност на Црквата: *А кога Бог, Којшто ме избра од утробата на мојата мајка и ме призва преку Својата благодат, благоволи во мене да Го открие Својот Син, за да благовестувам за Него меѓу иноверците – веднаш не го прашав ни телото, ниту крвта, ниту пак, отидов во Ерусалим кај оние што станаа апостоли пред мене, туку заминав за Арабија и пак се вратив во Дамаск* (Гал. 1, 15-17).

Но, превосходноста на харизмата во однос на институцијата не значи и превидување на црковната потреба од административна организираност и од почитување на хиерархијата, редот и поредокот во овој свет и век – особено на тие кои почиваат на литургиската хиерархија, ред и поредок и се нивно продолжение: *А на три години потоа отидов во Ерусалим за да се видам со Петар и останав кај него петнаесет дена. Други пак, од апостолите не видов освен Јаков, братот Господов* (Гал. 1, 18-19). Во историскиот период на Икона многу треба да внимаваме и на институционалната организираност на Црквата – да функционира нормално и ефикасно и да не излегува од рамките што ѝ се дадени во нејзините литургиски основи, а вистинската вредност и значење

на харизмата јавно ќе дојдат до израз дури во Царството Небесно, во вечноста на Вистината.

Но, неговата слобода и сила во апостолското делување не се заснова на вообразба на духовни состојби и на имитација на духовен живот, туку на реален и обожен личен подвиг: *Знам еден човек во Христос, кој пред четиринаесет години – со тело ли, не знам; без тело ли, не знам; Бог знае – беше грабнат и однесен до третото небо. И знам дека тој човек – со тело ли, или без тело, не знам; Бог знае – беше грабнат и однесен во рајот и дека чул неискажливи зборови, коишто човек не може да ги искаже. Со таков човек ќе се пофалам; но со себеси нема да се пофалам, освен со моите слабости* (2. Кор. 12, 2-5). Значи не само што видел туку и чул. Ова „чул“ е опис на личен однос, на гледање лице во лице – духовна состојба на обожение која се проповеда меѓу совршените (види 1. Кор. 2, 6-8).

И после сета божествена слава со која од Бог е украсен Апостолот, гледајте сега што значи вистински следбеник и пратеник на Оној Кој, крајно снисходејќи, се воплоти и стана човек и Кој, послушен на Својот Небесен Отец а заради нас и наше спасение, пострада до смрт – смрт на Крст: *Зашто, иако слободен од сите, станав роб на сите, та повеќето од нив да ги придобијам; на Јудејците им бев како Јудеец, за да ги придобијам Јудејците; за оние што се под Закон, станав како да сум под Закон, за да ги придобијам и нив; за оние што се без закон, станав како да сум без закон, иако пред Бог не сум без Закон, туку сум под Законот на Христос, за да ги придобијам и оние што се без закон. За слабите станав како слаб, за да ги придобијам слабите. За сите станав сè, та по каков и да било начин да спасам некого. А ова*

*го правам поради Евангелието, за да бидам учесник во Него* (1. Кор. 9, 19-23). Претходниот пасус е најсилното сведоштво за неодминливоста на личносниот пристап при сведоштвото на новозаветната благовест меѓу луѓето, кој му дава сила на оној што љуби смирено да снисходи до поистоветување со љубениот.

Тајната, пак, на личносниот пристап во неговата мисија е божествената љубов, која секој свој ближен смирено го става повисоко од себе и му служи во Домостројот на спасението без оглед на тоа како ќе изгледа тоа во очите на светот, а која светиот Апостол просто ја опева со следните зборови: *Мислам дека нас, апостолите, Бог нè постави најпоследни, како осудени на смрт, бидејќи станавме глетка за светот – на ангелите и на луѓето. Ние сме безумни заради Христос, а вие сте мудри во Христос; ние сме немоќни, а вие сте силни; вие сте славни, а ние бесчесни. До овој час ние и гладуваме и жедуваме, и необлечени одиме, се мачиме и скитаме по светов, но се трудиме, работејќи со своите раце. Кога нè укоруваат, ние благословуваме, а кога нè гонат – трпиме; кога хулат на нас, ние се утешуваме. Станавме како сметиште на овој свет, како отпад на сите луѓе* (1. Кор. 4, 9-13).

Зошто го пишувам сето ова? Гледам некои епископи на Православната Црква (особено, пак, некои новоракоположени), одредени црковни состојби се обидуваат да ги решат од позиција на власт и во краток временски интервал – со просто издавање на наредби (иако понекогаш се обидуваат и логички да ги објаснат и оправдаат), со закани, со казни, со уцени, со психолошка војна и со што ли не, спротивно од начинот на кој Богочовекот Христос, светите апостоли (светиот

апостол Павле) и светите Отци ги решавале црковните проблеми. А со таквиот начин само создаваат поголем отпор и ја оневозможуваат црковната мисија, на штета на единството на целата Црква.

Сакам да ги посоветувам таквите и да се потсетам самиот себе: браќа, нашите духовни чеда (ниту кој било друг) нема да примат од нас ништо ако претходно не оствариме личен однос со нив, со други зборови, ако не видат дека преку нашите совети се исцелуваат и ги преобразуваат своите страсти, а за тоа треба време. При тоа, сè што сакаме да промениме кај нив, ќе промениме пред сè со личен пример и со молитва од длабочината на нашето срце (затоа што, секоја побожна цел пред сè тука се остварува), а не толку со рационална и насилна проповед. И на крај, немојте да очекувате дека преку ноќ ќе се случат чуда од нашиот труд. Ние сега, главно, го сееме семето (имајќи го предвид историскиот период кој претходеше), а многу малку жнееме. Вистинскиот плод ќе се појави дури после нашата смрт – под услов таа да биде на кој било начин маченичка во очите Божји, односно, ние да сме пострадале заради сведоштвото и спасението на посветениот ни народ Божји. Плодот ќе го жнеат други (види Јован 4, 37) – нашите ученици, кои само на претходно опишаниот начин и ќе ги создадеме.

Еве уште еден непрелестен патоказ и потврда од Апостолот за она што претходно го напишав, оставени за сведоштво на сите нас: *Вие сте нашето писмо, напишано во нашите срца, кое го познаваат и читаат сите луѓе; вие се јавувате како Христово писмо, составено преку нашата служба, напишано не со мастило, туку со Духот на живиот Бог, не на камени плочки, туку врз телесни плочки на срцето* (2. Кор. 3, 2-3). Мислите дека

е ова само поетска метафора во апостолскиот израз? Не! Само она што ќе можеме со Духот на живиот Бог да го напишеме на телесните плочки на нашето срце, само тоа ќе можеме да го напишеме и на плочките од срцата на поверениот ни народ Божји. Тоа не е само поезија, тоа е исихастичко-евхаристиски опит и реалност.

Значи, да повторам, Богочовекот Христос сѐ направи 'од внатре', притоа бескрајно многу страдајќи. Како што некој рекол приближно вака: Богочовекот Христос го спасува човекот не преку издавање наредби од небото и преку демонстрација на сила, како наш господар и судија, туку напротив, Христос ни се објави Себеси преку љубовно поистоветување, преземајќи ја ипостасно нашата падната човечка состојба (освен гревот), правејќи ја Своја сопствена, и низ страдање на Крст ги совлада ѓаволот, гревот и смртта. На истиот начин постапуваат и сите коишто се Негови – преку љубовно поистоветување (станувајќи им на сите сѐ), страдајќи, ги спасуваат своите ближни.

А друг некој рекол: паганските религии раскажуваат за тоа какви жртви човек треба да им принесува на боговите (демоните). Евангелието Христово раскажува за тоа каква жртва Бог им принесе на луѓето. А јас ќе речам: Житијата на светите раскажуваат за тоа каква жртва епископите му принесувале на доверениот им народ Божји.

Сега сами можете да ја забележите огромната разлика помеѓу пастирскиот идеал опишан погоре и неодговорните (најблаго речено) и непастирски изјави што понекогаш ги слушаме, дека црковниот раскол во Република Македонија е надминат преку остварување на црковното единство од страна на едвај неколку десетина

души со Српската Православна Црква. За езуитскиот начин (‘целта ги оправдува средствата’) и за демонската злорадост и самодоволност кај некои од протагонистите (неуспешни спин мајстори) во случајов, воопшто и да не зборуваме. Ќе го додадам само уште ова: браќа, ние епископите го држиме клучот од вратите на Царството Небесно и должни сме што повеќе луѓе да поминеме низ тие врати – најпрво оние кои силно го сакаат тоа. Ние имаме власт тие врати и да ги затвориме, но само за непријателите на Црквата, а не за оние кои сакаат да влезат. Ако се обидеме да ги затвориме за оние што сакаат да влезат, ќе си ги затвориме за самите себе. Кој не верува, а постапува така, нека провери во своето срце.

И да не должам: кој има уши да чуе, нека чуе. Ќе го завршам пишувањево со зборовите на светиот апостол Павле: *Зашто, ако имате и на десетина илјади наставници во Христос Исус, многу татковци немате, бидејќи јас ве родив во Исус Христос преку Евангелието. Затоа, ве молам, подражавајте ме мене, како што јас – Христос* (1. Кор. 4, 15-16).

Оваа беседа ја посветувам на мене многу мил светител, на светиот Отец наш Григориј Палама, Архиепископот Солунски – верен следбеник на светиот апостол Павле (на неговото дело) во Македонија – и на аскетско-исихастички и на апостолски план, чијшто спомен го чествуваме во втората недела од Великиот Пост.

- 11 март 2012 г. -

## Фанатизам, и толку

*„Јас дојдов да фрлам оган на земјата, и колку би сакал да се беше веќе разгорел“.*
(Лука 12, 49)

Го слушнавме сите овој дел на крајот од денешното евангелско четиво: *И кога влезе Исус во една куќа, учениците Негови Го прашаа насамо: „Зошто ние не можевме да го истераме* (бесот)*?“ Им одговори: „Тој род со ништо не може да се истера, освен со молитва и пост“* (Марко 9, 28-29).

Мене ме заинтересира само последната реченица, *„Тој род со ништо не може да се истера, освен со молитва и пост“*, особено во врска со последната реченица од едно друго место во Светото Евангелие кое во целина гласи: *Се вратија, пак, седумдесеттемина со радост и велеа: „Господи, во Твое име и бесовите ни се покоруваат“. А Он им рече: „Го видов сатаната дека падна од небото како молња! Еве, ви давам власт да настапувате на змии и на шкорпии, и на секаква непријателска сила; и ништо нема да ве повреди; но не радувајте се на тоа дека духовите ви се покоруваат, а радувајте се што се имињата ваши напишани на Небесата“* (Лука 10, 17-20).

Додека апостолите во првиот и во вториот случај покажуваат одредена збунетост – загриженост односно радост, ме воодушевува Христовата безгрижност во однос на проблемот – немоќ и моќ за истерување на бесови (демони) од една страна, а од друга страна, Неговата

грижа за правилен духовен развој на Неговите ученици. Затоа што во првиот случај апостолите добија поука: *„Тој род со ништо не може да се истера, освен со молитва и пост“*, а во вториот – опомена: *„...но не радувајте се на тоа дека духовите ви се покоруваат, а радувајте се што се имињата ваши напишани на Небесата“*.

Кога ќе ви објаснам што значи реченото *„...не радувајте се на тоа дека духовите ви се покоруваат, а радувајте се што се имињата ваши напишани на Небесата“*, и сами ќе заклучите дека е тоа една многу јасна опомена за сите оние што сакаат да се наречат Христови ученици и апостоли и да станат чеда Божји по благодат. Значи, со она што им го кажал, Христос како да им вели: „Не радувајте се на новостекнатата слава како и власт над демоните, односно не радувајте се на Моите дарови, туку радувајте се на Мене, радувајте се на заедницата со Мене и радувајте се што Мојот Небесен Отец ве направи чеда Свои по благодат, а Мои браќа (и сестри). Зашто, и сите дарови на овој свет да ги имате, Мене ако Ме немате, ништо немате и ништо не сте“.

Добивањето на некои од даровите Божји, без разлика дали небесни или земни, децата Божји го оставаат на Неговата света промисла за нивно спасение; и толку. Ставот на децата Божји кон нивниот Небесен Отец е став на благодарност, на давање и на себепринесување, без оглед на последиците и без притоа да очекуваат нешто за возврат. Иако, љубовта ни открива дека тие, барајќи Го само Него, уште во овој живот ќе ја доживеат тајната на она: *„сѐ Мое е твое...“* (Лука 15, 31).

Да заклучиме, ние христијаните не сме живи членови на Црквата заради здравје, заради успех во работата, заради власт и пари, или заради некаква

црковна позиција и чест – времена или вечна, па дури ни заради спасение – туку заради Него и единствено заради Него и Неговата љубов. Наведената вистина во претходната реченица е основа на православниот фанатизам – без оглед на тоа дали тој се пројавува во аскетско-исихастичкиот подвиг, во маченичкиот подвиг или во некој друг. Важно е дека без тој фанатизам нема светителство во Црквата.

Постои теолошки термин поприемчив од зборот фанатизам и без неговите негативни конотации, а тоа е терминот ревност, кој е добро познат во Црквата, но намерно го користам терминот фанатизам, да не објаснувам зошто. Значи, да не се разбереме погрешно: православниот фанатизам не може да биде фанатизам за чинење на зло, инаку не би можел да се нарече православен. Во Православната Црква целта не ги оправдува средствата. И целта и начинот на остварување треба да бидат добро, во Светиот Дух. Се сеќавате на минатата беседа, кога реков дека средството за остварување на целта за спасението на секој човек е благодатното лично љубовно поистоветување, а не присилување од кој било вид. Православниот фанатизам е фанатизам за чинење на добро што вклучува во себе и фанатизам за неодрекување од доброто – од единствениот вистински Бог, Света Троица, односно од верата во Него, без оглед на последиците што од тоа ќе следуваат.

Кога говориме за фанатизмот, отсекогаш ме воодушевувал примерот на светиот архангел Михаил. Некогаш, во кризниот момент на општото отпаѓање на ангелите, излажани од дотогаш најсветлиот и најблискиот ангел до Бог – Еосфорос (сега паднатиот и мрачен сатана), тој обичен и непознат но верен и послушен

ангел Михаил, застанал храбро на средината од Небото и рекол: „Да застанеме добро, да стоиме со страв!“ – повикувајќи ги на тој начин останатите ангели да останат со доверба, љубов и послушание во воспоставениот ред и поредок од Бог, да останат во заедница со својот Создател.

Обичниот ангел Михаил со оваа постапка немал идеја да стане главен ангел и немал идеја да стане послaвен од сите ангели – чувај, Боже, од таква хула и срамна помисла! – тој имал желба ако треба и да се жртвува за Бог: од љубов кон Него, а само заради исполнувањето на Неговата волја и на Неговата слава; и толку. Но, заради верноста и љубовта што ги пројавил, во само еден момент, од Бог му била дадена најголемата величина што ангелскиот свет можел да ја има – станал архангел, началник и предводник на сите ангели. Еосфорос, дотогаш најсветлиот ангел, избледел пред светлината со која тогаш проблеснал свети архангел Михаил, а сите ангелски чинови и целата ангелска војска виделе друга светлина, друг ориентир, кого требале да го следат.

Мислите ли дека на Михаил и сега му е важно тоа дали е обичен ангел или архангел? Не, тој само верно Му служи на својот Бог, не обрнувајќи внимание на тоа во каков чин, и тоа му е единствено важно; и толку. А за тоа треба фанатизам: Му служиш на својот Бог без разлика какви последици ќе имаш од тоа или каква слава ќе имаш од тоа.

Заради таа едноставна вера и доверба во Бог, и послушание и служење, обични и непознати луѓе се стекнаа со вечна слава: станаа апостоли, станаа маченици, станаа преподобни, станаа јуродиви, станаа учители на Црквата и станаа деца Божји по благодат.

Но, битно е дека тие тоа не го бараа, им беше доволно и им беше голема чест само тоа: да Му служат на единствениот вистински Бог – Отецот и Синот и Светиот Дух. И да не заборавиме: без разлика какви последици ќе трпат од тоа.

Се сеќавам на времето, негде пред триесет години, кога многу малку книги од областа на православната духовност ни беа достапни. Една од ретките – Му благодарам многу на Бог – беше „Лествица“ од свети Јован Лествичник. Токму со тој дух на аскетско-исихастички фанатизам се напојувавме, црпејќи од длабочините на мудроста содржани во таа книга. Дури ни делот „Затвор“ не ни изгледаше толку страшен – мислевме: ако веќе се мора... Ќе се задржам малку само на делот за туѓинувањето, во споредба со она што денес се случува во повеќето манастирски заедници.

Ако монахот не го сфати и живее туѓинувањето како екстремно одрекување од овој свет, така како што го опишал и свети Јован Лествичник, тогаш напразно седи во манастирот – во смисла ако сака да го достигне она што значи монашки идеал, односно непрестајна умно-срдечна молитва и гледање на несоздадената светлина. Ако монахот не умре за овој свет, нема ни да воскресне. Ова во суштина е така и тука нема никаква симбиоза помеѓу двете крајности, никаков компромис, никаков договор, никаков рационализам и никакво оправдување за евентуално релативизирање на спротивностите: или едното или другото. И за ова треба фанатизам; и толку. Денес има многу книги и многу учители и духовници, а малку аскетско-исихастички фанатизам и малку плодови на Светиот Дух.

Ајде сега уште еднаш да ги погледнеме спомнатите и споредуваните, на почетокот од оваа беседа, две евангелски реченици, во светлината на она што погоре го рековме за православниот фанатизам: *„Тој род со ништо не може да се истера, освен со молитва и пост“*. Да, со молитва и пост – толку едноставно звучи, но тие претходно мора да се засновани на фанатичен подвиг на молитва и пост што преобразуваат, за да бидат во сила. И: *„...не радувајте се на тоа дека духовите ви се покоруваат“*. Да, затоа што вие само фанатично Му служите на својот Отец Небесен и ништо друго, а вашата радост произлегува од вашето восиновување, од фактот дека сте Негови чеда, а не од власта за некакво си изгонување на некакви си мизерни бесови; и толку.

И да не заборавиме на восогласувањето на нашиот подвиг со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме: фанатизмот на првиот степен од духовниот раст (очистување на срцето од страстите) се пројавува во целосрдечното послушание кон духовниот отец (а не, на пример, во толкување на канони или во решавање на разни црковни состојби); фанатизмот на вториот степен од духовниот раст (просветлување на умот) се пројавува во подвигот на умносрдечната молитва и во љубовта кон непријателите; и фанатизмот на третиот степен (обожение) се пројавува во... Пројава на фанатизам во подвиг несоодветен со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме е најдобра основа за душевно пореметување.

Единствена нормална пројава на фанатизам за секој од степените е неодрекување од единствениот вистински Бог, Света Троица, и православната вера во Него, на дело – во Црквата, Телото на Богочовекот

Исус Христос. На првиот степен – тоа е фанатизам кој произлегува од нашата вера, а на вториот степен – тоа е фанатизам кој произлегува од опит на познание на Бог.

И уште нешто. Погоре спомнав дека нема светителство во Црквата без фанатизам, едноставно затоа што нема подвиг без фанатизам. Оној дел од нашиот подвиг што е аскетски, секогаш бара од нас да се самопринудуваме на нешто што во тој момент не нѐ привлекува, што ни е тешко, што не го чувствуваме, што не го познаваме, дури и што не го сакаме итн., а за тоа ни треба фанатизам.

Ангелите се светлина (пример) за монасите; монасите се светлина (пример) за луѓето. Беседата е посветена на свети Јован Лествичник и на свети Симеон Нов Богослов – светлината за сите верни, и на свети архангел Михаил – нашата светлина.

- 25 март 2012 г. -

# Содржина

Академик Катица Ќулавкова
Од збор кон дело: Словото како чин на збиднување и на облагородување I-XXIII

За човечкото слово 27

Претпасхални размислувања 33

Не плашете се од страдањата 38

Сѐ ни е дадено 41

Ако не се родите одозгора... 44

Hic et nunc 48

Ако не ги допрам... 53

Последици од животот таму и некогаш 58

Нуспродукти од живеењето таму и некогаш 64

Како се случува? 69

Затоа Ме љуби Отецот 73

За македонскиот идентитет 78

Проблемот на современото монаштво 88

Енергетска самостојност? 93

Успение на Пресвета Богородица 98

Учителка 100

Крстовден 104

За мудрите и неразумните девојки 107

Облекување во монашка облека 110

Покров 111

Два модела на живот 113

Плачот на душата 116

Конкретно проверливо 118

Знаци на напредок? 121

Три ориентири 127

Главен ориентир 130

Витлеемски домови 134

Едно многу лично прашање 138

Плодоносна девственост 142

Богојавление, во меѓуцрковните односи 147

Грабнување или вообразба 154

Зошто неутешно и беспомошно страдаме? 162

Ефект на скршено огледало 168

Та на секој можен начин да спасам некого 175

Фанатизам, и толку 181

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

252:281.963

НАУМ, митрополит струмички
Плодоносна девственост /
Митрополит Струмички Наум.
- Велјуса : Манастир Воведение на
Пресвета Богородица Елеуса, 2012.
- XXIII, 200 стр. ; 21 см. - (Библиотека Воведение)

Фусноти кон предговорот.
- Од збор кон дело: Словото како чин
на збиднување и на облагородување : предговор кон
книгата „Плодоносна девственост“ на Митрополитот
струмички Наум / Академик Катица Ќулавкова:
стр. I-XXIII

ISBN 978 - 9989 - 893 -18 -6

а) Проповеди - Македонска православна црква

COBISS.MK-ID 90962186

**Печати:**
„Европа 92“ - Кочани